Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Филозофски факултет
Институт за безбедност, одбрана и мир
Постдипломски-магистерски студии од областа на безбедноста

# РАЗВОЈОТ И ПРОМЕНИТЕ НА ВОЕНИТЕ СТРАТЕГИИ НА НАТО ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

- МАГИСТЕРСКИ ТРУД -

Ментор:
Проф. Д-р Ванчо Кенков

Изработил:
Тони Наумовски

Скопје, 2011 година

*На:*

*Сопругата Андромахи и синот Давид,*

*Со љубов*

# Содржина

**ВОВЕД** **5**

**I Глава**

**НАТО – историски осврт** **12**

1. Формирањето на НАТО 12
   1.1. Северноатлантскиот договор 15
2. Развојот на воените стратегии на НАТО до завршувањето на студената војна и распадот на реалсоцијализмот 17
   2.1. Стратегиски основи и цели на НАТО за време на студената војна 19

**II Глава**

**УЛОГАТА НА НАТО ВО НОВАТА БЕЗБЕДНОСНА СРЕДИНА** **21**

1. Дефинирање на новата безбедносна средина 21
2. НАТО и новата безбедносна средина 24
3. Како функционира Алијансата 26
   3.1. Политика на дејствување на НАТО 27
   3.2. Најважни институции за креирање на политиката и донесување на одлуки во НАТО 29
   3.3. Воена структура и сили на НАТО 31

**III Глава**

**ВОЕНИТЕ СТРАТЕГИИ НА НАТО ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА** 35

1. Стратегија 35
   1.1. Поим и еволуција на стратегијата и стратегиското мислење 35
   1.2. Стратегијата и новото време 39
2. Новиот Стратегиски концепт на НАТО 41
   2.1. Римскиот самит, ноември 1991 42
      2.1.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Рим 42
   2.2. Трансформацијата на НАТО согласно усвоениот Стратегискиот концепт од самитот во Рим 58
      2.2.1. Одлуките од Брисел 59
      2.2.2. Одлуките од Мадрид 60
   2.3. Вашингтонскиот самит, април 1999 61
      2.3.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Вашингтон 62
   2.4. Организациски промени и јакнење на капацитетите на НАТО после нападите од 11-ти Септември 84
      2.4.1. Одлуките од Прага 85
      2.4.2. Одлуките од Истанбул 86
      2.4.3. Јакнење на трансатлантската врска, Состанокот во Брисел 88
      2.4.4. Рига, Потврдување на одлуките од Прага и Истанбул 89
      2.4.5. Букурешт, Неуспехот на проширувањето 91
      2.4.6. Стразбур/Келн, Декларација за безбедноста на Алијансата 92

2.5. Лисабонскиот самит, ноември 2010 94
2.5.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Лисабон 95
2.5.2. На повидок нова поделба на улогите 105
2.5.3. Концептот на паметна одбрана на НАТО (Smart Defence) 107
2.6. Сили кои и се потребни на Алијансата 111

**IV Глава**
**ИДНИНАТА НА АЛИЈАНСАТА 116**
1. Идните безбедносни предизвици и НАТО 116
2. Процесот на проширување на Алијансата 118
3. НАТО и процесот на соработка и партнерство 122

**ЗАКЛУЧОК 125**

**БИБЛИОГРАФИЈА 131**

# ВОВЕД

Напишаното во воените стратегии го прикажува гледањето на движењата и процесите во светот и истите ја легализираат употребата на воената моќ и сила во меѓународните односи, многу често предизвикувајќи и војни. Иако сме сведоци на постојаното промовирање на мирот, наспроти тоа, улогата на воената моќ и сила и понатаму останува главна грижа на секојдневието. Таа се наметна како предоминантна грижа, за која се дискутира во секоја научна пригода поврзана со парадигмата на безбедноста и е составен дел на воените стратегии на секоја држава. Имено, многу научни истражувачи од областа на безбедноста велат дека воената стратегија се фокусира на воената моќ и сила и истата е преокупирана со насилство и војни, игнорирајќи го покооперативниот мирен аспект на светската политика.[1] Стратегијата останува да биде значајна област за понатамошните научни проучувања од областа на безбедноста и таа несомнено и понатаму е нераздвоен дел на безбедносните студии. Проблемот на истражување, во овој труд, ќе биде насочен кон воените стратегии на воено-политичкиот сојуз НАТО[2]. Во обидот да ги истражуваме воените стратегии на НАТО, ќе пристапиме од неколку аспекти: улогата на Алијансата во новото безбедносно опкружување, процесот на трансформација на Алијансата согласно промените кои настанаа после завршувањето на студената војна, организациските промени на НАТО после нападите од 11-ти Септември, како и процесот на соработка и партнерство и идните безбедносни предизвици на Алијансата. Од проблемот на истражување поконкретно произлегува предметот на истражување, а се однесува на развојот и промените на воените стратегии на НАТО после завршувањето на студената војна. Во рамките на предметот како сегменти на истражувањето, односно делови кои треба да го олеснат истражувањето, ќе бидат опфатени следните структурни елементи: новоизменетото безбедносно опкружување кое е од огромна важност

[1] Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 9.

[2] НАТО кој беше формиран со потпишувањето на Вашингтонскиот договор во 1949 година е кратенка од North Atlantic Treaty Organization или во превод Организација на Северноатлантскиот договор. Покрај горенаведените називи на организацијата се користат и називите: Северозападна воена алијанса, Северноатлантски сојуз, Северноатлантска алијанса или Западна алијанса или само Алијанса. Некои од наведените називи на организацијата ќе се користат во рамките на овој труд.

за одбранбено-заштитното организирање на НАТО, односно креирање на стратегија за примена на воените средства за постигнување на посакуваните цели; теориите и сфаќањата за воените стратегии во историјата на општеството и денес, како и поимно определување на стратегијата; промените во воените стратегии на НАТО кои настанаа заради промената во структурата на светското општество со паѓањето на Берлинскиот ѕид, распадот на Варшавскиот договор и распадот на СССР, предизвикувајќи големи промени, посебно на подрачјето на Источна Европа; развојот на воените стратегии на НАТО наспроти основните спротивности во светот на почетокот на 21–от век кои продуцираа причини за конфликти, судири и војни, а пред сѐ по настаните од 11-ти Септември 2001 година, со што тероризмот влезе на голема врата во секојдневниот живот на човековото општество; идните безбедносни предизвици и процесот на соработка и партнерство.

Развојот и промените на воените стратегии е цикличен и претставува рефлексија на временскиот период во кој тие се развивале. Кога станува збор за воените стратегии на воено-политичкиот сојуз НАТО, треба да се спомене фактот дека ниту една држава, односно организација, не е имуна на промените кои настануваат во безбедносното опкружување. Во текот на првите четириесет години од своето постоење, НАТО се соочи со серија на реформи и реорганизација, сѐ со цел да одговори на безбедносните предизвици за време на студената војна и да обезбеди сигурност на своите земји членки. Но, многу повеќе промени за многу краток период се случија во НАТО по завршувањето на студената војна, како резултат на многубројните промени кои настанаа во безбедносната средина. Со рушењето на Берлинскиот ѕид, распаѓањето на Советскиот сојуз и исчезнувањето на пандант на НАТО, Варшавскиот договор, спонтано отпочнува и дебатата околу оправданоста на натамошното постоење на единствениот воено-политички сојуз НАТО. Дебатата околу натамошното постоење на НАТО, по студената војна згасна пред истата да се развие и покрај предвидувањата на одредени аналитичари дека Алијансата ќе ја загуби својата „raison d'etre". Наспроти нив, за другите преовладуваше мислењето дека нејзиното натамошно постоење се оправдува со победата во студената војна.[3] Имено, во долгогодишната студена војна во која трката во вооружување и стратегиите на заплашување и одвраќање беа главна симболика, победник беше НАТО кој требаше да ги собере „плодовите" на долгогодишниот натпревар помеѓу двата спротивставени воено-политички блокови.

Земјите членки на НАТО предводени од САД на прагот на 21-от век најавија широки внатрешни и надворешни реформи на Алијансата, бидејќи сите го

[3] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк- Интернационал, Скопје,2005, стр. 7.

делеа мислењето дека институцијата создадена во 1949 година не можеше повеќе да функционира на ист начин и она што се создаваше четириесет години требаше да се трансформира согласно новонастанатата состојба во меѓународните односи. Министрите за одбрана на состанокот на Комитетот за планирање на одбраната, одржан од 22-ти до 23-ти Мај 1990 година, ги процениja импликациите врз безбедносната политика на НАТО што произлегоа од промените во Европа, согласно што иницираа ревизија на воената стратегија на НАТО.

Со завршетокот на студената војна, Алијансата ја забрза сопствената еволуција што се материјализираше преку донесување на новиот Стратегиски концепт на Алијансата.[4] Со тоа, се означи почетокот на промените во Алијансата, односно промени на воената стратегија, за истата да може да одговори со успех на современите закани. Со новиот Стратегиски концепт на Алијансата, доктрината на масовниот одговор е заменета со доктрината на градуелниот одговор недоградена со соработката со поранешните непријатели.[5] Значаен тест за НАТО, како од функционален така и од доктринарен аспект, претставуваше кризата во поранешна Југославија, распаѓањето на Советскиот сојуз, настаните околу Медитеранот и Блискиот Исток, со што Алијансата активно беше вклучена во процесот на управување со кризите. Следна значајна промена на воената стратегија на НАТО се случи на самитот на Северноатлантскиот совет во Вашингтон[6] кога беше објавена Вашингтонската декларација и одобрен новиот надграден Стратегиски концепт на НАТО како неопходен услов за подготовка на НАТО со предизвиците на 21-от век.

Нова ера во однесувањето на НАТО предизвикаа настаните од 11-ти Септември 2001 година, кога беа извршени терористичките напади врз Њујорк и Вашингтон. Повеќе не се поставуваше прашањето за натамошното опстојување и улогата на НАТО и во преден план беше борбата против тероризмот, како и прашањата околу не-пролиферација на оружјето за масовно уништување, организираниот криминал, односите на НАТО со ЕУ, односите на НАТО со партнерите и т.н.

Понекогаш големината и брзината на промените во кусите временски интервали не оставаат доволно време да се консумира нивната динамика.[7] Малкумина аналитичари можеа да предвидат дека за толку кратко време ќе се случат

---

[4] Шефовите на држави и влади на самитот на Североатлантскиот совет во Рим кој беше одржан во периодот од 7-ми до 8-ми Ноември 1991 година го објавија новиот Стратегиски концепт на НАТО и Римската декларација за мир и соработка.

[5] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк- Интернационал, Скопје,2005, стр. 56.

[6] На самитот во Вашингтон кој беше одржан во периодот од 23-ти до 25-ти Април 1999 година лидерите од Алијансата ја прославија 50 годишнината од постоењето на НАТО.

[7] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк- Интернационал, Скопје,2005, стр. 12.

толку големи промени, а сето тоа го прави НАТО да биде во постојана динамика. Од една страна НАТО треба да го гарантира меѓународниот мир и безбедност и во тие рамки да ги трансформира своите воени структури, согласно новата безбедносна средина, а од друга страна неопходно е да го дефинира заедничкиот концепт за неговите нови улоги и мисии, со што концептот на воена трансформација се испреплетува со концептот на политичка трансформација. Повеќе од јасно беше дека НАТО не може повеќе да биде индиферентен на случувањата надвор од неговиот геополитички простор.

Процесот на трансформација го одбележаа одржаните самити на Северноатлантскиот совет во Прага, Истанбул, Брисел, Рига, Букурешт, Стразбур и Келн и секако последниот одржан во Лисабон[8], каде после вообичаените консултации и приближувања на ставовите беше усвоен новиот Стратегиски концепт на НАТО според кој ќе треба да се раководи Алијансата во наредните 10 години.

Способноста за адаптирање на НАТО на новото безбедносно опкружување, според зборовите на поранешниот генерален секретар Лорд Робертсон, стана недоволна за да го следи со успех ритамот на меѓународното опкружување кое еволуира мошне брзо, со што НАТО ризикува да се претвори во една надмината институција. Имено, според размислувањата на одредени аналитичари НАТО претставува најимпозантната организација на демократиите, но во исто време таа поседува и огромни слабости и е со ограничен домет за да може да одговори со успех на современите закани. Нејзините слабости се резултат на организацијата и интеграцијата на традиционалните воени сили. Со тоа, придонесот на НАТО во Авганистан е минимален, а исто така во периодот што измина ништо не беше направено во Руанда, Либерија или Сиера Леоне и не се надминаа недоразбирањата околу интервенцијата во Ирак, не се успеа да изготви еден кохерентен и сеопфатен одговор во борбата против тероризмот, како и не се одговори на прашањата кои се однесуваат на иранските и на севернокорејските нуклеарни закани.[9] Отежнати беа и перцепциите за начинот на делување на НАТО во однос на случувањата во Северна Африка. Со тоа, глобалното безбедносно организирање се наоѓа пред ново преструктуирање. Од тука, се поставува и прашањето

[8] Лисабонскиот самит беше одржан во периодот од 19-ти до 20-ти Ноември 2010 година. Во своето обраќање генералниот секретар на НАТО Андерс Фог Расмусен, меѓу другото, ќе каже *„Сега дојде времето за НАТО 3.0. Алијанса која може да ги брани 900 милиони жители на земјите на НАТО од заканите со кои се соочуваме денес, и со кои ќе се соочиме во претстојната декада. Стратегискиот концепт е клучот за такво ново НАТО"*

[9] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк- Интернационал, Скопје,2005, стр. 56-57.

дали неодамна донесениот нов Стратегиски концепт на НАТО со успешност ќе може да одговори на новото време.

Процесот на трансформација и промени на Алијансата трае и ден денес пред се преку разните иницијативи за соработка помеѓу НАТО и партнерите. Неодамнешниот објавен концепт на паметна одбрана на НАТО ( Smart Defence) е доказ за тоа.

Во трудот, почнувајќи од почетоците на формирањето на НАТО, со осврт на стратегиските основи и цели на Алијансата за време на студената војна, дефинирањето на безбедносната средина после завршувањето на студената војна, преку обработка на Стратегискиот концепт на НАТО од 1991 година, процесот на трансформација на НАТО согласно усвоениот концепт во периодот после завршувањето на студената војна, Вашингтонскиот самит и усвоениот надграден Стратегиски концепт од 1999 година, организациските промени и јакнењето на капацитетите на НАТО после нападите од 11-ти Септември, како и новиот усвоен Стратегиски концепт на самитот во Лисабон во 2010 година и укажувајќи на она со што ќе треба да се соочи Алијансата во иднина, се дава научна дескрипција, интерпретација и објаснување на развојот и промените на воените стратегии на единствениот воено-политички сојуз НАТО.

Од самиот предмет на истражување и елаборирање произлегуваат целите на истражувањето и можат да имаат научна и практична примена.

Научната цел на ова истражување е: да се утврдат и проверат научните сознанија за развојот и промените на воените стратегии на воено-политичкиот сојуз НАТО, во еден временски континиум и во услови кога толку многу се менува безбедносната околина; да се продлабочат постоечките научни сознанија во однос на промените во воените стратегии на Алијансата; да се предвидат евентуалните нови безбедносни појави, нивниот облик и содржина, се со цел успешно справување со истите.

Практичната цел произлегува од научните сознанија што ќе ги добиеме дополнително, за да можеме да утврдиме: содржините на новото безбедносно опкружување; проучувајќи ги воените стратегии на НАТО ќе дојдеме до сознание за какво безбедносно опкружување да се подготвуваме и да развиваме планови за употреба на безбедносните сили во современи услови на развој на меѓународните односи, безбедносни сили базирани на ефикасно раководење и командување, кои ќе треба да одговорат на новото безбедносно опкружување, но и на чинот на водење на војна, како би можеле да ги остварат проектираните цели до колку истата би се водела; начин на соработка во менаџирање на безбедносните појави и војната како составен дел на тие појави; развој на безбедносната наука, како и

определени нормативно-правни регулативи, како би можело да се избегнат негативните импликации од безбедносните ризици и предизвици.

Поаѓајќи од предметот на истражување во овој труд, како и од собраните податоци, е поставена следната општа хипотеза:

*Од завршувањето на студената војна па до денес, промените во воените стратегии на НАТО се иницирани од развојот на безбедносното опкружување, на тој начин вградувајќи нови содржини, надополнувајќи ги старите, во кои воената моќ и сила не исчезнува.*

Посебни хипотези кои произлегуваат од општата и треба да помогнат во нејзиното објаснување се следните:

- воените стратегии постојано се збогатуваат со нови форми и содржини.
- паѓањето на Берлинскиот ѕид, распадот на Варшавскиот договор и СССР продуцираа промени во воената стратегија на НАТО како единствена воено-политичка организација.
- по нападот на Светскиот трговски центар на 11-ти Септември 2001 година, се повеќе на значење добија асиметричните тактики и стратегии во начинот на водење на војната.
- начинот на примсна на воената моќ и сила во ново изменетото безбедносно опкружување е од огромна важност за одбранбено-заштитното организирање на НАТО и креирање на стратегија за примена на воените средства за постигнување на посакуваните цели.
- разните иницијативи за соработка помеѓу НАТО и партнерите го продолжуваат процесот на трансформација на Алијансата согласно новото безбедносно опкружување.

За да се реализираат поставените цели на ова истражување потребно е да се применат соодветни методи, техники и инструменти кои ќе ни овозможат собирање, средување, обработка и анализа на собраните податоци, со што ќе дојдеме до нови научни сознанија за истражуваното прашање, како и можност за проверка на поставените хипотези. Методолошкиот пристап кој ќе биде употребен во овој труд се состои од емпирискиот метод на Анализа на содржина и општите научни методи: Аналитичко-дедуктивниот метод и Компаративниот метод.

Преку овие истражувачки методи ќе биде истражуван развојот и промените на воените стратегии на НАТО после завршувањето на студената војна со прибирање на податоци за содржините на воените стратегии, како и пристапот при пишувањето на воените стратегии и влијанието на истите во меѓународните од-

носи. Со помош на стратегиските определби на Алијансата, ќе можеме да извлечеме заклучок каква е безбедносната околина, кој се безбедносните предизвици и ризици, целите, безбедносните функции, задачи и мисии на Алијансата, пристапот кон решавање на безбедносните проблеми, видот на вооружени сили кои ги развива и одржува НАТО, а неопходни за зачувување на виталните интереси на Алијансата, се со цел подобрување на безбедноста и стабилноста.

Научното објаснување и анализирање е највисоко ниво на научното сознание. Оттука, научната оправданост на ова истражување ќе произлезе од следниве нивоа: анализа на содржините и пристапот во развојот на воените стратегии на НАТО; потврдување или проширување на содржините на воените стратегии во услови на брзи и динамични промени.

Општествената пак оправданост со која ќе се потврди научното истражување ќе ја согледаме преку следниве елементи: дали нешто се променило во креирањето на воените стратегии или пак тие и понатаму остануваат да бидат двигател на целокупните меѓународни односи изразени во неопходноста од решавање на споровите со примена на воена сила и насилство; осознавање на безбедносното опкружување во современи услови на развој на меѓународните односи, како и креирање на одговор на ризиците и предизвиците во новото безбедносно опкружување, но и на чинот на водење на војна, како би можеле да се остварат проектираните цели во колку истата би се водела.

Со оглед на тоа што безбедносната политика бара внимателно да се проучуваат воените стратегии во новоизменетото безбедносно опкружување, во рамките на овој труд ќе се утврдат и проверат научните сознанија за развојот и промените на воените стратегии на НАТО после завршувањето на студената војна, преку што може да се види улогата на НАТО во заштита на своите земји членки, но и пошироко преку неговата улога во кризниот менаџмент, борбата против тероризмот, организираниот криминал, хуманитарните катастрофи и т.н., а се со цел унапредување на светскиот мир и безбедност.

# I Глава
# НАТО – историски осврт

НАТО е резултат на готовноста на САД заедно со западноевропските земји, после Втората светска војна да изградат колективен одбранбен систем за самоодбрана, заснован на членот 51 од Повелбата на ООН. Алијансата е заснована на политичката и воена соработка на нејзините зе`мји членки и претставува заедница на вредности и на заеднички цели во поддршка на демократијата, индивидуалните слободи и владеењето на правото.

## 1. Формирањето на НАТО

Формирањето на НАТО, односно почетоците на неговото формирање датираат уште од Втората светска војна, поточно од август 1941 година, кога претседателот на САД Теодор Рузвелт и премиерот на Велика Британија Винстон Черчил ја издадоа Атлантската повелба која всушност беше Декларација за заеднички принципи на народите на САД и Велика Британија, насочена кон повоената состојба. Оваа повелба, односно декларација ги истакна нивните аспирации за меѓународна соработка и постави кодекс на однесување базиран врз почитување на суверенитетот и правото на самоопределување.[10] По завршувањето на Втората светска војна дојде до целосна прераспределба на политичката, економската и воената моќ меѓу некогашните големи сили и сојузници, а, со тоа, и до сосема нови односи во Европа и во светот. Таквата состојба силно влијаеше врз развојот на меѓународните односи и надворешнополитичката ориентација.

Два сосема нови елементи на повоената реалност на западната хемисфера беа изгладнета Европа, од војната разурната и осиромашена и од истата таа војна зајакната, експанзивна и моќна Америка, што резултираше да политичкиот и економскиот центар на западниот свет, од Европа се пресели на другата страна на Атлантикот во Соединетите Американски Држави.[11]

[10] THE NATO HANDBOOK, 50-th Anniversary Edition, Office of Information and Press, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998, p. 11.

[11] Димишковски С., Војна, Војска и политика, НИП Глобус, Скопје,1994,стр.117-118.

На источната хемисфера Советскиот сојуз, и покрај огромните разурнувања и непроценливите штети и човечки загуби, и покрај тоа што беше земја што го поднесе најголемиот товар во Втората светска војна, од истата излезе повеќекратно зајакната, со развиена воена индустрија, зацврстена воено-политичка положба и со најголема копнена воена сила во светот. Се проценува дека СССР во овој период броеше 11 милиони високо подготвени и од војната искалени војници, со што СССР претставуваше голем воено-политички фактор.

И, покрај големите загуби што ги имаше во текот на војната, СССР од војната излезе и економски зајакнат. Индустриското производство за воените потреби во целиот тек на војната имаше мошне висока стапка на пораст, што пак имаше силно влијание врз општото јакнење на советското стопанство, па дури и врз совладувањето на голем број тешкотии кои Советскиот сојуз не можеше успешно да ги реши во предвоениот период.[12] Со тоа, СССР одигра голема улога во развојот на меѓународните односи по Втората светска војна.

Имено, спротивставените интереси на СССР од една, и САД, Велика Британија и Франција од друга страна, а како последица на промените во економската, политичката и воено-стратегиската сфера по Втората светска војна, доведоа до остра конфронтација меѓу Истокот и Западот. Така светот од туку што завршената т.н. жешка војна, влезе во ерата на студената војна. Во такви крајно заострени меѓународни околности и на Истокот и на Западот почнаа да се развиваат гледишта за директен судир меѓу Истокот и Западот и појавата на Трета светска војна.[13]

Западна Европа својот единствен спас го гледаше во поцврсто поврзување со САД како најмоќна економска и воена сила на капиталистичкиот свет, а како последица на општествено-политичките и воено-стратегиските услови во кои се најде непосредно по војната и секако уплашена од политичкото влијание и воената моќ на СССР. Сето тоа се совпаѓаше со глобалните интереси на САД, кои, до Втората светска војна, водеа политика на изолација и немешање во случувањата на тлото на Европа, а во околностите што настанаа по Втората светска војна таа ги прошири границите на своите интереси.

САД едноставно ја прифати улогата на предводник на капиталистичкиот свет, а заснована врз антикомунизмот, како идеолошко-политичка основа за вкупното дејствување на САД на внатрешен и надворешен план и истата се засновуваше главно врз следните тези:

- дека комунизмот е непријател на сите човечки права и слободи и дека е тој синоним за тоталитаризам и диктатура;

[12] Исто, стр. 120-121.

[13] Исто, стр. 122-123.

- дека комунизмот е систем на експанзионизам и потчинување на народите и дека неговата основна инспирација е да завладее со светот;
- дека комунизмот има свои сојузници во сите земји и во сите општествени слоеви и дека тие се носители на деструкција и комунистичка субверзија;
- дека комунизмот го загрозува целиот свет па во тие рамки и САД;
- дека единствена сила која може да му се спротивстави на комунизмот се САД;
- за да можат успешно да му се спротивстават на комунизмот и, со тоа, да придонесат за негово уништување, САД мораат да водат бескомпромисна борба против него на сите точки на Земјината топка.[14]

Според САД, како антитеза на постоечкиот т.н. комунистички свет е слободниот свет, претставен од земјите на западната демократија на чело со Соединетите Американски Држави. Тој слободен свет се заснова на правото на приватна сопственост и демократија изразена преку широкиот спектар на слободи.

За разлика пак од САД според гледањата на Советскиот сојуз постојат два антагонистички света, свет на социјалистички и свет на капиталистички држави. Меѓу тие два спротивставени света се води остра класна борба, заради што социјалистичкиот свет мора постојано да биде подготвен и да ја јакне својата монолитност за да може успешно да се справи со намерите на капиталистичкиот свет.

Како резултат на горе наведеното, со потпишувањето на Северноатлантскиот договор, доаѓа до воено-политичко организирање на западниот свет со формирање на Северноатлантскиот сојуз на 4-ти Април 1949 година попознат како НАТО и воено-политичко организирање на дел од социјалистичките земји преку потпишување на Варшавскиот договор за пријателство на 14-ти Мај 1955 година.

За формирањето на воено-политичките организации обете супер сили имаа речиси идентични образложенија:

- дека нивните воено-политички организации имаат изрично одбранбен карактер и дека се наменети исклучиво за одбрана од агресија на спротивната страна;
- дека соработката во овие организации ќе се заснова врз целосна рамноправност на сите членки на организацијата и дека организацијата нема да се меша во внатрешните работи на земјите членки;
- дека организацијата ќе се бори за одржување на мирот во светот.[15]

---

[14] Исто,стр.127-128.

[15] Исто, стр.137.

Но, практика покажа дека блоковите им служеа на големите сили да го прошират своето политичко, економско и друго влијание врз нови земји и подрачја, кои всушност беа во фокусот на нивните интереси и цели. Бидејќи составот и распоредот на нивните вооружени сили беше таков што двете страни беа подготвени за офанзивни дејства, владееше атмосфера на недоверба, напнатост во меѓународните односи и покрај тоа што двете страни постојано истакнуваа дека основна задача на нивните воено-политички организации е одбраната на своите територии, создавајќи лажно уверување за потребата на постоењето на блоковите како чувари на мирот и безбедноста.

Со оглед на фактот што супер силите располагаа со најголема политичка, економска и воена моќ, секоја на свој начин влијаеше на меѓународните односи, преку своите воено-политичките доктрини и стратегии во периодот на студената војна.

## 1.1. Северноатлантскиот договор

На 4-ти Април 1949 година во Вашингтон е потпишан Северноатлантскиот договор од страна на Белгија, Велика Британија, Данска, Исланд, Италија, Канада, Луксембург, Норвешка, Португалија, САД, Франција и Холандија. Договорот кој уште се нарекува и Вашингтонски договор е потпишан на неопределено време и се состои од 14 члена на кои им претходи преамбула. Во преамбулата на Вашингтонскиот договор се вели дека страните во договорот ја потврдуваат вербата во Повелбата на ООН и нивната желба да живеат во мир со сите народи и влади. Понатаму, тие се решени да ја чуваат слободата и заедничкото наследство и цивилизацијата на своите народи, засновани на принципите на демократијата, индивидуалната слобода и владеењето на правото, промовирајќи стабилност и добросостојба на територијата на Алијансата. Тие се решени да ги обединат своите напори за колективна одбрана и заштита на мирот и безбедноста.

Членот 1 од договорот, обезбедува решавање на каков било вид на несогласувања со мирни средства и на начин кој не го загрозува меѓународниот мир и безбедност и не впуштање во закани или употреба на сила на земјите членки, доколку таквата активност не е во согласност со целите на Обединетите нации. Основата на економската соработка во Алијансата е поставена во членот 2 од Северноатлантскиот договор, каде се вели дека земјите членки ќе се трудат да ги елиминираат конфликтите во нивната меѓународна економска политика и ќе ја охрабруваат

економската соработка со секоја од нив или меѓу сите нив.[16] Со тоа, се потврдуваат напорите на земјите членки за мирни и пријателски меѓународни односи и промовирање на услови за стабилност и добросостојба, како и развој на економската соработка. Членот 3 се однесува на постигнување на целите на овој договор, каде се вели дека е потребно на еден поефикасен начин земјите членки, поединечно или заеднички, преку постојана самопомош и заемна помош ги одржуваат и развиваат индивидуалните и колективните можности за да се спротивстават на евентуален вооружен напад. Членот 4 од договорот, обезбедува консултации помеѓу членките кога некои од нив сметаат дека им е загрозен нивниот територијален интегритет, политичката независност или доколку безбедноста на било која членка е загрозена. Според членот 5 од Северноатлантскиот договор, НАТО членките се обврзани меѓусебно да се бранат. Согласно договорот, напад на една од членките на Алијансата ќе се смета за напад врз сите.[17] Надополнување на членот 5 е членот 6 каде е прецизирано што ќе се смета за вооружен напад врз една или повеќе членки. Членот 7 се однесува на условите во кои договорот не се однесува и нема да се толкува како да се однесува, а се мисли на обврските кои произлегуваат од Повелбата на ООН и Советот за безбедност, а се однесуваат на одржување на меѓународниот мир и безбедност. Членот 8 од договорот обезбедува не вклучување на земјите членки во меѓународни аранжмани кои се во конфликт односно во спротивност со овој договор. Со членот 9 се регулира начинот на состанување на земјите членки заради имплементација на овој договор. Начинот на проширување на Алијансата и пристапувањето на новите земји членки е прецизирано во членот 10 и 11 од договорот. Членот 12 го регулира времетраењето на овој договор. Во членот 12 е наведено дека негова ревизија може да се направи по истекот на првите 10 години или во било кое време по тоа, доколку некоја од членките тоа го бара, а се со цел одржување на меѓународниот мир и безбедност и во согласност со Повелбата на ООН. Начинот на иступување од Алијансата е регулирано во членот 13 од договорот, при што секоја земја членка може да иступи од договорот по истекот на првите 20 години од неговото потпишување и тоа по една година од доставувањето на известувањето за иступување до владата на САД, која ќе има обврска да ги извести останатите земји членки. Членот 14 го регулира јазикот на кој е напишан договорот и вели дека англискиот и францускиот текст се сметаат за автентични и дека договорот ќе биде депониран во архивите на владата на САД, која ќе достави заверени копии до владите на другите земји потписнички.

---

[16] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр.175.

[17] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр. 10.

Договорот стапи во сила на 24-ти Август 1949 година по депонирањето на ратификациите на сите земји потписнички, согласно членот 11 од договорот.

## 2. Развојот на воените стратегии на НАТО до завршувањето на студената војна и распадот на реалсоцијализмот

Првата фаза од постоењето на НАТО, очигледно беше студената војна на НАТО која беше чисто дефанзивна односно одбранбена, со големи статични оружја насочени кон еден јасен непријател, Советскиот сојуз и Варшавскиот договор. Со креирањето на основата за колективна одбрана и заедничката безбедност на земјите членки на НАТО и со задржување на стратегиската рамнотежа во Европа за време на студената војна, НАТО ја чуваше слободата и независноста на своите земји членки.

За време на студената војна НАТО усвои четири Стратегиски концепти и сите овие документи беа класифицирани. Првиот беше одобрен во јануари 1950 година, помалку од една година после потпишувањето на Вашингтонскиот договор. Според Стратегискиот концепт основната функција на НАТО беше одвраќањето од агресијата. Според овој Стратегиски концепт силите на НАТО ќе бидат ангажирани само во случај на неуспех на примарната функција или во случај на напад.

Со инвазијата на Северна Кореа врз Јужна Кореа[18], беше јасно дека НАТО мора да посвети внимание на ефективноста на воената структура на Алијансата и јачината на НАТО силите. Ова доведе до поставување на обединетата воена сила под централна команда и номинирање на генералот Двајт Ајзенхауер како прв врховен командант на сојузничките сили во Европа (SAUCER).

Овие структурни промени, заедно со пристапувањето на Грција и Турција во НАТО во февруари 1952 година, доведоа до подготвување на вториот Стратегиски концепт на НАТО, кој беше одобрен во декември 1952 година. Овој документ ја прикажуваше севкупната стратегиска цел на НАТО, која цел се состоеше во тоа да биде загарантирана одбраната на територијата на Алијансата и да се уништи волјата и можноста на Советскиот сојуз и неговите сојузници, односно сателити за отпочнување на војна.

[18] Корејската војна која траеше од 1950 до 1953 беше големо разочарување голем број високи воени раководители бидејќи американската војска беше запрена од противник кои според техничката опременост на својата војска беа далеку на пониско ниво од војската на САД.

Набргу, по вториот Стратегиски концепт беше донесен третиот Стратегиски концепт во мај 1957 година, кој ја поддржуваше масовната одмазда како клучен елемент во новиот став на НАТО за безбедноста. Штом третиот Стратегиски концепт на НАТО беше усвоен, постоеја настојувања за преиспитување на стратегијата за масовна одмазда на Алијансата заради постоечките меѓународни односи со оглед на фактот дека монополот на САД во нуклеарно оружје беше сериозно нарушен од развојот на атомската програма на СССР, кој со својот нуклеарен потенцијал можеше да ја загрози територијата на Алијансата. Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда, стана целосно безвредна, со оглед на фактот дека нуклеарната закана и застрашување на противникот со општа нуклеарна војна е непродуктивна, во услови кога и противникот е во можност на таквата закана да одговори со иста мерка. Но, ова не значеше и промени во политиката на САД и НАТО, односно престанок на студената војна и сопирање на трката во вооружувањето, туку значеше барање на нови, подобри средства за постигнување на старите цели.

После одобрувањето на Извештајот за идните цели и задачи на Алијансата на состанокот на Северноатлантскиот совет во декември 1967 година, во јануари 1968 година беше издаден четвртиот Стратегиски концепт на НАТО за флексибилно реагирање, односно стратегија на флексибилен (еластичен) одговор. Творецот на оваа стратегија која всушност беше и стратегија на САД, генералот Максвел Тејлор, во својата книга „Несигурен трубач" издадена во 1959 година меѓу другото напишал: „Овој назив (еластичен одговор) навестува потреба од една способност да се реагира во рамките на еден цел дијапазон на воени активности во случај на можен предизвик, за со успех да се бориме против сите закани, од една општа нуклеарна војна до инфилтрации и агресии, како што сега е заканата на Лаос и Берлин. Новата стратегиска концепција би признавала дека за да се спречи или брзо да се добие една ограничена војна е исто толку неопходно како што е неопходно да се спречи една општа војна. Инаку ограничената војна која што ние не би можеле брзо да ја добиеме, би можела да доведе до постапно уништување или до вклучување во еден судир кој би можел да нарасне до една општа војна што ние сакаме да ја одбегнеме".[19]

Има два клучни елементи во овој Стратегиски концепт: флексибилноста и ескалацијата. Застрашувачкиот концепт на Алијансата се базираше на флексибилноста која ќе го спречи потенцијалниот агресор од сигурно предвидување на конкретниот одговор на НАТО, на самиот напад и која ќе го наведе да донесе заклучок дека постои неприфатлив степен на ризик, независно од природата на нападот.

[19] Цитат превземен од: Димишковски С., Војна, Војска и политика, НИП Глобус, Скопје, 1994, стр.162.

Годините кои што следеа беа одбележани со бавно градење на довербата помеѓу Истокот и Западот. Заострувањето на односите се должеше на интензивирањето на програмите за вооружување на Европа пред сè со ракетните системи кои беа од големо значење како од воено-стратегиски така и од политички и економски аспект. Целта на оваа програма беше да се сопре натамошната експанзија на Советскиот сојуз и воспоставување на наводно нарушената стратегиска рамнотежа. Развојот и јакнењето на тактичкото нуклеарно оружје беше во непосредна врска со неговото распоредување и натрупување во Европа, со што јасно беше изразена решеноста на САД и НАТО на европското војувалиште први да го употребат нуклеарното оружје, меѓутоа цената на една таква доктрина и стратегија беше голема, како и опасностите што таа доктрина ги носи за безбедноста во светот.

Со промовирање на низа иницијативи за надминување на конфронтацијата во односите меѓу Истокот и Западот се создадоа услови за намалување на прагот на вооружување и релаксирање на вкупните меѓународни односи.

Меѓутоа, заемната недоверба се уште ги карактеризираше односите помеѓу двата блока и се до падот на Берлинскиот ѕид, раскинувањето на Варшавскиот пакт и распаѓањето на Советскиот сојуз, не можеа да се развијат нови односи.

## 2.1. Стратегиски основи и цели на НАТО за време на студената војна

За време на студената војна преовладуваше мислењето дека постои анархија и бесконечен натпревар помеѓу државите во меѓународниот систем и истите неизбежно употребуваат воена сила и моќ за да ги обезбедат своите национални интереси. За некои насочувањето на моќта е клучно за промовирањето на интересите на државата, што продуцира избегнување на конфликти, кои може да доведат до уништување, не само на вмешаните држави, туку и на целата цивилизација.[20] Во годините на студената војна, помеѓу Истокот и Западот, во фокусот на меѓународните односи беа непријателските односи помеѓу НАТО и Варшавскиот договор. Стратегиските цели на НАТО беа поврзани со сузбивањето на комунизмот, неговото ширење и на крај негово уништување како најголемо светско зло и истите беа насочени кон еден јасен непријател Варшавскиот договор и СССР. Основите на воената стратегијата на НАТО се темелеа на моќта на нуклеарното оружје. Појавата на нуклеарното оружје навидум го означи крајот на употребата

[20] Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 2.

на конвенционалните сили, со што примената на било каква доктрина за примена на конвенционални сили би била парадоксална. Но, од друга страна, политичкото влијание на нуклеарното оружје беше ограничено со оглед на фактот дека доколку дојде до нуклеарна војна никој немаше идеја како таа би се водела, а при тоа да не се уништи целиот свет. Воспоставувањето пак на нуклеарниот баланс допринесе за менувањето на перцепциите за употребата на нуклеарното оружје. Новите стратегиски размислувања и анализи, вклучувајќи ги и оние на НАТО, понудија нови решенија, решенија кои имаа пред сè задача да го зачуваат нуклеарниот баланс стабилен, со постојаното нагласување на можната одмазда во случај на напад од другата страна. Со воспоставување на нуклеарниот баланс, стратегиското мислење ја застапуваше концепцијата на локална војна како активност во која интересите на двете супер сили и воено-политички блокови не би се реализирале до крај и каде започнувањето на судир не би морал да доведе со водење на тотална нуклеарна војна.[21] Согласно тоа популарната техника за решавање на кризите во текот на студената војна претставуваа дел од односите на НАТО и Варшавскиот договор. Сето тоа го продуцираше развојот на стратегиите на одвраќање, ограничени војни, контрола на оружјето за масовно уништување, префрлање на боиштето во вселената и т.н. Овој период го окарактеризира трката во вооружување помеѓу двете супер сили САД и СССР и помеѓу воено-политичките блокови кои беа формирани под нивна закрила. Со тоа стратегиите на нуклеарно застрашување беа уникатни од причина што во светот во наведениот период постоеше состојба на привиден мир и состојба на студена војна.

[21] Vukadinovic R, Nuklearne strategije supersila, AUGUST CESAREC, Zagreb, 1985, str.32.

# II Глава
# УЛОГАТА НА НАТО ВО НОВАТА БЕЗБЕДНОСНА СРЕДИНА

Почетокот на периодот на длабоки промени помеѓу Истокот и Западот, како и промените во вкупните меѓународни односи се поклопија со 40 годишнината од постоењето на НАТО алијансата, која ја славеше својата годишнина на 4-ти Април 1989 година. Од тогаш па наваму се случија брзи и динамични промени во меѓународните односи и безбедносната средина, кои ја принудија Алијансата покрај своите основни задачи да превзема и нови задолженија. Следеше падот на Берлинскиот ѕид, распадот на СССР, распадот на Варшавскиот договор, кризата во Југославија, Блискиот исток, нападите на САД на 11 Септември, Авганистан, Ирак и секако денес случувањата во Северна Африка и арапскиот свет. Врз основа на сите овие случувања, јасно е дека за да опстои Алијансата, истата мора да се трансформира согласно новонастанатата безбедносна средина, која продуцира сеопфатни и коренити промени.

## 1. Дефинирање на новата безбедносна средина

Со завршување на студената војна се претпоставуваше дека ќе настапи периодот на долготраен мир и мирен развој во светот во кој живееме, но воената моќ продолжи и понатаму да биде во фокусот на вниманието, но сега загрозувајќи го и просторот на Европа. Преиспитувајќи ги меѓународните политики во светот по завршувањето на студената војна, може да се оспори општоприфатеното мислење дека светот ќе стане порационален и побезбеден.[22] На стариот

[22] Кенков В., Безбедносни предизвици на глобализацијата, Зборник на трудови, Меѓународната научна конференција „Балканот–безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница", Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Охрид, 2010, стр. 107..

континент повторно се врати војната, а како последица на распадот на реалсоцијализмот. По завршувањето на студената војна, САД се соочија со поинаков противник, со што го пренасочија можното ангажирање на своите сили во насока на регионалните кризи и предизвици, за разлика од студената војна и ерата на биполаризмот, кога САД беше ориентиран првенствено кон својот главен противник поранешниот СССР и Варшавскиот договор, како и кон случувањата во земјите на т.н. „Трет свет". Со распаѓањето пак на СССР и Варшавскиот договор, промовирањето на мирот го постигна својот зенит, односно последната декада од 20-от век навидум беше одбележана со просперитет и оптимизам. Големиот број на војни како резултат на распадот на реалсоцијализмот и новиот распоред на силите на моќта и војните со етнички предзнак ги одбележаа 90-те години на минатиот век. Граѓанските војни на тлото на поранешните социјалистички држави, СССР и СФРЈ, претставуваа комбинација на идентитет и безбедносни проблеми меѓу етнички, регилиозни и донекаде јазично различни групи, односно ентитети. Со тоа, делото на Франсис Фукујама „Крај на историјата и последниот човек", можеби беше прерано бидејќи конфликтите не исчезнаа. Во овој период се забележува хегемонијата на САД, како единствена супер сила која ја подготвува идејата за нов мирољубив и стабилен меѓународен поредок.

Во сите овие процеси беа вклучени и ООН предводени од САД кои на секој начин настојуваа да го сочуваат меѓународниот мир и безбедност застапувајќи ја и применувајќи ја тезата на војна против војна како што беше интервенцијата врз Ирак и СРЈ.

Дали мирот својот зенит требаше да го постигне со распаѓањето на Варшавскиот договор и крајот на студената војна, односно во последната декада од 20-от век? Всушност, и покрај настојувањето на САД за нов мирољубив и стабилен меѓународен поредок, 90-те години на минатиот век изобилуваа со војни како резултат на распадот на реалсоцијализмот и новиот распоред на силите на моќта.

Оптимизмот на 90-те години на минатиот век се базираше на дефинирањето на безбедноста од страна на американската администрација во однос на одржувањето на просперитетот, со што организираниот криминал и корупција во новонастанатите држави, настанати како последица на распадот на реалсоцијализмот, беше прифатено концептуално и во голема мера беше игнорирано, како и опасноста од Ал Каеда и меѓународниот тероризам беа третирани како споредна атракција со што асиметричните закани беа третирани како извор на грижа, но сепак како помала грижа од симетричните.[23] Ваквите гледишта беа застапувани

[23] Бункер Р. Џ., Не-државни закани и идни војни, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр.VII-XXIV.

за време на Клинтоновата администрација, со што се продолжи и за време на првите месеци од претседателскиот мандат на Буш.

Овие илузии беа разбиени на 11-ти Септември 2001 година. Нападите на Ал Каеда на Светскиот трговски центар и Пентагон беа најдобар пример за асиметрична војна, во која помалиот и послаб противник Ал Каеда го искористи просторот, времето, изненадувањето и одредени слабости на другата појака и поголема страна САД, за да ја постигне посакуваната цел, притоа постигнувајќи несразмерен учинок во однос на средства кои беа користени. САД, како светска сила, беше нападната од далеку помал но добро организиран противник, напаѓајќи објекти кои се од огромно значење за САД и каде во секое време постои голема концентрација на луѓе. Имено, 19 мажи потпомогнати од поголема мрежа беа способни да предизвикаат смрт на околу 3000 луѓе и огромна материјална и психолошка штета со што меѓународниот тероризам влезе на голема врата, предизвикувајќи крај на периодот на оптимизам и создавање на нова безбедносна средина.[24] Нападите на светскиот трговски центар на 11-ти Септември 2001 година ја срушија безбедносната дилема, заканите не се веќе само од воена природа. Тоа значеше дека државите во иднина ќе мора да се соочат и со не-државните закани меѓу кои и со меѓународниот тероризам. Одговор на тоа беше борбата против тероризмот предводена од САД, која ја започна војната во далечна Азија, Авганистан, како глобален одговор на тероризмот и уништување на добро организираната мрежа на Ал Каеда. Војната против тероризмот беше сфатена како одлучувачка борба, на САД и сојузниците против ова зло, заради зачувување на светскиот мир и безбедност. Со тоа, вниманието повеќе не е фокусирано само на државите туку и на широкиот спектар на не-државните актери со што се истакнува фактот дека меѓународната безбедност станува се покомплексна. Светот на 21-от век е свет во кој криминалните организации и терористичките мрежи продуцираат нови закани за сигурноста.

Но, тука не застанува употребата на воената сила, таа продолжува на тлото на Блискиот исток, Ирак, како одговор на непослушноста на режимот кој не е истомисленик со западниот свет. Војната имаше за цел да го спечи развојот на програмата на Ирак за производство на оружје за масовно уништување и рушење на режимот на Садам Хусеин, но се покажа дека реалноста беше сосема поинаква.

Во поново време актуелни се случувањата во земјите на Северна Африка и Блискиот Исток кои се карактеризираа со масовни протести на населението против долгогодишното диктаторско владеење на нивните влади. Ова особено силно се почувствува во Тунис , Египет, Либија, Бахреин, Јемен и Сирија. Во наредниот

[24] Исто, стр.VII-XXIV.

период истото се очекува да се случи и во Иран. Најкритична беше ситуацијата во Либија каде после првичните успеси на демонстрантите ситуацијата ескалира во отворен воен судир на демонстрантите со владините сили на претседателот Муамер Гадафи. Настојувањето на западните сојузници за што поскоро разрешување на кризата не вродија со плод, што иницираше интервенција на НАТО за заштита на цивилното население во Либија согласно Резолуцијата на ООН.

Во услови на зголемена заемна зависност на современиот свет, поголема е и опасноста од радикално новите предизвици, односно нетрадиционалните чинители на загрозувањето на безбедноста, кои влијаат на зголемување на нестабилноста во меѓународниот безбедносен систем. Процесот на глобализација придонесе за појава на ризици кои условуваат постојан недостаток на безбедност на глобално и национално ниво.[25] Тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, регионалните конфликти, енергетската безбедност, еколошките ризици се само некои од елементите кои влијаат на зголемување на нестабилноста во светски рамки.

## 2. НАТО и новата безбедносна средина

Низ историјата, промените во НАТО настануваа согласно промените во меѓународните односи. На 6-ти Јули 1990 година, на состанокот на Алијансата во Лондон, шефовите на држави и влади ја објавија Лондонската декларација за трансформација на Северноатлантската алијанса.[26] Следните состаноци односно самити на НАТО во Рим, Брисел, Мадрид, Вашингтон, Прага, Истанбул, Брисел, Рига, Букурешт, Стразбур и Келн и последниот одржан во Лисабон ќе покажат дека НАТО ја приспособува целокупната своја стратегија во согласност со безбедносната средина и безбедносните предизвици на новото време.

Од завршувањето на студената војна, НАТО настојува да се преструктуира според новонастанатиот распоред на силите, градејќи нов Стратегиски концепт кој ќе може да одговори на новонастанатата ситуација на глобално ниво. Во периодот по завршувањето на студената војна, воените стратегии чес-

[25] Кенков В., Безбедносни предизвици на глобализацијата, Зборник на трудови, Меѓународната научна конференција „Балканот–безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Охрид, 2010, стр. 107.

[26] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 493.

то беа гледани како „диносауруси“.[27] Имено, воените стратегии почнаа да бледеат со што традиционалниот аспект на безбедноста се прошири со останатите аспекти на безбедноста како политичкиот, економскиот, општествениот и еколошкиот. А со тоа, глобалните механизми поткрепени со воената и економска доминација на САД требаше да обезбедат соодветни одговори на новите меѓународни предизвици. Новиот Стратегискиот концепт на Алијансата за прв пат беше донесен на Римскиот самит во 1991 година за истиот да биде ревидиран на Вашингтонскиот самит во 1999 година.

Во средината на 90-те години на минатиот век загрижуваше економски зајакнатата Кина и оживеаната Русија, но сето тоа не ја вознемируваше постоечката хармонија. Акцентот беше ставен на војните кои се водеа како последица на распадот на реалсоцијализмот, а за разлика од нив тероризмот и организираниот криминал, како дел од новата безбедносна агенда, беа здодевни и значајно помалку предизвикувачки и опасни отколку заканата поставена од руската воена моќ и амбиции.[28] Но, ваквата перцепција се промени после нападите на САД на 11-ти Септември 2001 година кога безбедносната агенда беше обременета со ново зло, а тоа беше тероризмот на кој требаше да се одговори. Како резултат на тоа за прв пат во историјата на постоењето, НАТО се повика на членот 5 од Вашингтонскиот договор од 1949 година. Со започнувањето на војната во Авганистан, односно првата војна во 21-от век, како што ја нарекуваше претседателот на САД, Џорџ Буш, започнаа да се менуваат перцепциите за војната, безбедноста и супериорноста на воената моќ. Односот кон тероризмот стана главен предизвик во меѓународните односи. Раководењето со кризата во Авганистан за НАТО беше оценета како мошне сложена и тешка задача, но и во исто време и многу значајна, пред се, заради тоа што истата беше прва мисија на НАТО надвор од евроатлантската област. Глобално гледано, ситуацијата на теренот денес е мирна, но е нестабилна заради активностите на милитантните сили на Талибанците, како и големата присутност на криминалот и недозволената трговија со оружје и наркотици во делот на границата према соседен Пакистан. Во исто време, Авганистан поминува низ процес на длабоки реформи со цел демократизација на новосоздаденото Авганистанско општество во кој силите на Алијансата и партнерските земји ИСАФ[29] имаат значајна улога во тој процес. Безбедносен предизвик за НАТО беа и случувањата на Блискиот Исток и во Африка, каде значаен беше придонесот на НАТО

[27] Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 3.

[28] Бункер Р. Џ., Не-државни закани и идни војни, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр.VII-XXIV.

[29] ИСАФ/ISAF е кратенка од International security assistance force односно Меѓународните сили за поддршка на безбедноста.

во обуката на ирачките безбедносни сили после војната во Ирак и логистичката поддршка на Африканката унија во нејзината мировна мисија во Дарфур после граѓанската војна која предизвика голема хуманитарна криза.

На Лисабонскиот самит во 2010 година, согласно новите односи на меѓународен план и безбедносните предизвици на новото време, беше донесен третиот Стратегиски концепт, според кој ќе треба да се раководи Алијансата во наредниот период. Новиот документ ќе треба да се фокусира на три области во кои НАТО треба да воведе промени, земајќи го предвид проширеното членство од 19 на 28 сојузници и настаните како што се 11-ти Септември и НАТО зафатите во Авганистан. Прво, сојузниците треба да ги модернизираат одбранбените способности поради новите закани. Како второ, треба да го обнови управувањето со кризи преку детален пристап односно преку политички, цивилни и воени напори, остварувајќи ги заедничките цели, и на крај, НАТО треба да развие подлабоко, пошироко и попрактично партнерство со земји и организации низ целиот свет.

Но, тука не е крајот. Имено, согласно безбедносната ситуацијата на глобално ниво и политичките случувањата во земјите на Северна Африка и Блискиот Исток, Алијансата не смее да си дозволи да стане надмината од ризиците и предизвиците кои ги носи новото време. Таа мора да биде адаптибилна и функционална во секое време и на секое место, па дури и кога се работи за простори кои се надвор од евроатлантската област.

## 3. Како функционира Алијансата

Земјите членки на НАТО задржувајќи го својот суверенитет и политичка независност имаат подеднакви права и право на глас во рамките на Алијансата. Таа претставува воено-политичка организација чија суштинска цел е заштита на слободата и безбедноста на сите нејзини членки, применувајќи политички и воени средства во согласност со принципите на Повелбата на ООН и Вашингтонскиот договор од 1949 година. Најзначајните задачи на Алијансата се претставени во нејзиниот Стратегиски концепт кој ги содржи насоките за употребата на политичките и воени средства за постигнување на целите на Алијансата. Организациската структура во рамките на НАТО овозможува координација и обезбедува консултации и соработка на земјите членки на НАТО, се со цел исполнување на поставените задачи. Затоа НАТО функционира како форум во кој може да се испитаат различни меѓусебно поврзани аспекти од политичката, воената

и економската област.[30] Одлуките кои се носат се темелат на заедничка согласност на сите земји членки. Кога ќе биде донесена одлука за изведување на воена операција интегрираната воена структура и сили на Алијансата се тие кои ќе ја имплементираат одлуката.

## 3.1. Политика на дејствување на НАТО

Политиката на дејствување на земјите членки на НАТО се темелат на консултации, постојано приближување на ставовите и тесната политичка соработка меѓу членките, па оттука одлуките на НАТО се донесуваат со заедничка согласност. Односно, кажано со други зборови, консензусот е фундаментално правило на НАТО. Соработка што се одвива во рамките на НАТО се спроведува преку целосна меѓусебна информираност на нивните влади за вкупната политика и преку постојано консултирање во врска со развојот на нивните размислувања и на нивните ставови за повеќе специфични прашања.[31] Согласно тоа, консензуалната политика е основата за заедничко донесување на одлуки.

Во рамките на политиката на дејствување на НАТО, едни од најважните процеси што се одвиваат во рамките на Алијансата се **политичките консултациите** чија цел е размена на гледишта за политичките проблеми од заеднички интерес. Истите, не се ограничени само на настаните што се однесуваат на прашањата за дејствување на подрачјето на територијата на Алијансата, туку и на настаните што се надвор од географското подрачје на територијата на НАТО, а можат да имаат влијание и импликации врз НАТО. Водењето консултации е воспоставено во 1956 година и е актуелно до ден денешен. Во основа тие се однесуваат на следното:

- членките мора да го информираат Советот за какви било случувања што можат битно да влијаат врз Алијансата;
- секоја членка има право да отвори дискусија во Советот за работи што се од заеднички интерес за НАТО;
- членките треба да ги земат предвид погледите и интересите на другите членки на Алијансата при водењето на своите национални политики;

[30] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 175.

[31] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр. 31.

- членките треба да постигнат консензус во Алијансата што ќе биде во согласност со нивните национални политики, а ако тоа не можат да го направат, треба да објаснат зошто не можат.

Трансформацијата на намерите во практична акција, може да се опише во пет нивоа на консултации во Алијансата:

- размена на погледи и информации, со или без анализа;
- одржување врски за акции или одлуки кои се превземени односно донесени;
- рано предупредување за акции и одлуки кои можат да предизвикаат коментар на членките или пак можат да го доведат во прашање потврдувањето на одлуката;
- дискусија заради постигнување консензус за спроведување политика или акција што ќе биде превземена, а сè во интерес на сите членки на Алијансата;
- консултации за намери што треба да бидат предмет на договарање за донесување заеднички одлуки или акции.[32]

Согласно горенаведеното спроведувањето на политиката во пракса се темели на заедничко делување на сите земји членки на НАТО. Во обезбедување на својата безбедност ниту една земја членка на НАТО не може да се потпира на сопствените национални и економски ресурси. Од тука, колективниот напор е основата за постигнување на безбедноста за сите земји членки. Покрај политичките консултации, следна битна димензија во политиката на НАТО е **економската соработка** чија основа е дадена во член 2 од Вашингтонскиот договор во кој, покрај другото, се вели дека земјите членки ќе придонесат за понатамошниот развој на мирните и пријателски меѓународни односи и истите ќе ја поддржат економската соработка меѓу некои од нив или меѓу сите нив. Економската соработка е поставена врз основа на претпоставката дека политичката соработка и економските конфликти не може да одат заедно. Согласно тоа, земјите членки мора да работат заедно и на полето на економијата, покрај другите форми на консултации за кои постои заеднички интерес. Покрај економската соработка, следна значајна димензија на Алијансата е **одбранбената политика на НАТО** која во сегашните политички и стратегиски услови во Европа е од особено значење за да се зачува мирот и да спречи војна и истата зависи, како никогаш порано, од ефикасноста на превентивната дипломатија и од успешниот кризен менаџмент. Исто така, политичките, економските, социјалните и природните елементи на безбедноста и на стабилноста имаат се поголемо значење. Одбранбената димензија на

[32] Исто, стр. 34 -35.

НАТО останува неопходност и придонесува кон одржувањето на стабилноста во Европа и пошироко и кон справувањето со кризите. Рамката за НАТО процесот на планирање на одбраната е обезбедена од принципите на колективната безбедност во целост, потоа политичката солидарност меѓу земјите членки, промовирање на соработка и цврста поврзаност во сите области кои се од заеднички интерес, поделба на улогите и обврските, како и заеднички активности за одржување на соодветни воени сили во поддршка на стратегијата и политиката на НАТО. Следна важна димензија која е во корелација со одбранбената политика на НАТО е процесот на планирање на одбраната или **одбранбеното планирање** кое треба да е во согласност со промените на околностите во безбедносната средина, технолошкиот развој, како и во согласност со развојот на релативните воени способности на НАТО и на евентуалниот агресор. Колективната природа на одбраната на НАТО бара, во фазата на заедничко планирање на силите, да се земат во предвид факторите како што се: воените потреби, најдоброто користење на расположливите ресурси, развојот на науката и на технологијата, како и потребата за планирање на силите да биде во согласност со економските и со финансиските можности на секоја земја членка. Успешноста на дејствување на НАТО ќе зависи од посветеноста на земјите членки на НАТО во спроведувањето на политиката на Алијансата и нивната посветеност во остварувањето на нивните заеднички интереси.[33]

## 3.2. Најважни институции за креирање на политиката и донесување на одлуки во НАТО

Како што веќе беше споменато, одлуките во НАТО се носат со консензус, кој претставува договор постигнат со општа согласност на сите земји членки. Овој процес на донесување на одлуки на НАТО му дава сила и кредибилитет и истиот претставува израз на колективната волја на суверените држави кои се членки на Алијансата.[34] Доколку има некој несогласувања по однос на некое прашање се дискутира се додека не се изнајде взаемно прифатливо решение по однос на спорното прашање. Со тоа, консултациите се витален дел од процесот на донесување на одлуки. Најважни институции за креирање на политиката и донесувањето на одлуки, во рамките на НАТО, се следните:

[33] Исто, стр. 32-34.

[34] Исто, стр. 35.

- Северноатлантски совет;
- Комитет за планирање на одбраната;
- Група за нуклеарно планирање.

Секоја од овие институции игра витална улога во процесите на консултација и на одлучување кои се основа на соработката, на заедничкото планирање и на заедничката безбедност помеѓу земјите членки кои го претставуваат НАТО.[35] Моќта за донесување на одлуки и политичката власт во НАТО ја има **Северноатлантскиот совет (North Atlantic Council – NAC)**. Тој се состои од постојани претставници од сите земји членки и истите се состануваат еднаш неделно. Советот може да се состанува и на повисоко ниво, но ги има истите овластувања и одлуките донесени на било кое ниво го имаат истиот статус и значење. Советот има важен политички профил и издава декларации и соопштенија, објаснувајќи ги ставовите и одлуките на Алијансата пред широката јавност и пред владите на земјите кои не се членки на НАТО. Одлуките не можат да се донесат со надгласување, тие се израз на заедничката волја на владите на членките на НАТО.[36] Советот е единственото тело во Алијансата чија моќ експлицитно потекнува од Северноатлантскиот договор.

Според овој договор, Советот има право да формира пониски тела. Од тогаш па наваму беа формирани многу комитети и групи за планирање за да ја поддржат работата на Советот или да прифатат одредени обврски како што се планирањето во одбраната, нуклеарното планирање или воените прашања. Темите кои се дискутираат и одлуките кои се донесуваат на состаноците на Советот ги опфаќаат сите аспекти на активностите на организацијата и воглавном се базираат на препораките и известувањата подготвени од пониските комитети, а по барање на Советот, но прашањата за дискусија може да се отворат и од било кој национален претставник или од генералниот секретар.[37] Во зависност од темата која се дискутира, работата се подготвува од страна на пониските комитети кои се формирани за соодветната област или тема, кои ја превземаат водечката улога при приготвувањето на состаноците на Советот во однос на темата која ќе се дискутира и она што ќе следи од одлуките на Советот. Што се однесува до **Комитет за планирање на одбраната (The Defence Planning Committee – DPC)**, тој се состои од постојани претставници, но се состанува и на ниво на мини-

[35] Исто, стр. 36.

[36] Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, стр. 247.

[37] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 161-162.

стри за одбрана, најмалку два пати годишно и со неговата работа се опфатени прашањата од областа на одбраната и сето она што е поврзано со планирањето на колективната одбрана. Комитетот претставува форум кој им дава упатства на воените претставници во НАТО и во таа сфера на обврски ги има истите функции и истата моќ, како и Северноатлантскиот совет во однос на прашањата за кои е компетентен. Како и кај Советот, работата на Комитетот за планирање на одбраната ја подготвуваат пониските комитети во зависност од одговорностите кои му се доверени.[38] Во **Групата за нуклеарно планирање (Nuclear Planning Group – NPG)** учествуваат министрите за одбрана на секоја од земјите членки каде што се дискутираат теми кои се поврзани со нуклеарните сили. Овие дискусии опфаќаат широк спектар на прашања поврзани со нуклеарната политика, вклучувајќи прашања поврзани со контролата на нуклеарното вооружување, како и прашања од поширок општ интерес како што е пролиферацијата на нуклеарното оружје. Како високо советодавно тело на Групата за нуклеарно планирање, во врска со нуклеарната политика и планирањето, беше формирана Групата за нуклеарно планирање на високо ниво (The NPG High Level Group - HLG). Истата има за задача да ја следи нуклеарната политика на НАТО, планирањето и поставеноста на силите, како и прашањата поврзани со сигурноста, безбедноста и издржливоста на нуклеарното оружје.[39]

Наведените институции во рамките на НАТО ја креираат политиката на дејствување на Алијансата согласно поставените цели и задачи, во нив е моќта на донесување на одлуки засновани на фундаменталното правило на Алијансата, консензусот. Она што треба да се има предвид е тоа дека Алијансата е сојуз кој овозможува меѓународна соработка на независни суверени држави врз доброволна основа. Одлуките се прифаќаат со согласност на сите држави членки.[40]

## 3.3. Воена структура и сили на НАТО

Интегрираната воена структура на Алијансата се состои од сили кои му се ставени на располагање на НАТО од страна на земјите членки кои учествуваат во структурата, во согласност со пропишаните услови. Елементи на воената структура на НАТО се Воениот Комитет во кој членуваат Министрите за одбрана на земјите членки на НАТО како одлучувачко тело, Меѓународен воен персонал и командната воена структура која е на

[38] Исто, стр.163.

[39] Исто, стр.164.

[40] Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, стр. 249.

стратегиско ниво и опфаќа две здружени команди: Здружена команда за трансформација ( Allied command Transformation –ACT ) чие седиште е во Норфлок во САД и Здружена команда за операции ( Allied command Operations-ACO ), раководена од SHAPE (Supreme Headquarters Allied Power Europe), во Монс Белгија.

Здружената команда за трансформација е одговорна за трансформација и обука на силите на Алијансата, додека Здружената команда за операции е одговорна за спроведување на операциите на Алијансата и нејзината мисија е да се подготви за планирање и водење на операции со цел постигнување на политичките цели на Алијансата.

На оперативно ниво, Здружената команда за операции има три команди и тоа во Брунсум, Холандија (Allied Joint Force Command Brunssum), Неапол, Италија (Allied Joint Force Command Naples) и Лисабон, Португалија (Allied Joint Force Command Lisbon). На тактичко ниво командите во Брунсум и Неапол имаат команди за трите компоненти на вооружените сили: копно, море, воздух.

Што се однесува пак до воените сили на Алијансата за изведување и водење на операции, со цел исполнување на целиот спектар на мисии на Алијансата, нив ги сочинуваат единици за брзо распоредување кои се формираат од воените структури на НАТО кои се на рамниште на корпус.

Во рамките на воените структури на Алијансата влегуваат следните корпуси:

- Сојузнички корпус за брза реакција. Командата на корпусот се наоѓа во Глостер, Велика Британија. Персонал од составот на корпусот беше активно вклучен во операциите на НАТО во Босна и Херцеговина (1995/1996), Косово (1999), Авганистан (2006/2007) Ирак (2008) и сеуште во мисијата ИСАФ во Авганистан. Во текот на 2009 година, персонал од составот на Сојузничкиот корпус за брза реакција беше вклучен во составот на НАТО - силите за брза реакција (NATO Response Force - NRF), кои како дел од процесот на трансформација на Алијансата го прикажуваат циклусот на градење на мултинационални сили на ротациона основа. Во рамките на корпусот влегуваат 2 дивизии од Велика Британија, 1 дивизија од Италија, 1 дивизија од Данска и 1 од Германија.[41]
- Еврокорпус или како што уште се нарекува сили за Европската Унија и НАТО алијансата. Земји кои партиципираат во овој корпус се: Шпанија со 3 дивизии, Франција со 3 дивизии, Германија со 3 дивизии и Белгија со 3 бригади, додека пак Полска, Австрија, Италија, Турција и Грција, партиципираат само со персонал во командата на Еврокорпусот сместена во Стразбур, Франција. Персонал од Еврокорпусот беше вклучен во опе-

[41] http://www.arrc.nato.int/alliedrapidreactioncorps.aspx

рациите на НАТО во Босна и Херцеговина, Косово и мисијата ИСАФ во Авганистан, како и во составот на НАТО - силите за брза реакција (NATO Response Force - NRF) во втората половина од 2006 година.[42]

- Мултинационалниот корпус – Североисток. Командата на корпусот се наоѓа во Шчечин, Полска. Корпусот е формиран во 1999 година од страна на Полска, Данска и Германија. Во рамките на корпусот со свои елементи партиципираат: Латвија, Естонија, Летонија, Словачка, Чешка, САД, Романија, Словенија и Хрватска. Еден од најголемите предизвици за Мултинационалниот корпус – Североисток е ангажирањето на персоналот од составот на корпусот во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан во 2007 и 2010 година.[43]
- Италијанскиот корпус за брзо распоредување. Командата на корпусот се наоѓа во Милано, Италија. Во командата на корпусот, покрај персонал од Италија, партиципира персонал од уште 15 земји членки на Алијансата.[44]
- Турскиот корпус за брзо распоредување. Командата на корпусот се наоѓа во Истанбул, Турција. Персонал од турскиот корпус беше вклучен во мисијата ИСАФ во Авганистан во 2005 година, како и во периодот од август 2008 година, до февруари 2009 година. Во текот на 2007 година персонал од Турскиот корпус за брза реакција беше во составот на НАТО - силите за брза реакција (NATO Response Force - NRF). Во командата на корпусот, покрај персонал од Турција, партиципира и персонал од САД, Велика Британија и Германија.[45]
- Германско – Холандскиот корпус за брзо распоредување. Командата на корпусот е во Мунстер, Германија. Формиран е во август 1995 година од 2 германски и 1 холандска дивизија. Персонал од Германско – Холандскиот корпус беше вклучен во мисијата ИСАФ во Авганистан во 2003 и 2009 година. Во текот на 2005 и 2008 година персонал од Германско – Холандскиот корпус беше во составот на НАТО - силите за брза реакција (NATO Response Force - NRF).[46]
- Шпанскиот корпус за брзо распоредување. Командата на овој корпус е во Валенсија, Шпанија.
- Францускиот корпус за брзо распоредување. Командата на корпусот е во Лил, Франција.

---

[42] http://www.eurocorps.org/

[43] http://www.mncne.pl/

[44] http://www.nato.int/nrdc-it/index.htm

[45] http://www.hrf.tu.nato.int/

[46] http://www.1gnc.org/home/

- Грчкиот корпус за распоредување. Командата на корпусот се наоѓа во Солун, Грција. Корпусот е формиран во август 2001 година. Персоналот во рамките на командата на корпусот е мултинационален и покрај персонал од Грција, партиципира и персонал од Италија, Германија, Франција, Романија, Турција, Шпанија, Бугарија и Албанија.[47]

Во основа, Алијансата нема независни сили, туку тие се формираат од земјите членки при изведување на операции. Поголемиот дел од силите на НАТО останувaат под потполна национална команда се додека не и се доделат на Алијансата за специфична операција за која пак е доделена одлука на политичко ниво. Исклучок на ова правило се делови од интегрираните одбранбено воздухопловни и поморски сили, некои единици за комуникација, силите за рано предупредување (AWACS) и интегрираните воени штабови на Алијансата. Всушност, кога Северноатлантскиот совет ќе донесе одлука за изведување на одредена операција, силите ќе бидат формирани од земјите членки преку процесот на генерирање на сили. Кон овие сили може да се придадат и силите на не- НАТО земјите, односно силите на земјите партнери на Алијансата.

[47] http://www.ndc.gr/

# III Глава
# ВОЕНИТЕ СТРАТЕГИИ НА НАТО ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

## 1. Стратегија

Во зависност од општествено-политичките услови и научно-технолошкиот развој поимот стратегијата еволуирал во појмовна и содржинска смисла, задржувајќи ја при тоа својата врска со војската и војувањето. За разлика од класичната воена стратегиска мисла, која реализирањето на поставените стратегиските цели ги поврзува само со воените сили, стратегиската мисла во денешни услови вклучува широк спектар на политички, економски, воени и дипломатски средства кои треба да овозможат реализирање на глобалните стратегиски цели на државно-политичките субјекти. Согласно тоа, разбирањето на стратегијата бара познавање и на останатите области од општественото живеење, односно интередисциплинарен пристап. За да се разбере стратегијата неопходно е да се има познавање за политиката, економијата, психологијата, социологијата, географијата и технологијата. Согласно тоа, стратегијата покрај воената компонента, ги вклучува и останатите области на општественото живеење кои би биле вклучени од страна на државите во остварувањето на целите во евентуален воен судир.

### 1.1. Поим и еволуција на стратегијата и стратегиското мислење

Во достапната научна и стручна литература присутни се многубројни дефиниции и значења за поимот стратегија. Значењето на поимот стратегија првично беше поврзан со војската и војната, но во денешни услови овој поим добива се

поголема примена и во останатите области на општественото живеење. Фактот што не постои универзално прифатлива дефиниција, за овој поим, често го отежнува разбирањето на поимот стратегија.

Имено, стратегијата е стар поим кој потекнува од стара Грција (стратос-војска, аро- водам) со која било опфатено командувањето со војската. Заедничко за сите дефиниции е дека стратегија ги поврзува воените сили со воените цели.[48] За прв пат зборот стратегија го употребил и промовирал прускиот офицер Балов во почетокот на 19-ти век во контекст на разгледувањето на воената вештина, што не значи дека до посочениот период немало обиди за дефинирање на елементите поврзани со вештината на војувањето. Значајна пресвртница во развојот на принципите и правилата во водењето на војните се Наполеоновите војни. Според Жомини, инспириран од Наполеоновите војни, стратегијата е вештина на водење на војна на карта на целото војувалиште, а тактиката е водење на борба на земјиште. Всушност, стратегијата ги доведува силите на боиштето, а тактиката е таа која ги употребува. Дека стратегијата претставува поврзување на воените сили со воените цели кои ги поставила политиката наоѓаме во прочуеното дело на Клаузевиц „За војната" каде тој ја истакнува стратегијата како вештина на употреба на воените сили и средства за постигнување на воените цели кои ги поставила политиката. Во периодот по Клаузевиц па се до крајот на Втората светска војна не постоеле посериозни напори овие сфаќања да се продлабочат и покрај тоа што постоеле причини за тоа. Во посочениот период доаѓа до големи промени во самата организација на армиите, пред се заради појавата на новите видови оружја и опрема и новите постапки во водењето на вооружената борба, при што чинот на водење на војна добива нова димензија. Огромните човечки загуби и големите материјални штети кои беа предизвикани за време на двете светски војни, во современата воена мисла, предизвикаа размислувања за примена на нови облици на конфронтација кои секогаш не мора да доведат до класична битка и дека остварувањето на политичките цели може да се постигне и со употребата и други облици на дејствување. Токму овој факт ќе придонесе за проширување на современите толкувања на стратегијата, кои настојуваат да дадат потполн преглед на поимот и предметот на стратегијата, а изразено во пишувањата на Херман Кан, Бернард Броди, Хенри Кисинџер , Томас Шилинг и многу други.

Наспроти зголемените закани за политичките, економските, социјалните и еколошките безбедносни интереси, кои се во постојан подем, се чини дека времето на големи војни изминува. Но, со оглед на фактот дека безбедносната политика и во денешни услови бара внимателно да се разгледува воената стратегија и

[48] Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 4.

војната како составен дел на стратегијата, несомнено е дека воената моќ и сила остануваат да бидат круцијален дел на безбедноста и сите оние кои ја игнорираат војната за да се сконцентрираат на невоените безбедносни закани тоа го прават на сопствен ризик.[49] Во таа насока постојат и други размислувања за воената стратегија која ни дава теоретска основа за разбирањето на војната. Светот во кој живееме, покрај останатите безбедносните закани по човекот и општеството, сведоци сме и на период во кој толку многу се менува карактерот и начинот на водењето војната односно нејзината форма, а теоретското разбирање на војната не потсетува дека самата природа на војната не се променила.[50] Тоа укажува на поврзаноста на поставените цели на политика со воените средства. Имено, стратегијата не потсетува дека и покрај промените на карактерот на војната, а како резултат на технолошкиот развој, таа останува да биде употреба на сила за да ги постигне политичките цели, без оглед дали групата која ги бара тие цели е држава или друг субјект (етничка група, терористичка мрежа и т.н).[51] Постои една специфика за воената стратегија, а тоа е дека од една страна се врзува за политиката, дипломатијата, економијата, психологијата и т.н., а од друга страна е дел од воената вештина од која и зависи исходот на вооружената борба.

Стратегијата претставува однапред утврден пат односно утврден курс за развој на безбедноста, одбраната и заштитата на државите во наредениот повеќегодишен период. Всушност, таа претставуваа прифатена проекција, ориентир, стриктен водич во кој се утврдени обврските на одделни субјекти кои на различен начин партиципираат во достигнувањето и реализирањето на редица практични безбедносни цели кои се суштествени за мирот и просперитетот на единките, заедницата, нацијата, државата и општеството во целина. Во услови на загрозувања од најразличен вид, стратегијата треба да ги одразува вредностите, интересите, целите задачите, формите, инструментите, силите и средствата на заедницата преку кои ќе обезбеди развој и опстанок на општеството и државата. Стратегијата претставува синтеза на определувачки обврзани постапки и ставови по однос на безбедноста и одбраната на државата усогласена со расположливите ресурси, но и она што значи прифатлив модел на организирање на целокупното општество. Определбите треба да бидат во функција на ефикасно решавање на актуелните, но и на идните безбедносни закани и предизвици на државно, регионално и глобално ниво, самостојно и во соработка со сојузниците и партнерите во рамките на колективните системи за безбедност. Стратегијата

---

[49] Исто, стр. 13.

[50] Исто, стр. 67.

[51] Исто, стр. 80.

е релативно траен документ, но и материја која од време на време се ажурира, при што крупни корекции се прават до колку дојде до суштествени промени во делот на предизвиците, ризиците и заканите или во уставно правниот систем на државата, односно во детерминантите кои ги условуваат решенијата. Успешна ќе биде онаа стратегија која ќе обезбеди интегрирање на структурата на стратегијата која ја сочинуваат вредностите, интересите, целите, задачите, формите, инструментите, силите и средствата кои треба да понудат ефикасно решавање на актуелните и на идните безбедносни закани.[52]

Стратегијата претставува еден мисловен процес кој ги поврзува минатото, сегашноста и иднината и создава систем на институции и организации кои ќе треба да го реализираат поставениот стратегиски концепт. Современото сфаќање на поимот стратегија ги вклучува покрај воената компонента и останатите области на општественото живеење (политиката, економијата, психологијата, социологијата, географијата, технологијата, и т.н.) кои секако би биле вклучени во напорот на државата во остварувањето на целите во евентуален воен судир, што особено дојде до израз по распадот на Варшавскиот договор и секако појавата на асиметричните закани во поново време. Со поставувањето на стратегиската мисла на широка основа често во преден план се експонираат политичките и економските средства на сметка на воените средства. На овој начин политичките и економските средства не само што ја проширија содржинската димензија на воено стратегиската мисла тука во исто време претставуваат совршен супститут за примена на силата, насилството и војната во остварувањето на поставените стратегиски цели. Согласно тоа, во детерминирањето на стратегијата влијаат проширените димензии на современата стратегиска мисла.

Во својата студија „Модерна Стратегија", Колин Греј разликува три димензии на стратегијата: луѓе и политика (политика, култура, етика и т.н.); подготовка за војна (економија, технологија, доктрина и т.н.) и соодветна војна (ги опфаќа воените операции).[53] Интеракцијата на сите овие димензии ја чинат стратегијата.

Академското размислување за стратегијата се темели на определбата дека стратегијата е премногу сериозна работа за да се остави само на генералите, со што цивилните аналитичари доминираат на тоа поле. Имено, преовладува мислењето дека воениот естаблишмент не е носител на монополот над стратегиското размислување и дека повеќето поголеми стратези доаѓаат од редовите на цивилните структури.[54] Со тоа стратегијата го добива научниот третман кој и го

[52] Нацев З., Авторизирани предавања за постдипломски студии од областа на безбедноста, стр. 7-19.

[53] Colin S. Gray, Modern Strategy, Oxford University Press, Oxford, 1999.

[54] Vukadinovic R, Nuklearne strategije supersila, AUGUST CESAREC, Zagreb, 1985, str.20.

заслужува, со што и се избегнува тесниот пристап на стратегијата во однос на безбедносните проблеми и се постигнува сеопфатност и комплементарност.

## 1.2. Стратегијата и новото време

Една од најважните карактеристики на стратегиското мислење е погледот во иднината, често пати поглед во нешто непознато, а понекогаш и тешко замисливо.[55] Всушност, имајќи ја во предвид сложеноста на меѓународните односи мошне е тешко да се предвиди што ќе донесе иднината.

Цикличноста на развојот на воените стратегии е поврзана со времето на нивното настанување. Националните безбедносни агенди за време на студената војна кои ги содржеа прашањата за војната и мирот, нуклеарното застрашување, кризниот менаџмент, контролата на вооружувањето и неговата не-пролиферација се проширија после завршувањето на истата со прашања кои ги надминуваа наднационалните граници. Покрај традиционалниот пристап во креирањето на воените стратегии, новите стратегии на големите сили (САД и Русија ) и единствениот воено-политички блок НАТО почнаа да ги земаат во предвид и новите безбедносни ризици и предизвици како што беа етничките конфликти, злоупотребата на човековите права, политичката нестабилност, економската несигурност и ширењето на нуклеарно, биолошко и хемиско вооружување. Имено, прашањата кои порано се сметале како помала закана во денешни услови стануваат многу поважни. Развојот пак на комуникациските технологии и транспортни системи им овозможија на одредени индивидуи да се стекнат со огромна моќ и знаења, со што одредена група луѓе може да се организира и да изврши терористички напади и да предизвика нереди насекаде во светот. Во прашањата кои влијаат на националната безбедност спаѓа и недостатокот на ресурси кој може да предизвика војни или друг вид на насилство. Исто така, уништувањето на околината може да се смета за закана за безбедноста и истата може да доведе до жртви и убиства. Согласно тоа, во денешни услови, покрај традиционалните безбедносни прашања, информативната револуција, глобализацијата, недостатокот на ресурсите, проблемите поврзани со екологијата и заболувањата на популацијата треба да се сметаат како прашања од националната безбедност кои предизвикуваат бројни проблеми особено за оние кои се загрижени за развојот на воените стратегии.[56] При сето ова, постојат проблеми во настојувањето да се објасни улогата

[55] Исто, стр. 30.

[56] Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 338-339.

на воените структури во решавањето на сите овие безбедносни прашања. Како на пример, ангажирањето на воените сили при хуманитарни операции наведува на мислење дека улогата на воената компонентата е далеку од нејзината примарна одговорност, а тоа е водење на војна и победа во истата. Се потврдува констатацијата дека постои нова агенда за безбедноста и стратегијата, со што воените сили, покрај решавањето на традиционалните безбедносни проблеми, се повеќе ќе бидат насочени и кон решавање на одредени специфични проблеми поврзани со наднационалните прашања. Не треба да се дозволи тие наднационални проблеми да бидат поголеми од самата стратегија. На тој начин живеејќи во таков несовршен свет, стратегијата мора да биде насочена кон разбирање на сложеното меѓународно опкружување, како и кон решавање на нараснатите проблеми во тоа опкружување. Стратегијата во основа го истражува карактерот и условите во кои ќе се води идната војна, начинот на подготовките и водењето, формата на вооружените сили и основите на нивната стратегиска употреба, основите на логистичкото обезбедување, како и раководењето со вооружените сили. Во поново време често среќаваме да поимот стратегија се изедначува со поимот национален интерес, со што стратегијата на одреден начин станува најголема вештина за определување на националниот интерес на државата. Стратегијата останува да биде дел од политиката, вештина со која се комбинираат расположливите средства за остварување на целите кои ги поставила политиката. Во услови кога се настојува да се применат други инструменти во решавањето на кризите, конфликтите и недоразбирањата, а воената сила е само дел од средствата кои можат да се применат и тоа најчесто како крајно средство, традиционалните значења на стратегијата се надградуваат со нови видувања и содржини кои се условени од новите мисии, задачи и улоги на воената организација, што беше предизвикано со брзите и динамични промени во безбедносното опкружување особено изразено после завршувањето на студената војна. Компаративните проучувања покажуваат дека постои висок степен на унификација на конкретните решенија на стратегиите на одделни држави, членки на военополитички сојузи, но и кај земји кои вршат реформи како би ги задоволиле стандардите за пристапување кон тие сојузи, како на пример земјите аспиранти за членство во НАТО, што и претставува нужен услов за задоволување на интероперативноста.[57] Сето тоа предизвикува усогласеност на видувањата, решенијата и процедурите во стратегиите на земјите членки на НАТО, но и на земјите аспиранти за членство. Согласно тоа, она што го посакува една држава мора да се вклопи во она што е објективно интерес на сите земји членки на НАТО, што всушност претставува споделување и

[57] Нацев З., Авторизирани предавања за постдипломски студии од областа на безбедноста, стр.5.

заедничко дејствување во сегментот на безбедноста.[58] Тоа ќе значи прифаќање на веќе апсолвираните перцепции, ставови и определби за безбедноста и начинот на решавање на безбедносните прашања како од страна на земјите членки така и од оние кои тежнеат да станат дел од тој воено-политички блок. Стратегискиот концепт на Алијансата, особено по завршувањето на студената војна, претставува основа за градење на политиката на стратегиско размислување и делување на сите земји членки на Алијансата согласно промените во безбедносното опкружување.

## 2. Новиот Стратегиски концепт на НАТО

Фундаменталните безбедносни задачи на Алијансата се потенцирани во нејзиниот Стратегиски концепт кој на експлицитен начин ги изложува целите на Алијансата и ги обезбедува насоките за дејствување на политичките и воените средства, кои би требало да се искористат за постигнување на поставените цели. Тој несомнено претставува основа за постигнување на политиката на Алијансата во целина. Но, светот во кој живееме толку брзо се менува со што неминовно се менуваат и заканите и перцепциите за заканите по безбедноста, што резултира со постојан процес на адаптација на Стратегискиот концепт на НАТО. Оваа адаптација е нужна заради сигурност дека политичката рамка, воените структури и воените способности на Алијансата, потребни за справување со современите безбедносни предизвици, сè во духот на времето.[59] Во услови на постојани промени на безбедносното опкружување, Алијансата својата одбранбена стратегија ја гради врз основа на дијалог и соработка со земјите партнери и земјите аспиранти за членство, преку заедничко разбирање за безбедносните ризици и предизвици, преку намалување на набавките на оружје, контрола над вооружувањето, посебно на нуклеарното и воопшто преку спроведување на целосна трансформација на Алијансата и нејзината определба за одржување на мирот во Европа и пошироко. Во натамошниот текст на овој труд ќе бидат разработени развојот и промените во воените стратегии на НАТО после завршувањето на студената војна, започнувајќи од самитот во Рим во 1991 година кога е донесен новиот Стратегиски концепт на НАТО, петти по ред од неговото постоење, а прв по завршувањето на студената војна, па се до самитот во Лисабон во 2010 година, кога беше донесен седмиот Стратегиски концепт на НАТО односно третиот

[58] Исто, стр.6.

[59] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр. 28.

по завршувањето на студената војна. Сите овие стратегиски концепти, како што погоре беше посочено, ја отсликуваат политичката моќ и воените структури и способности на Алијансата согласно новото време. Тие всушност, го прикажуваат развојот и промените во воените стратегии на НАТО кои требаа да одговорат на изменетото безбедносно опкружување по студената војна.

## 2.1. Римскиот самит, ноември 1991

Со крајот на ерата на студената војна, политичката ситуација и севкупната воена ситуација во Европа се промени. Во текот на двете години по падот на Берлинскиот ѕид се разви нов Стратегиски концепт, за кој се дебатираше и дискутираше на самитот во Рим кога и беше донесен, а кој Стратегиски концепт беше прв по завршувањето на студената војна. Стратегискиот концепт кој што беше прифатен од шефовите на држави и влади од НАТО во Рим во ноември 1991 година, ги даде насоките за широкиот приод кон безбедноста, заснован врз дијалог, соработка и одржување на колективните можности за одбрана.[60] На самитот во Рим беше, исто така, објавена Декларацијата за мир и соработка[61], со која беше дефинирана политиката на НАТО за идната безбедност во Европа, безбедност заснована на соработка и партнерство со земјите од Централна и Источна Европа. За тоа партнерство да биде поуспешно беше формиран Северноатлантскиот совет за соработка, како тело за консултации и соработка, пред се во областа на политичките и безбедносните прашања.

### 2.1.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Рим

Новиот Стратегиски концепт на НАТО, кој беше договорен од страна на шефовите на држави и влади учесници на состанокот на Северноатлантскиот совет во Рим во периодот од 7 –ми до 8 –ми Ноември 1991 година, ги даде насоките за понатамошното дејствување на НАТО по завршувањето на студената војна. Овој концепт во многу мала мера наликуваше на претходните бидејќи истиот ја нагласуваше соработката со поранешните непријатели, наспроти конфронтацијата која

[60] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 17.

[61] Rome Declaration on Peace And Cooperation, Rome, 8th Nov. 1991. http://www.nato.int/docu/comm/comm91.htm#summit91

владееше за време на студената војна. Концептот се темелеше врз три претпоставки кои ги одразуваа тектонските промени во стратегиското опкружување:

- на државите членки на НАТО веќе не им се заканува масовен напад од страна на државите членки на Варшавскиот договор;
- без оглед на кооперативниот однос на Алијансата со СССР, треба и понатаму да се има предвид советската воена моќ;
- заради посочените причини, земјите членки на Алијансата мора да ја зачуваат индивидуалната и колективната одбранбена способност.[62]

И овој пат, основната цел на Алијансата беше безбедноста на земјите членки на НАТО, но се нагласуваше и обврската за постигнување на подобра и поширока безбедност во Европа.

Стратегискиот концепт од 1991 година драматично се разликуваше од претходните бидејќи истиот беше објавен како јавен документ, отворен за дискусија и коментари од страна на парламентите, безбедносните експерти, новинари и широката публика.[63]

**Во воведот** од Стратегискиот концепт, меѓу другото, се вели дека на средбата во Лондон, во јули 1990 година, шефовите на држави и влади во НАТО се согласија за потребата од трансформација на Алијансата во согласност со новонастанатата ситуација во Европа, при што беше објавена Лондонската декларација[64] за трансформација на Алијансата. Покрај потврдените основни принципи на кои се заснива Алијансата од нејзиното основање, тие признаваат дека развојот на настаните и случувањата во Европа ќе имаат далекусежни последици за начинот на кој ќе бидат исполнети поставените цели на Алијансата во иднина, со што беше изразена потребата од фундаментална стратегиска ревизија, а резултат на таа стратегиска ревизија е новиот Стратегиски концепт на НАТО.

**Првиот дел** од Стратегискиот концепт е насловен како **Стратегиски контекст** во кој најпрво е обработено новото **стратегиско опкружување**. Имено, најпрво се опишуваат настаните кои ја зафатија Европа со паѓањето на Берлинскиот ѕид и завршувањето на студената војна. Па се вели дека, од 1989 година, се случија длабоки политички промени на подрачјето на Централна и Источна

[62] Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, стр. 245-246.

[63] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 48-49.

[64] Со Лондонската декларација земјите членки на НАТО ја изразија подготвеноста за соработка со некогашните идеолошки непријатели, членки на Варшавскиот договор. Тоа беше почеток на крајот на конфронтацијата која беше присутна во изминатите педесет години помеѓу капиталистичкиот Запад и реалсоцијалистичкиот Исток.

Европа, со што се подобри безбедносната средина во која Северноатлантската алијанса ќе настојува да ги постигне своите цели. Во овој период, својата независност ја добија и поранешните сојузници на СССР, а како последица на распадот на Варшавскиот договор. Постојаните радикални промени, кои го зафатија Советскиот сојуз и неговите Републики, придонесоа трите Балтички Републики да се изборат за својата независност. Се нагласува и дека до 1994 година, Советските сили кои веќе се повлекоа од Унгарија и Чехословачка, треба да го завршат и своето повлекување од Полска и Германија. Поранешните земји членки на Варшавскиот пакт кои порано беа непријатели на НАТО, со отфрлање на идеолошките непријателства кон Западот, ја промениле ситуацијата во Централна и Источна Европа, со што тие постепено ги прифаќаат и имплементираат политиките насочени кон постигнување на плуралистичка демократија, владеење на правото, почитувањето на човековите права и пазарната економија. Политичката поделба на Европа, како извор на воена конфронтација за време на студената војна, веќе е надмината појава.

Значајна промена е и обединувањето на Германија, со што таа и понатаму останува полноправна членка на Алијансата и на европските институции. Како важни фактори за европската безбедност, според концептот, е настојувањето на земјите на Европската заедница за формирање на политичка унија, вклучувајќи го и развојот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет и зајакнувањето на улогата на Западноевропската унија (ЗЕУ). Зајакнувањето на безбедносната димензија во процесот на европска интеграција и зајакнување на улогата и одговорностите на европските членки на Алијансата, се истакнува дека, се позитивни и меѓусебно се поткрепуваат и надополнуваат. Исто така, развојот на Европскиот безбедносен идентитет и одбранбената улога, кој се гледа во зајакнување на Европскиот столб во рамките на Алијансата, не само што би им служел на интересите на европските држави, туку би придонел и за зајакнување интегритетот и ефикасноста на Алијансата како целина. Во однос пак на контролата на оружјето напредокот кој е постигнат има суштинско значење. Подобрената стабилност и безбедност се должи на намалувањето на оружјето и зголемувањето на воената транспарентност и меѓусебната доверба, а како резултат на потпишувањето на многубројните декларации и договори за намалување на вооружувањето, пред се на нуклеарното. Исто така, од голема важност е и Договорот за конвенционалните вооружени сили во Европа (CFE), потпишана на самитот на КЕБС[65] во Париз во 1990 година, со чија имплементација ќе се намали супериорноста на

[65] КЕБС е кратенка од Конференција за Европска безбедност и соработка формирана за време на студената војна како форум за дијалог помеѓу Истокот и Западот. Од КЕБС произлезе Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).

Алијансата во конвенционалните сили. Сите овие случувања ја зголемиле воена транспарентност во Европа, а сето тоа придонесува и за зголемување на меѓусебната доверба. Според тоа, од големо значење се напорите за контролата на конвенционалните и нуклеарни сили, потоа ограничувањето на извозот и пролиферацијата на оружјето и технологиите за производство на истото, како и постигнувањето на глобална забрана за употребата на хемиското оружје.

Понатаму во текстот е опфатен КЕБС процесот, која започнал во Хелсинки во 1975 година и кој веќе значително придонел за надминување на поделбата на Европа. Тој во себе вклучува нови институционални аранжмани и обезбедува договорна рамка за консултации и соработка која може да игра конструктивна улога, комплементарна на онаа на НАТО и на процесот на европската интеграција, како и во зачувување на мирот.

Историските промени кои се случиле во Европа довеле и до исполнување на голем број на цели утврдени во извештајот на Хармел[66] и истите значително придонеле за севкупната безбедност на сојузниците. Имено, монолитната, масивна и потенцијално непосредна закана која беше главниот проблем на Алијансата во првите четириесет години од своето постоење повеќе не постои. Но од друга страна, голем дел од неизвесноста за иднината и ризиците за безбедноста на Алијансата и понатаму остануваат. Согласно тоа, новиот Стратегиски концепт се стреми кон безбедносна средина во која позитивните промени кои ја зафатија Европа наполно ќе се реализираат. Особено, тоа се однесува на имплементирање на планираното повлекување на Советските воени сили од Централна и Источна Европа и на целосната имплементација на Договорот за конвенционалните вооружени сили во Европа (CFE). Спроведувањето на Стратегискиот концепт, на тој начин, ќе биде предмет на разгледување во однос на развојот на безбедносното опкружување, како и во однос на напредокот во исполнувањето на овие претпоставки во иднина, а доколку биде потребно ќе се направат и одредени адаптации на концептот согласно настанатите промени во безбедносното опкружување.

Следно на што се однесува Стратегискиот контекст се **безбедносните предизвици и ризици**. Имено, се вели дека безбедносните предизвици и ризици со кои НАТО сега се соочува се различни по природа од оние во минатото. Со оглед на тоа што заканата од истовремен напад на сите НАТО фронтови во Европа повеќе не постои, тоа веќе и не е во фокусот на стратегија на НАТО, со што ризикот

[66] Хармеловиот извештај објавен во 1967 година во односите со Советскиот сојуз ги воспостави одбраната и дијалогот, вклучувајќи ја и контролата на вооружувањето, како двојни столбови во приодот на Алијансата кон безбедноста.

од ненадеен напад, особено во Централна Европа, е значително намален, а пак времето за реакција на Алијансата е пропорционално зголемено.

Ризиците за Алијансата по природа се повеќенасочни, што ги прави тешко да се предвидат и проценат. Согласно тоа, НАТО мора да биде способен да одговори на таквите ризици за да ја зачува стабилноста во Европа и безбедноста на членките на Алијансата од ризиците кои можат да се појават на различни начини. Имено, ризиците за безбедноста на Алијансата се со помала веројатност да резултираат од агресија против територијата на некоја членка на Алијансата, туку тие може да се последица на нестабилноста како резултат на сериозни економски, социјални и политички проблеми, вклучувајќи ги тука и проблемите од етничка природа и територијалните спорови со кои се соочуваат многу земји во Централна и Источна Европа. Тоа не би ја загрозило директно безбедноста и територијалниот интегритет на земјите членки на Алијансата, доколку горенаведените тензии и проблеми останат ограничени. Но, не се исклучува можноста тие сепак да доведат до појава на криза, па дури и до вооружени конфликти, што ќе имаат директно влијание врз безбедноста на Алијансата и ќе влијаат на европската стабилност. Следно што влијае на стабилноста и безбедноста во Европа, според Стратегискиот концепт, е ризикот и неизвесноста кои ги предизвикуваат конвенционалните сили на Советскиот сојуз кои се значително поголеми од оние на која било друга европска држава и фактот дека неговиот нуклеарен потенцијал е споредлив само со оној на САД. Исто така, заради зголемувањето на воената моќ и развојот на технологиите за производство на оружје во подрачјето на Блискиот Исток, вклучувајќи го тука и оружјето за масовно уништување и балистичките проектили, способни за дострел на територијата на некои од земјите членки на Алијансата, од суштинско значење е и потребата од развој на мирољубиви и пријателски односи на земјите членки на НАТО со земјите во јужниот Медитеран и Блискиот Исток.

Безбедноста на Алијансата е најважна така што при секој вооружен напад на територијата на земјите членки, од било која насока, Алијансата ќе се повика на членовите 5 и 6 од Вашингтонскиот договор. Но, исто така, безбедноста мора да се разгледува и на глобално ниво со што безбедносните интереси на Алијансата можат да бидат погодени и од други ризици од поширока природа, вклучувајќи го ширењето на оружјето за масовно уништување, нарушување на протокот на витални ресурси, како и активностите поврзани со тероризмот и саботажата. Согласно тоа, консултациите во согласност со член 4 од Вашингтонскиот договор помеѓу земјите членки во рамките на Алијансата, претставуваат основа за координација на нивните напори, вклучувајќи ги тука и нивните одговори на таквите ризици.

Во одржувањето на стратегиската рамнотежа во Европа, како што и погоре беше посочено, еден од најзначајните фактори кој Алијансата треба да го има во предвид е Советската воена способност, пред сè нејзината нуклеарна димензија, наспроти развојот на добрите пријателски и кооперативни односи.

Со крајот пак на конфронтацијата помеѓу Истокот и Западот, се заклучува дека, во голема мера е намален и ризикот од големите конфликти во Европа. Од друга страна пак, постои поголем ризик од различни кризи, кои е можно да се појават и кои можат да се развијат брзо и ќе бараат брза реакција, но тие веројатно би биле на помал простор. Согласно тоа, од гледна точка на стратегијата на Алијансата, овие различни ризици ќе треба да се гледаат на различни начини.

На крајот од анализата на **стратегискиот контекст** се извлечени два заклучока. Имено, првиот заклучок е дека новата безбедносна средина не ја менува намената, ниту пак безбедносната функција на Алијансата туку и понатаму се нагласува нивната трајна важност. Вториот заклучок е дека изменетата безбедносна средина нуди нови можности за Алијансата за да ја обликува својата стратегија во рамките на широк пристап кон безбедноста.

**Вториот дел** на Стратегискиот концепт на НАТО е насловен како **Цели и безбедносни функции на Алијансата**.

Во однос на **основната цел на Алијансата**, која и понатаму останува непроменета, се вели дека основната цел на НАТО е да се заштитат слободата и безбедноста на сите земји членки на НАТО, со политички и воени средства во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации. Заедничките вредности засновани на демократијата, почитување на човековите права и владеењето на правото, Алијансата ги применува уште од своето основање, со цел воспоставување на праведен и траен мир во Европа.

Следно што е опфатено во вториот дел е **природата на Алијансата**. Всушност, НАТО како организација силно ја изразува трансатлантската врска со што безбедноста на Северна Америка и Европа се трајно поврзани. Тоа е воедно и израз на колективните напори меѓу нејзините земји членки во поддршка на нивните заеднички интереси. Основниот принцип на кој се заснива функционирањето на Алијансата е заедничката посветеност и взаемната соработка на сите земји членки за поддршка на неделивоста на нивната безбедност. Солидарноста, во рамките на Алијансата, е присутна во секојдневното политичко и воено функционирање на НАТО и истата гарантира дека ниту една земја членка на НАТО не е принудена да се потпре на сопствените национални напори во справувањето со основните безбедносни предизвици. Со тоа, Алијансата на своите земји членки им овозможува преку колективен напор да ја подобрат нивната способност и да

ги остварат своите суштинските национални безбедносни цели и интереси, без притоа да бидат лишени од нивното суверено право и должност да превземаат одговорности во областа на одбраната.

Понатаму се нагласува дека чувството на еднаква безбедност меѓу членките на Алијансата, без оглед на разликите во нивните национални и воени капацитети, придонесува за целокупната стабилност во Европа и на тој начин се создаваат услови погодни за зголемување на соработката и меѓу членките во рамките на Алијансата, но и надвор од неа. Согласно тоа, членките на Алијансата, заедно со другите народи и нации, се во состојба да основаат и развијат кооперативни структури на безбедност во обединета и слободна Европа.

Во својата безбедносна политика во однос на **основните задачи на Алијансата** се потврдува определбата дека средствата со кои Алијансата ќе настојува да го зачува мирот и понатаму ќе вклучува одржување на воена способност доволна за да се спречи војна и да се обезбеди ефикасна одбрана. Способноста на Алијансата за успешно справување со кризи кои би имале влијание на безбедноста на нејзините земји членки првенствено би се состоела од примена на политички средства, преку фаворизирање на дијалогот со другите народи и нации и активно барање на кооперативен пристап кон целокупната европската безбедност, вклучително и во областа на контрола на вооружувањето и разоружувањето.

За постигнување на основната цел, според концептот, Алијансата ќе треба да ги извршува следните безбедносни задачи:

- да обезбеди основа за стабилна безбедносна средина во Европа, врз основа на развојот на демократските институции и настојувањето за мирно решавање на споровите, во која ниту една земја не ќе биде во можност да заплаши или присили некоја европска нација или да наметне хегемонија преку закана или употреба на сила;
- да служи, како што е предвидено во член 4 од Северноатлантскиот договор, како трансатлантски форум за консултации на земјите членки за сите прашања кои влијаат на нивните витални интереси, вклучувајќи ги и можните случувања кои претставуваат ризици за безбедноста и како форум за соодветна координација на нивните напори во областите од заеднички интерес;
- да одврати и спречи било каква закана или агресија по територијата на било која членка на НАТО;
- да ја зачува стратегиската рамнотежа во Европа.[67]

[67] Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, стр. 247.

Понатаму е опфатена важноста на останатите европски институции како што се Европската комисија, Западноевропската унија (ЗЕУ) и КЕБС кои исто така придонесуваат за безбедноста во Европа. Од големо значење е и создавањето на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет, со што одговорноста на европските сојузници за својата безбедност станува поголема, а се зајакнува и трансатлантската солидарност. Јасно се искажува определбата на НАТО и понатаму да биде форум за консултации помеѓу земјите членки, форум за договарање на политиките и обврските за безбедноста и одбраната на нејзините членки, врз основа на Вашингтонскиот договор, при што обемот на правата и обврските на земјите членки, предвидени со Вашингтонскиот договор, остануваат и понатаму непроменети.

**Третиот дел** од Стратегискиот концепт се однесува на **широкиот пристап кон безбедноста**. Во широкиот пристап кон безбедноста опфатени се **заштитата и одржување на мирот во новата Европа, дијалогот, соработката, одржување на колективната одбранбена способност и управувањето со кризи и превенција на конфликтите**.

За **заштитата и одржување на мирот во новата Европа**, Алијансата постојано ќе настојува да ги постигне своите цели на заштита на безбедноста и територијалниот интегритет на своите членки, како и создавање на праведен и траен мирољубив поредок во Европа, преку употребата на политичките и воените средства. Овој сеопфатен пристап останува и понатаму основа на безбедносната политика на Алијансата.

Но она што е ново, како што се вели, е дека и со радикалните промени во безбедносната состојба, се зголемија можностите за постигнување на целите на Алијансата со примена на политички средства. Управувањето со разновидноста на предизвиците со кои се соочува Алијансата бара **широк пристап кон безбедноста** со оглед на фактот дека безбедноста и стабилноста имаат политички, економски, социјални и еколошки елементи, како и неопходна одбранбена димензија. Сето ова се рефлектира во трите меѓусебно поврзани елементи на безбедносната политика на Алијансата, а тоа се: **дијалогот, соработката и одржување на колективната одбранбена способност** кои се во функција да ги намалат ризиците од конфликтите, да го помогнат процесот на управување со кризите, да изградат меѓусебно разбирање и доверба меѓу сите европски држави и да создадат вистинско партнерство меѓу сите европски земји во справувањето со заедничките безбедносни проблеми.

Дијалогот и соработката со другите народи и нации за контролата на оружјето и политиката на разоружување, всушност, се од големо значење за постигнувањето на безбедносните цели на Алијансата. Спроведувајќи ја политика-

та на разоружување, Алијансата на тој начин настојува одбраната и контролата на вооружувањето и разоружувањето да се во постојана хармонија.

Стратегискиот концепт ја искажува определбата на НАТО дека во исполнувањето на основните цели и основните безбедносни функции, Алијансата ќе бара мирно решавање на споровите како што е и наведено во Повелбата на Обединетите нации и ќе промовира мирни и пријателски меѓународни односи и поддршка на демократските институции. Во оваа смисла, таа го цени и придонесот што го даваат и другите меѓународни организации.

Посебно значаен е **дијалогот** помеѓу Алијансата и Советскиот сојуз и другите земји од Централна и Источна Европа, како и воспоставените редовни дипломатски врски и воените контакти на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа кои во минатото беа земји непријатели на западниот свет. Алијансата и понатаму ќе остане посветена на промовирање на дијалогот користејќи ги воспоставените дипломатски врски, а се со цел унапредување на безбедноста и стабилноста во Европа. Со тоа, всушност, би се зголемило и меѓусебното разбирање за безбедносните проблеми и би се зголемила транспарентноста за безбедносните прашања, како основа за надминување на поделбите од минатото помеѓу земјите членки на Алијансата и земјите од поранешниот Источен блок. Се посочува дека, промовирањето на дијалогот со сигурност ќе обезбеди основа за поголема соработка и стабилност во Европа, како и поголема можност за решавање на разликите, недоразбирањата и конфликтите по мирен пат.

Покрај дијалогот, земјите членки на Алијансата се обврзуваат да ја продолжат и **соработката** со сите земји во Европа врз основа на пошироки и попродуктивни модели на билатерална и мултилатерална соработка во сите области од европската безбедност, со цел спречување на кризи или, доколку истите се појават, обезбедување на нивно ефикасно управување, што ќе претставува важен фактор за надминување на поделбите и разликите во минатото и создавање на единствена и слободна Европа. Ова е важно бидејќи безбедноста во Европа е неделива, односно постоење на ризик во било која држава во Европа ќе предизвика нарушување на безбедноста на сите европски држави. Соработката е важна и со оглед на фактот дека присуството на нови политички, економски или општествени поделби во Европа може да доведат до појава на нестабилност, како и до поделби кои несомнено мора да бидат минимални.

И покрај тоа што политичкиот пристап кон безбедноста, во иднина, ќе стане многу значаен, а се заснова на дијалогот и соработката, сепак и воената димензија и понатаму останува да биде од суштинско значење. Централно место во заедничките безбедносните цели во Стратегискиот концепт на Алијансата и понатаму

завзема одржувањето на соодветна воена способност на НАТО и постоењето на јасната подготвеност на Алијансата да дејствува колективно во заедничка одбрана на земјите членки на Алијансата. Колективната одбрана, заедно со политичката солидарност, е потребна за да се спречи секаков обид за присила или заплашување и да се гарантира дека воената агресија насочена против Алијансата никогаш не може да биде сфатена како опцијата со какви и да е изгледи за успех.

Во новата изменета политичка и стратегиска околина во Европа, успехот на политиката на Алијансата за зачувување на мирот и спречување војна би зависел, многу повеќе сега, отколку во минатото, од ефикасноста на превентивната дипломатија и успешното управување со кризите кои влијаат на безбедноста на членките на Алијансата, односно од процесот на **управување со кризи и превенција на конфликтите**. Во такви услови, некоја голема агресија против некоја држава во Европа е малку веројатно да се случи, а и пред таа да се случи ќе постои доволно време за да се реагира. Исто така, и некои други потенцијални ризици со кои би се соочила Алијансата, се помалку веројатни и би се јавувале во многу помал обем отколку порано. Во такви изменети околности, можностите за успешно решавање на кризите уште во нивната рана фаза се зголемени, но преку еден кохерентен пристап од страна на политичките авторитети на Алијансата. Ова во себе би вклучувало координирање на соодветни мерки за управување со кризи применувајќи голем број на политички и други мерки, како и оние мерки од воената сфера, доколку биде потребно, при што неопходно е да постои постојана политичка контрола над воените активности од почетокот и во сите фази на кризата. Соодветните консултации и процедурите за донесување на одлуки се постапки кои ќе бидат од суштинско значење за таа цел.

На крајот во однос на широкиот пристап кон безбедноста се вели дека на процесот на дијалог и соработка во цела Европа мора да му се посвети големо внимание и истиот треба потполно да биде развиен бидејќи безбедноста на членките на Алијансата е неразделно поврзана со онаа на сите други држави во Европа. Во таа насока, Алијансата ќе ја поддржи улогата на КЕБС процесот и нејзините институции. Исто така, и другите меѓународни институции како што се Европската заедница, Западноевропската унија и Обединетите нации имаат важна улога во развојот на овој процес.

Во **четвртиот дел** од Стратегискиот концепт се дадени **Насоките за одбрана,** во кои на почетокот се опфатени **Принципите на стратегијата на Алијансата**.

Нагласен е широкиот пристап кон безбедноста, а како последица на разновидноста на предизвиците и ризиците со кои се соочува НАТО. Променетата политичка и стратегиска околина и овозможува на Алијансата да измени голем

број на функции во воената стратегија и да ги постави новите насоки во имплементација на истата, врз основа на веќе докажаните основни принципи. И претходно, на самитот во Лондон, земјите членки на Алијансата се согласија за потребата од изготвување на нова воена стратегија и ревидирање на воената сила согласно изменетите околности.

Во ова изменето безбедносно опкружување, стратегијата на Алијансата и понатаму ќе задржи голем број од основните принципи. Основаната цел на Алијансата останува чисто одбранбена. Согласно тоа, ниедна од земјите членки на Алијансата оружјето никогаш нема да го користи во друга цел освен во самоодбрана и за таа цел Алијансата ќе ја одржува воената сила на соодветно ниво за да го убеди потенцијалниот агресор дека употребата на сила против територијата на било која од членките на Алијансата ќе предизвика колективна и ефикасна акција од страна на сите нив и ризикот од таквата агресија која би можела да предизвика конфликт од пошироки размери би ги надминала сите предвидливи добивки. Всушност, воените сили на Алијансата мора да бидат подготвени и способни да ги бранат границите на Алијансата, да го спречат напредувањето на агресорот во раната фаза, да го сочуваат или повратат територијалниот интегритет на нападната или нападнатите земји членки и да обезбедат војната да заврши што побрзо, со што агресорот би ја преиспитал својата одлука, ќе го прекине неговиот напад и ќе се повлече. На тој начин, обезбедувајќи го територијалниот интегритет и политичката независност на земјите членки Алијансата, воените сили на НАТО придонесуваат за мирот и стабилноста во Европа.

Понатаму е нагласено дека безбедноста на сите земји членки на Алијансата е неделива, со што напад врз еден ќе претставува напад врз сите. Со тоа, солидарноста и стратегиското единство во рамките на НАТО претставуваат клучни предуслови за колективната безбедност, при што правичното делење на улогите, ризиците и одговорностите е од суштинско значење за колективната одбрана. Природата на колективната одбрана на Алијансата не ги лишува земјите членки на Алијансата од својот суверенитет и таа се темели на интегрираната воена структура, како и на многубројните договори за соработка и координација. Поаѓајќи од фактот дека безбедноста е неделива, понатамошното присуството на конвенционалните сили на Северна Америка и американски нуклеарни сили во Европа е секако од витално значење за безбедноста на Европа, која е неразделно поврзана со онаа на Северна Америка. За постигнување на поголем степен на безбедност и стабилност во Европа, се истакнува дека, европските членки на Алијансата ќе превземаат поголем степен на одговор-

ност за одбраната на Европа со развојот на Европскиот безбедносен идентитет и одбранбената улога во рамките на НАТО.

Со цел да се зачува мирот и за да се спречи војна или било каков вид на принуда, определбата на НАТО, според Стратегискиот концепт, е и во иднина да одржува соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални сили стационирани во Европа и истите би се употребиле ако е тоа потребно, во значително намалено, но доволно ниво. Алијансата ќе одржува конвенционални сили на ниво кое ќе биде доволно да обезбедат широк спектар на опции на конвенционален одговор. Но, конвенционалните сили на Алијансата сами по себе не можат да обезбедат спречување на војната без постоењето на нуклеарното оружје, со што нуклеарното оружје и понатаму останува да биде од суштинско значење за зачувување на мирот.

Понатаму во овој дел од стратегискиот концепт се опишани и **карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата**. Имено, на самитот во Лондон, во рамките на промените на стратегијата на Алијансата, постигната е согласност за промена на концептот на истурена одбраната што би предизвикал намалено присуство на силите на границите на Алијансата и беше прифатена и промена на принципот на флексибилен одговор, со што би се намалила можната употреба на нуклеарното оружје. Промените беа неминовни согласно новата стратегиска околина и изменетите ризици и опасности со кои се соочува Алијансата. Сето тоа овозможи значајни промени во мисиите на воените сили на Алијансата и во карактеристиките на позицијата на нејзините сили.

Во однос на **мисиите на воените сили на Алијансата,** примарна улога на нејзините воените сили е да ја гарантираат безбедноста и територијалниот интегритет на земјите членки и таа улога останува непроменета, водејќи при тоа сметка и за новата стратегиска околина, во која една масовна и глобална закана може да предизвика различни и мулти насочени ризици. Согласно тоа, силите на Алијансата имаат различни функции кои ги извршуваат во мир, криза и војна.

Па се вели дека во мир, улогата на воените сили е да ја заштитат од ризици безбедноста на членките на Алијансата, да придонесат кон одржување на стабилноста и рамнотежата во Европа, промовирајќи дијалог и соработка, со цел градење на довербата, зголемување на транспарентноста, подобрување на комуникацијата и имплементирање на договорите за контрола на оружјето. Исто така, покрај мирот и стабилноста во Европа, Алијансата може да биде повикана да даде придонес и за глобалната стабилност и мир, преку обезбедување на сили за мисиите на Обединетите нации.

Во случај пак на криза која може да предизвика воена закана за безбедноста на членките на Алијансата, воените сили на Алијансата можат да ги надополнуваат и да ги зајакнат политичките акции во рамките на широк пристап кон безбедноста, а со тоа да придонесат за управувањето со такви кризи и нивното мирно решавање, како и способност да одвратат акција против било која земја членка и во случај на агресија да одговорат и да ја одвратат истата, како и повторно да го воспостават нарушениот територијален интегритет на нападната или нападнатите земји членки на Алијансата.

Констатацијата дека опасноста од општа војна во Европа е многу малку веројатно да се случи, не ја исклучува можноста таа сепак да се случи. Согласно тоа, воените сили на Алијансата мора да бидат подготвени да спречат војна од секаков вид и доколку се случи агресија да го вратат мирот. Оттука е и потребата од соодветната мешавина на конвенционални и нуклеарни сили кои ќе бидат способни да одвратат војна.

Понатаму се дадени **насоките за карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата**, согласно новата безбедносна околина, а кои се однесуваат на организацијата на силите на земјите членки на Алијансата кои мора соодветно да се прилагодат за да обезбедат заштита на мирот, управувањето со кризи и спречување на војната и во секое време да обезбедат одбрана, ако е потребно, на целата територија на Алијансата и да го вратат мирот.

Имено, големината, подготвеноста, достапноста и распоредливоста на воените сили на Алијансата и понатаму ќе бидат од строго дефанзивна природа и ќе се прилагодат на новата стратегиска околина, вклучувајќи ги тука и договорите за контрола на оружјето.

Ова намалено ниво на силите на Алијансата, за истите да бидат ефикасни во управувањето со кризите и во справувањето со агресијата против било која земја членка, ќе бара нивна зголемена флексибилност и мобилност, како и способност за нивно зголемување кога е тоа потребно. За задоволување на наведените елементи силите на Алијансата ќе се состојат од копнени, воздушни и поморски елементи подготвени за брза реакција и со можност да одговорат на широк опсег на ситуации, од кои многу се и непредвидливи. Според нивната структура, силите на НАТО ќе имаат можност нивните воени способност да ги изградат кога е потребно, со можност за праќање на засилување, со мобилизирање на резерви или со реконструкција на силите, во ситуација на кризи, но и при појава на голем конфликт. Согласно тоа, можностите за навремено засилување и логистичката поддршка во Европа и од Северна Америка се од особена важност. Соодветните воени структури и процедури се активности и постапки кои мора редовно да се

вежбаат во мир. Во случај пак на употреба на силите, ефикасната политичка контрола над делувањето на силите на Алијансата во сите фази од кризата или конфликтот, како и досега, е неминовно.

Во рамките на **карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата** дадени се **карактеристики на конвенционалните и нуклеарните сили** кои сили потребно е да имаат способност да ги исполнат своите функции во мир, криза и војна на начин соодветен на новата безбедносна средина. За исполнување на функциите на Алијансата, нивото на опременост, подготвеност и достапност потоа обуката и вежби, распоредување и зголемување на способностите, воените сили на Алијансата неопходно е да бидат на ниво кое ќе може да обезбеди постигнување на поставените цели и задачи. Конвенционалните сили на Алијансата дополнително ќе ги вклучуваат силите за брза реакција и главните одбранбени сили, кои ќе го обезбедат територијалниот интегритет на Алијансата и непречено користење на нивните линии за комуникација и ќе обезбедат вклучување на дополнителните сили кои ќе претставуваат зајакнување на постојните сили во одреден регион. За постигнување на поставените цели, воените сили на Алијансата според Стратегискиот концепт ќе се состојат од:

- копнени сили кои се од суштинско значење да се одржи или врати територијата. Поголемиот дел од нив ќе бидат на пониско ниво на подготвеност и генерално ќе имаат поголема поддршка од мобилизираните сили и од силите од резерва. Сите категории на копнените сили ќе треба да бидат добро борбено подготвени и да имаат способност за флексибилно распоредување;
- поморски сили кои поради нивната вродена мобилност, флексибилност и издржливост, имаат важен придонес за Алијансата при одговор на кризи. Нивните основни мисии се да се обезбеди контрола во морските води, со цел да се заштитат поморските линии на Алијансата за комуникација, потоа за поддршка на копнените и амфибиските операции, како и за заштита на распоредувањето на нуклеарните сили во морските води доколку е тоа потребно;
- воздухопловни сили, чија способност е да ги исполнат своите основни улоги во заштита на воздушниот простор и во комбинирани воздушни операции, како и да придонесат за надзор, извидување и електронски воени операции. Овие сили се од суштинско значење за севкупната ефективност на воените сили на Алијансата. Нивното ангажирање во поддршката на операциите, на копно и на море, ќе бараат соодветен долг воздушен мост и способност за полнење на гориво во воздух. Силите за одбрана од воздух (сили за против воздушната одбрана), вклучувајќи ја и софисти-

цираната против воздушна команда и контрола, потребно е да обезбедат безбеден воздушен простор.[68]

Понатаму се опишани поголемите потенцијални ризици кои се однесуваат на зголемувањето на бројот на балистички проектили и оружјето за масовно уништување на кои пак треба да им се даде посебно внимание. Решение на овој проблем би се барал во комплементарните приоди вклучувајќи, на пример, контрола на извозот на оружјето и развојот на ракетната одбрана.

Стратегијата на Алијансата не е зависна од водење на војна со хемиски средства, па затоа истото треба да биде забрането. Но, дури и по спроведувањето на глобалната забрана, мерките на претпазливост од чисто дефанзивна природа потребно е и понатаму да се одржуваат и развиваат.

Способноста на земјите членки на Алијансата да работат заедно, што ја олеснува и ефикасната употреба на ресурсите на Алијансата, ќе биде од особено значење за постигнување на мисиите на Алијансата. Во колективната одбрана на Алијансата споменатата интегрираната воена структура, вклучувајќи ги и мултинационални сили, играат значајна улога и се од суштинско значење, како и новиот Европски одбранбен идентитет кој исто така ќе одигра важна улога во подобрување на способноста на земјите членки во остварување на заедничката одбрана. Способноста да се одговори флексибилно на широкиот опсег на можни непредвидени ситуации, ќе бара соодветни разузнувачки податоци, флексибилна команда и контрола, мобилност во рамките на и меѓу регионите, и соодветни логистички способности, вклучувајќи ги и транспортните капацитети, но и соодветно опремени и обучени сили способни соодветно да одговорат на било каков ризик за безбедноста на Алијансата. Согласно тоа, елементи на сите три категории сила ќе бидат способни да на флексибилен начин извршат засилување на силите без разлика дали се работи за интраевропската или трансатлантската област, што ќе бара контрола на потребните линии на комуникација, како и соодветна поддршка и извежбување при што користењето на цивилните ресурси ќе бидат од особено значење.

Колективната одбрана, всушност, ќе се заснива на мултинационалните сили кои ја подобруваат кохезијата на Алијансата, го зајакнуваат трансатлантското партнерството и го зајакнуваат Европскиот столб и солидарноста во рамките на НАТО, со што се постигнува поефикасна употреба на ограничените ресурси за одбраната. Што се однесува пак до **карактеристиките на нуклеарните сили**

[68] The Alliance's New Strategic Concept , agreed by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council, 07 Nov. 1991 – 08 Nov. 1991. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_23847.htm

се вели дека основната цел на нуклеарните сили на НАТО е политичка, насочена кон зачувување на мирот и спречување на присилба и било каков вид на војна. Нуклеарните сили ќе продолжат и понатаму да играат важна улога преку обезбедување на несигурност во умот на секој агресор за природата на одговорот на НАТО на воена агресија. Најголемата гаранција за безбедноста на Алијансата ќе ја обезбедуваат стратегиските нуклеарни сили на Алијансата, особено оние на САД, како и нуклеарните сили на Велика Британија и Франција кои придонесуваат за целокупната безбедност на Алијансата, како и за одвраќање на потенционалниот агресор. Во тој контекст, широкото учество од страна на европските сојузници во колективното планирање на одбраната и нуклеарното планирање во мир и понатаму ќе биде од суштинско значење. Со тоа, нуклеарните сили на НАТО стационирани во Европа кои и во иднина ќе бидат на минимално ниво доволно за да се сочува мирот и стабилноста, обезбедуваат суштинска политичка и воена врска меѓу членките од Европа и Северна Америка. Алијансата смета дека, со радикалните промени во безбедносната ситуација, употребата на нуклеарно оружје треба да се размислува да биде малку веројатна, што несомнено води и до значително намалување на субстратегиските нуклеарни сили. Наспроти тоа, Алијансата и во иднина ќе одржува адекватни субстратегиски сили стационирани во Европа кои ќе обезбедат суштинска врска со стратегиските нуклеарни сили, како и зајакнување на трансатлантската врска. Субстратегиското нуклеарно оружје, се вели дека сепак, нема да биде распоредено во нормални околности на бродови и офанзивни подморници и нема потреба од постоење на нуклеарна артилерија или копнени лансирни рампи на нуклеарни проектили со краток дострел и истите ќе бидат отстранети.

На крајот во **заклучокот** на Стратегискиот концепт е опфатено сето она што го содржи овој Стратегиски концепт со кој се потврдува одбранбената природа на Алијансата и истиот ја штити безбедноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на земјите членки на Алијансата. Безбедносната политика на Алијансата се темели на широкиот приод кон безбедноста при што соработката и дијалогот треба да имаат значаен придонес, како и ефективната колективна одбрана, инструменти кои меѓусебно се поткрепуваат, со цел зачувување на мирот. Силите на Алијансата ќе бидат редуцирани, но доволни да можат да се справат со кризите, а во исто време и да обезбедат колективна одбрана на земјите членки.

Во овој Стратегиски концепт се издвојат три клучни области кои се нагласени, а тоа се:

- широк приод кон безбедноста при што соработката и дијалогот треба да имаат значаен придонес;

- вооружените сили треба да бидат редуцирани, меѓутоа, трансформацијата треба да овозможи мисии за справување со кризите, а во исто време и колективна одбрана за земјите членки;
- европските членки на Алијансата треба да превземат поголема одговорност за нивната безбедност.[69]

Понатаму се вели дека Алијансата ќе продолжи и понатаму да придонесува за ефикасна контролата на вооружувањето и мерките за градење доверба, со цел подобрување на безбедноста и стабилноста. Стратегија на НАТО ќе биде флексибилна, прилагодувајќи се на понатамошниот развој во политичко-воената средина, вклучувајќи го напредокот на Европскиот безбедносен идентитет и било кои промени во ризиците за безбедноста на Алијансата. Стратегискиот концепт претставува основа за понатамошен развој на одбранбената политика на НАТО, неговите оперативни концепти, карактеристиките на позицијата на неговите конвенционални и нуклеарни сили и неговата колективна одбрана, како и процесот на планирање на функциите на НАТО за постигнување на поставените цели.

## 2.2. Трансформацијата на НАТО согласно усвоениот Стратегискиот концепт од самитот во Рим

По завршување на студената војна, со промените кои настанаа во безбедносното опкружување, се зголеми потребата од консултирање и договарање помеѓу земјите членки на НАТО за понатамошниот развој на Алијансата во согласност со безбедносните предизвици и ризици на новото време. По одржаниот самит во Рим во ноември 1991 година, одржаните самити на Алијансата во Брисел во јануари 1994 година и Мадрид во јули 1997 година претставуваа форум на кој се расправаше за безбедносната состојба и безбедносните прашања со кои се соочуваше НАТО по завршувањето на студената војна. Актуелните безбедносни прашања и усвоениот Стратегиски концепт од самитот во Рим беа платформа согласно која Алијансата требаше да се трансформира.

---

[69] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр.14.

### 2.2.1. Одлуките од Брисел

На самитот одржан во Брисел, во периодот од 10-ти до 11-ти Јануари 1994 година, една од најзначајните одлуки беше онаа која се однесуваше на објавувањето на иницијативата Партнерство за мир (ПзМ)[70], со што се продолжи со трансформацијата на Алијансата. Формирањето на иницијативата значеше отворена покана до земјите што партиципираа во Северноатлантскиот совет за соработка, подоцна Евроатлантски партнерски совет, и другите земји на КЕБС односно ОБСЕ, да му се приклучат на НАТО и значеше една нова и далекусежна програма на соработка и унапредување на стабилноста и безбедноста во Европа. Партнерството за мир претставува програма за практична соработка со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни операции, операции од кризниот менаџмент и хуманитарни задачи.

На овој самит беше прифатен и концептот за Комбинирани здружени сили за посебна намена (Combined Joint Task Force-CJTF), како и другите мерки за развој на Европската безбедност и одбранбениот идентитет. Исто така, беше нагласена и силната трансатлантска врска, како и значењето на воеиото присуство на САД во Европа. Наспроти ова, НАТО мораше да продолжи и со адаптација на својата командна структура и структурата на силите на Алијансата врз основа на барањата за флексибилни и навремени одговори во согласност со Стратегискиот концепт на Алијансата.[71] Тоа значеше дека, НАТО се трансформира во Сојуз кој ќе биде способен во секое време и во секакви услови да го сочува мирот на планетарните простори, повторно прифаќајќи ја стратегијата на флексибилен одговор, но сега во функција на заштита и одбрана на прифатените вредности на западните демократии и системот на взаемни интереси.

На самитот, беше промовирана идејата за проширување на НАТО со земјите поранешниот Источен блок, со што ќе се придонесе за ширењето на просторната димензија на НАТО, а сето тоа ќе има влијание за зголемување на стабилноста и за намалување на заканата по мирот. Беше дадена и поддршка за реформите кои ги превзема Русија во поглед на своите воени сили. Во однос на случувањата во

[70] Инцијативата Партнерство за мир првпат е промовирана на состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО во октомври 1993 година. Истата е креирана од поранешниот заменик-државен секретар за одбрана на САД, Строут Таблот. Идејата за формирање на ваквата иницијатива беше намерата за зајакнување на стабилноста и безбедноста на Европа. Активното учество во Партнерството за мир одигра важна улога во еволутивниот процес на вклучување на нови членки во НАТО и истата стана специфична карактеристика на европската безбедносна архитектура.

[71] Declaration of the Heads of State and Government Participating in the meeting of the North Atlantic Council, 11 January 1994 - M-1(94)3. http://www.nato.int/docu/comm/comm94.htm#summit94

Босна и Херцеговина, беа истакнати активностите кои ги превзема НАТО согласно овластувањата на Советот за безбедност на Обединетите нации со што се создадоа можности за употреба на вооружените сили на Алијансата на просторот на поранешна Југославија, односно да интервенираат во Европа, надвор од своите простори. Во годините кои следеа, меѓу земјите членки на НАТО се понагласено беше мислењето дека се потребни одредени промени во Алијансата, за да може истата да биде подготвена за безбедносните предизвици на новото време и да може со успешност да одговори на истите.

### 2.2.2. Одлуките од Мадрид

Мадридскиот самит на НАТО, одржан во јули 1997 година, донесе многу промени во Алијансата и претставуваше остварување на главните иницијативи што ги превземаше Алијансата во текот на претходните години. Новата визија на НАТО беше во насока на реализација на праведен и долготраен мир во Европа како целина, заснована на почитување на усвоените демократски вредности.

На овој самит требаше да се соединат централните гледишта за идната политиката на Алијансата како целина и да се обезбеди нивен целосен интегритет и кохерентност.

Мерките кои требаше да се превземат беа следни:

- почеток на разговорите за прием со Полска, Унгарија и Чешка и прифаќањето на политиката на **отворени врати** за идното проширување;
- унапредување на Партнерството за мир и воспоставување на нов форум во форма на Евроатлантски партнерски совет (ЕАПС) со цел да се унапреди соработката;
- отпочнување на сосема нова страница во односите меѓу НАТО и Русија;
- формализација на растечкото партнерство со Украина;
- интензивирање на дијалогот со медитеранските земји[72];
- прогрес во однос на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на НАТО;
- дефинирање на реформираната воено-командна структура на Алијансата.[73]

---

[72] На состанокот на министрите за надворешни работи во Брисел, во декември 1994 година, беше претставена иницијативата насочена кон јужните соседи на Алијансата, наловена како Медитерански дијалог. Од самиот почеток, Медитеранскиот дијалог придонесе за безбедноста и градењето на доверба помеѓу земјите учеснички и истиот придонесе да се промени перцепцијата за НАТО помеѓу земјите од Медитеранот.

[73] Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium, стр. 22.

Сето ова водеше кон трансформација на НАТО согласно новите предизвици, прилагодувајќи се на новите безбедносни потреби, а при тоа не запоставувајќи ги традиционални задачи на Алијансата. Во јули 1997 година, шефовите на држави и влади се согласија дека Стратегискиот концепт треба да се преиспита за да се осигура дека тој остана целосно во согласност со новата безбедносна состојба и предизвици во Европа. Од Советот, беше побарано да започне со работа со цел да го заврши на време, за истиот да се презентира на следниот самит во 1999 година.

## 2.3. Вашингтонскиот самит, април 1999

Во периодот од 23-ти до 25-ти Април 1999 година, кога НАТО ја славеше 50 годишнината од своето постоење, се одржа Вашингтонскиот самит. И покрај тоа што во фокусот на самитот беше кризата во Косово, беа одобрени и поздравени други програми и постигнувања со долгорочни импликации врз Алијансата. Имено, принципот на отворени врати беше потврден со упатување на поканата за започнување на разговори за прием на Полска , Унгарија и Чешка во НАТО и беше нагласено дека вратата ќе остане отворена и за другите. Исто така, беше поддржана работата на Партнерството за мир и секако една од најзначајните одлуки се однесуваше на одобрувањето на новиот Стратегиски концепт на НАТО кој ја отсликуваше трансформираната безбедносна слика на крајот од 20- от век, како и безбедносните предизвици на 21-от век. Воедно, беше поздравен и напредокот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на НАТО и се побараа негово продолжување, со цел истиот да стане реалност. Промените пак во воените структури на кои се инсистираше од страна на земјите членки на НАТО, со кои воените сили ќе станат помобилни, интероперативни, одржливи и ефикасни, во иднина, ќе треба да обезбедат НАТО своите операции да ги изведува поефикасно.

На самитот беше посветено внимание и на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, при што како главна цел за НАТО која беше посочена е спречувањето на пролиферацијата и доколку таа се појави, истата да се сузбие преку дипломатски средства. Имено, Алијансата во иднина мора да биде ефикасна во справувањето со новите предизвици како што тоа го правеше и во минатото. Беше посочено дека, Алијансата на прагот од 21-от век, ќе остане посветена на колективната одбрана, способна за решавање на сегашните и идните ризици по безбедноста на Алијансата, при тоа зајакната со нови членки и отворена за нови членки и поддржана од други институции, партнери и земјите од Медите-

ранскиот дијалог, во настојувањето за подобрување на евроатлантската безбедност и стабилност.[74] Исто така, на самитот покрај важноста на Медитеранскиот дијалог беше нагласена и соработка на НАТО со Русија и Украина.

### 2.3.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Вашингтон

Како што веќе беше споменато на Вашингтонскиот самит беше ревидиран Стратегискиот концепт на Алијансата, донесен на самитот во Рим во 1991 година, и се донесе новиот Стратегиски концепт, кој ги даде насоките за дејствување на Алијансата, согласно времето кое доаѓа, односно согласно ризиците и предизвиците на 21-от век. Па така, на 24- ти Април 1999 година, беше донесен новиот Стратегискиот концепт на Алијансата, одобрен од шефовите на држави и влади учесници на состанокот на Северноатлантскиот совет во Вашингтон. Во концептот се потенцира дека Алијансата мора да има нагласена улога во консолидирањето и зачувувањето на позитивните промени во минатото, како и во соочувањето на НАТО со актуелните и идните безбедносни предизвици. За таа цел, од големо значење е јакнењето на трансатлантската врска, јакнењето на односите со партнерите, поголема одговорност на европските сојузници на безбедносен план и продолжување на процесот на проширување на НАТО.[75]

**Во воведот** од овој документ даден е историски осврт на случувањата во минатото и улогата на НАТО во тие случувања. Имено, се вели дека НАТО успешно ја обезбедил слободата на своите земји членки и ја спречил војната во Европа во текот на 40 години на студената војна. Дијалогот во комбинација со одбранбените капацитети на Алијансата одиграле значајна улога во односите помеѓу Истокот и Западот, со што повеќегодишната конфронтацијата завршила мирно. Посочено е дека промените кои настанале во безбедносната околина со крајот на студената војна беа рефлектирани во Стратегискиот концепт на Алијансата во 1991 година. Но, од тогаш се случиле длабоки политички и безбедносни промени што доведоа до појава на нови ризици и предизвици. Од друга страна пак, во новата Европа, со појавата на интегративните процеси, забележан е развој на евроатлантската безбедносна структура во која НАТО ја задржал цен-

[74] The Washington Declaration, Signed and issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C. on 23rd and 24th April 1999. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-063e.htm

[75] Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000, стр. 249.

тралната улога. Покрај тоа, нагласено е дека, Алијансата има водечка улога во напорите да се воспостават нови модели на соработка и меѓусебно разбирање во евроатлантскиот регионот и дека превзема други важни активности и иницијативи во интерес на поширокатa стабилност. Нејзината посветеност е прикажана во нејзините напори да се стави крај на огромните човечки страдања предизвикани од конфликтот на Балканот. Во годините од крајот на студената војна, како важни случувања се и оние кои се однесуваат на контролата на оружјето, процес на кој Алијансата е целосно посветена. Улогата на Алијансата во овие позитивни случувања е дополнета со сеопфатната адаптација кон пристапот на безбедноста и со своите постапки и структури.

Понатаму во воведот се вели дека, во последните десет години, значајни за безбедноста се и појавата на нови комплексни ризици за евроатлантскиот мир и стабилност, вклучувајќи ги угнетувањето, меѓуетничките конфликти, економската криза, колапсот на политичкото уредување на голем број земји од Централна и Источна Европа, како и ширењето на оружјето за масовно уништување. Се нагласува дека, Алијансата, исто така, има значајна улога во консолидирањето и зачувување на позитивните промени на неодамнешното минато и во исполнувањето на сегашните и идните безбедносни предизвици и таа мора да ги заштити заедничките безбедносни интереси во услови на натамошни, чести непредвидливи промени. Алијансата мора да ја одржува колективната одбрана и да ја зајакнува трансатлантската врска и да обезбеди рамнотежа која им овозможува на европските сојузници да превземат поголема одговорност. Нагласена е и потребата дека, НАТО мора да ги продлабочи своите односи со своите партнери и да се подготви за прием на нови членки, како и да ја одржува политичката волја и потребните воени средства, неопходни за целиот спектар на мисии на Алијансата.

На крајот од воведот се искажува значењето на новиот Стратегиски концепт. Имено, овој Стратегиски концепт, како и претходниот, претставува водич на Алијансата, ја изразува трајната цел на НАТО и ја искажува природата на нејзините фундаментални безбедносни задачи, понатаму ги утврдува и карактеристиките на новата безбедносна средина, ги утврдува елементите на широкиот приод кон безбедноста и дава насоки за понатамошно прилагодување на воени сили на Алијансата.

**Во првиот дел** од Стратегискиот концепт се опишани **Целта и задачите на Алијансата**. Како и во претходниот Стратегиски концепт трајна цел која е од суштинско значење за НАТО, а содржана во Вашингтонскиот договор, е заштита на слободата и безбедноста на сите земји членки на Алијансата со примена на политички и воени средства. Понатаму, се потврдува дека врз основа на заед-

ничките вредности на демократијата, човековите права и владеењето на правото, уште од своето основање Алијансата се бори да обезбеди траен мир во Европа и истото ќе продолжи да го прави и во иднина. Постигнувањето на оваа цел би можело да биде загрозена од појавата на кризи и конфликти кои би влијаеле на безбедноста на евроатлантската област. Поради тоа Алијансата, не само што ќе обезбедува заштита на своите земји членки, туку истата ќе придонесува и за обезбедување на мирот и стабилноста во целиот евроатлантски регион.

Овој Стратегиски концепт, исто така, ја прикажува важноста на трансатлантската врска со која безбедноста на Северна Америка е трајно поврзана со безбедноста на Европа, што претставува практичен израз на ефективни колективни напори меѓу нејзините земји членки во поддршка на нивните заеднички интереси. Имено, заедничката посветеност и взаемната соработка меѓу суверените држави за поддршка на неделивоста на безбедноста на сите земји членки на Алијансата е основниот водечки принцип со кој Алијансата функционира. Исто така, солидарноста и кохезијата во рамките на Алијансата, преку секојдневната соработка во политичките и воените сфери, претставува сигурен показател дека ниту еден сојузник не е принуден сам да се потпре на сопствените национални напори во справувањето со основните безбедносни предизвици и Алијансата на своите земји членки им овозможува да преку колективен напор ги остварат своите суштинските национални безбедносни цели, без при тоа да ги лишува од нивното суверено право и должност да превземат одговорност во областа на одбраната. И, како резултат на чувството на еднаква безбедност меѓу членките на Алијансата, без оглед на разликите во нивните околности или во нивните национални воени способности, се придонесува за стабилноста во евроатлантската област.

Позитивна страна на овој Стратегиски концепт е тоа дека, Алијансата овие бенефиции не ги обезбедува само за своите членки, туку во исто време е посветена и на создавање на услови за зголемено партнерство, соработка и дијалог со другите кои го делат овој широк спектар на политички цели.

За да ја постигне својата основна цел, како сојуз на нации потписнички на Вашингтонскиот договор и Повелбата на Обединетите нации, Алијансата потребно е да ги врши следните основни безбедносни задачи кои во основа не се разликуваат од претходниот Стратегиски концепт:

- **безбедност:** да обезбеди една неопходна основа за стабилна евроатлантската безбедносна средина, врз основа на развојот на демократските институции и заложба за мирно решавање на споровите, во кој ниту една земја не ќе биде во можност да заплаши или присили друга земја преку закана или употреба на сила;

- **консултации:** да служи, како што е предвидено во членот 4 од Вашингтонскиот договор, како суштински трансатлантски форум за консултации за сите прашања на земјите членки кои влијаат на нивните витални интереси, вклучувајќи ги и можните случувања кои би претставувале ризици за нивната безбедност и како форум за соодветна координација на нивните напори во областите од заеднички интерес;
- **одвраќање и одбрана:** да спречи и да одврати закана од агресија против било која членка на НАТО како што е предвидено во членовите 5 и 6 Вашингтонскиот договор.

И со цел подобрување на безбедноста и стабилноста на евроатлантската област:

- **управување со кризи:** да биде подготвена, од случај до случај и со консензус, во согласност со член 7 од Вашингтонскиот договор, да придонесе за ефикасна превенција на конфликти и активно да се вклучи во управувањето со кризи, вклучувајќи и операции за одговор на кризи.
- **партнерство:** да се промовира широка партнерство, соработка и дијалог со другите земји во евроатлантската област, со цел зголемување на транспарентноста, меѓусебната доверба и способност за заедничко дејствување со Алијансата.[76]

Во исполнувањето на целите и наведените основни безбедносни задачи, Алијансата ќе продолжи да ги почитува легитимните безбедносни интереси на другите и да бара мирно решавање на споровите како што е наведено во Повелбата на Обединетите нации, со што Алијансата се определува да промовира мирни и пријателски меѓународни односи и да дава поддршка на демократските институции. Со тоа, НАТО не се смета себе како противник на ниту една земја.

**Во вториот дел** од Стратегискиот концепт, дадени се **Стратегиските перспективи на Алијансата**, при што најпрво е опишан **Развојот на стратегиското опкружување** во кое опкружување Алијансата функционира во услови на континуирани промени. Се посочува дека, развојот на настаните во последните години се генерално позитивни, но неизвесностите и ризиците остануваат и истите можат да предизвикаат акутна криза. Во текот на овој развоен контекст, НАТО одиграл важна улога во зајакнување на евроатлантската безбедност од крајот на студената војна. Неговата растечката политичка улога, зголеменото политичко

[76] The Alliance›s Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C., 24 Apr. 1999. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en

и воено партнерство, соработката и дијалогот со другите држави, меѓу кои и со Русија, Украина и земјите од Медитеранскиот дијалог, отвореноста за прием на нови членови, неговата соработка со други меѓународни организации, неговата посветеност во спречувањето на конфликтите и управувањето со кризи, како тие на Балканот, вклучително и операциите за поддршката на мирот, ја прикажуваат неговата решеност да ја креира безбедносната средина и да го одржи мирот и стабилноста на евроатлантската област.

Паралелно со тоа, НАТО ги подобрил своите способности и придонел за евроатлантскиот мир и стабилност преку спроведување на внатрешните реформи на Алијансата, односно преку формирањето на новата командна структура, потоа концептот на Комбинирани здружени сили за посебна намена (Combined Joint Task Force-CJTF), создавањето на можности за брзо распоредување на силите за целиот спектар на мисии на Алијансата, како и преку изградбата на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на Алијансата.

Признание за евроатлантската безбедност и стабилност се оддава и на Организацијата на Обединетите нации (ООН), Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Европската унија (ЕУ) и Западноевропската унија (ЗЕУ), што јасно укажува на фактот дека меѓународните организации меѓусебно се поткрепуваат и надополнуваат, а таквата соработка стана важна карактеристика на безбедносната средина. Нагласена е и улогата на Советот за безбедност при Обединетите нации кој всушност ја има примарната одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедност и како таков игра клучна улога за безбедноста и стабилноста во евроатлантската област.

Посебно се издвојува ОБСЕ кој неспорно претставува најинклузивна организација за безбедноста во Европа, во која членуваат Канада и САД и истата има важна улога во промовирањето на мирот и стабилноста, во подобрувањето на соработката и унапредување на безбедноста, како и во унапредување на демократијата и човековите права во Европа. Се издвојува улогата на ОБСЕ во областа на превентивната дипломатија, превенцијата на конфликти, управувањето со кризи и постконфликтната рехабилитација. Настаните на просторот на поранешна Југославија придонеле НАТО и ОБСЕ да развијат блиска соработка, особено во однос на меѓународните напори да се воспостави мирот.

Во однос на Европската унија, признание се дава на значајните одлуки од нејзина страна, со што се дава дополнителен поттик на нејзините напори да ја зајакне својата безбедносна и одбранбена димензија. Овој процес би имал влијание и на целата Алијанса и сите европски сојузници ќе треба да бидат вклучени во него. Развојот на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)

вклучува прогресивно креирање на заедничка одбранбена политика. Таквата политика, како што се бара во Договорот од Амстердам[77] би била компатибилна со заедничката безбедносна и одбранбена политика воспоставена во рамките на Вашингтонскиот договор. Важни чекори во овој контекст, како што се посочува, се и Петербуршките задачи[78] на ЗЕУ во Договорот за Европската унија[79] и развојот на поблиските институционални односи со ЗЕУ.

Во овој Стратегиски концепт посебно место завзема Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на НАТО. Алијансата целосно го поддржува развојот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на Алијансата, со тоа што на располагање ги дава своите средства и можности за предводените операции од страна на ЗЕУ, за што Алијансата и ЗЕУ имаат развиено блиски односи. Со цел, подобрување на мирот и стабилноста во Европа и пошироко, европските сојузници ќе продолжат да ги зајакнуваат своите капацитети, преку зголемување на своите воени способности. Зголемувањето на надлежностите и капацитетите на европските сојузници во однос на безбедноста и одбраната би ја подобрило безбедносната околина на Алијансата.

Стабилноста, транспарентноста, предвидливоста, намалувањето на вооружувањето, договорите за контролата на вооружувањето и неширењето на нуклеарното оружје исто, даваат поддршка на политичките и воените напори на НАТО за постигнување на стратегиските цели, при што се постигнати значајни достигнувања во оваа област преку имплементирање на многубројните иницијативи и договори. Од суштинско значење е и понатамошниот напредок во контролата на вооружувањето, пред сè на конвенционалното оружје, како и на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје.

---

[77] Договорот од Амстердам во 1997 година претставуваше засилување на институционалната основа на заедничката политика во надворешните работи и во безбедноста, инаугурирана во Договорот од Мастрихт во 1992 година.

[78] Петербуршки задачи, кои беа инкорпорирани во рамките на ЕУ со договорот од Амстердам во 1997 година, се состојат од хуманитарни и спасувачки задачи, мировни задачи и задачи за борбени сили во справување со криза, вклучително и одржување на мирот. Нивната улога би била превземање на воени операции од ЕУ како одговор на меѓународните кризи, во услови кога НАТО не е воено вклучена. Овој процес е дел од решеноста на ЕУ во развој на заедничка европска политика за безбедност и одбрана, која би ја поддржало воено нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика. Со тоа ќе се избегне непотребно дуплирање со структурите на НАТО.

[79] Договорот за Европската унија е потпишан во Мастрихт во 1992 година. Договорот стапил на сила 1993 година со што земјите членки решија да живеат "федерализирани", уредени врз принципот на заемни интереси и политичко, економско и безбедносно интегрирање. Овој договор вклучуваше карактеризирање на Западноевропската унија како интегрален дел од развојот на Европската унија според договорот, и барање до ЗЕУ да ги разработи и имплементира одлуките и акциите на ЕУ кои имаат одбранбени импликации, состојба која се задржа се до одлуката на Европскиот совет, во јуни 1999 година, за инкорпорирањето на улогата на ЗЕУ во ЕУ, со што се стави крај на ЗЕУ.

Во однос на **Безбедносните предизвици и ризици** кои се значително проширени во однос на претходниот Стратегиски концепт, се вели дека и покрај позитивните случувања во стратегиското опкружување и фактот дека голема конвенционална агресија против Алијансата е многу малку веројатна можноста за таква закана на подолг рок, сепак постои. Безбедноста на Алијансата останува и понатаму да биде предмет на широк спектар на воени и невоени ризици кои се манифестираат повеќенасочно и често е тешко да се предвидат. Овие ризици вклучуваат несигурност и нестабилност во и околу евроатлантската област и опасност од регионални кризи на периферијата на Алијансата кои би можеле да се развијат брзо. Исто така, се посочува дека некои земји во и околу евроатлантската област се соочуваат со сериозни економски, социјални и политички тешкотии. Следни предизвици и ризици кои секако не треба да се изостават се етничките и верските ривалства, територијалните спорови, спорите или неуспешните реформи, злоупотреба на човековите права, како и распадот на државите кои можат да доведат до појава на локална, па дури и до регионална нестабилност. Како резултат на сето тоа, може да дојде до појава на криза која може да има влијание и на евроатлантската стабилност, да предизвика човечки страдања и вооружен конфликт. Ваквите конфликти можат да влијаат на безбедноста на Алијансата, од прелевање во соседните земји, вклучувајќи ги и земјите членки на НАТО, а исто така може да влијаат на безбедноста и на другите држави.

Повторно значајно место завзема и постоењето на моќни нуклеарни сили надвор од Алијансата, кои исто така, претставуваат значаен фактор кој Алијансата треба да го земе во предвид во одржувањето на безбедноста и стабилноста во евроатлантската област .

Пролиферацијата на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје и на средствата за негово производство останува прашање на сериозна загриженост. И, покрај напредокот во зајакнување на меѓународната не-пролиферација кој што го има Алијансата, големите предизвици во однос на пролиферацијата и понатаму остануваат. Алијансата не ја исклучува можноста дека пролиферацијата може да се случи и покрај напорите таа да се спречи и истата може да претставува директна воена закана за населението на Алијансата, нејзината територија и сили. Некои држави, вклучувајќи ги и оние на периферијата на НАТО и во другите региони, продаваат, стекнуваат или се обидуваат да стекнат нуклеарно, хемиско и биолошко (НХБ) оружје и тргуваат со него. Стоките и технологијата која може да се користи за производство на овие оружја за масовно уништување и нивната испорака стануваат се почести, додека откривањето и спречувањето на нелегалната трговија со овие материјали продолжува да биде тешко остварли-

ва. Недржавните актери, постепено добиваат потенцијал да создадат и користат некои од овие оружја. Понатаму, се нагласува дека, глобалното ширење на технологијата која може да се користи и во производството на оружје, би можела да резултира со поголема достапност на софистицирани воени способности, што му овозможува на противникот да се здобие со многу способни системи за напад и одбрана од воздухот, копно, и море, крстосувачки ракети и други напредни оружја. Покрај тоа, државните и недржавните противници може да се обидат да ја искористат растечката зависност на Алијансата од информациските системи и преку информациони операции да ги нарушат таквите системи. Тие можат да се обидат да ги користат стратегиите од овој вид за да се спротивставаат на супериорноста на НАТО во традиционалното оружје.

Покрај тоа што секој вооружен напад на територијата на било која земја членка на Алијансата, од било која насока, ќе биде покриен од страна на членовите 5 и 6 од Вашингтонскиот договор, се истакнува определбата дека, сепак за безбедноста на Алијансата мора да се води сметка во глобален контекст. Тоа значи дека, безбедносните интереси на Алијансата може да бидат погодени и од страна на други ризици од поширока природа, вклучувајќи ги и актите на тероризам, саботажа и организираниот криминал, како и прекинот на протокот на витални ресурси. Неконтролираното движење на голем број на луѓе, особено како последица на вооружените конфликти, исто така, се посочуваат како проблеми за безбедноста и истите имаат влијаат на стабилноста на Алијансата. За таа цел, во рамките на Алијансата и понатаму од суштинско значење ќе бидат консултациите помеѓу земјите членки во согласност со членот 4 од Вашингтонскиот договор, преку кои всушност се обезбедува координацијата на нивните напори и одговори на ризиците од овој вид.

**Во третиот дел** од Стратегискиот концепт е даден **Пристапот на Алијансата кон безбедноста во 21-от век**. И, овде е нагласена потребата од широкиот пристап кон безбедноста на што Алијансата му придава големо значење, при што од особена важност се политичките, економските, социјалните и еколошките фактори во прилог на неопходноста на одбранбената димензија. Овој широк пристап претставува основа за успешно и ефикасно остварување на основните безбедносни задачи на Алијансата, што води и кон зголемување на ефективната соработка со другите европски и евроатлантски организации, како и кон зголемување на соработката со Обединетите нации. Колективна цел на Алијансата е да се изгради европска безбедносна архитектура во која придонесот на Алијансата кон безбедноста и стабилноста на евроатлантската област и придонесот на другите меѓународни организации се комплементарни и меѓусебно се поткрепуваат

во продлабочувањето на односите меѓу евроатлантските земји и во управувањето со кризите. Се потврдува определбата на НАТО дека и понатаму останува форум од суштинско значење за консултации помеѓу земјите членки на Алијансата и форум за договор на политиките кои влијаат врз безбедноста и обврските за одбраната на членките на НАТО во рамките на Вашингтонскиот договор.

Се истакнува посветеноста на Алијансата да го сочува мирот и да ја зајакне евроатлантската безбедност и стабилност со зачувување на трансатлантската врска, одржување на ефективни воени капацитети доволни за одвраќање и одбрана, исполнување на целиот спектар на мисии на Алијансата, потоа развојот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на Алијансата, целокупната способност да управува со кризите успешно, продолжување на нејзината отвореност за нови членки, понатамошен развој на партнерството, соработката и дијалогот со другите земји како дел од кооперативниот пристап кон евроатлантската безбедност, вклучително и во областа на контрола на вооружувањето и разоружувањето.

Во однос на **трансатлантската врска** НАТО се залага за силна и динамична соработка меѓу Европа и Северна Америка во поддршка на вредностите и интересите кои тие ги делат. Безбедноста на Европа и на Северна Америка се неделиви. Согласно тоа, посветеноста на Алијансата за развој на трансатлантската врска и колективната одбрана на своите членки е од фундаментално значење за кредибилитетот и за безбедноста и стабилноста на евроатлантската област. **Одржувањето пак на соодветни воени капацитети на Алијансата** и јасната подготвеност на НАТО да дејствува колективно во заедничката одбрана и понатаму завзема централно место во безбедносните цели на Алијансата. Таквата можност, заедно со политичката солидарност, остануваат во суштината на способноста на Алијансата да спречи секаков обид за присила или заплашување и претставува гарант дека воена агресија насочена против Алијансата никогаш не може да биде сфатена како опцијата со било какви изгледи за успех. Воените способности, исто така, се од особено значење за способноста на Алијансата во исполнувањето на **целиот спектар на мисии** при што во прв ред се превенција на конфликтите и управувањето со кризи преку не-член 5 операции за одговор на кризи. Овие мисии можат да бидат мошне тешки, но, истите придонесуваат за јакнење на политичките и воени квалитети на земјите членки на Алијансата, како што се кохезијата, мултинационалната обука и сеопфатното планирање, кои пак ќе бидат од суштинско значење при водењето на член 5 операциите од Вашингтонскиот договор. Соодветно на тоа, се истакнува дека, тие може да поста-

вуваат посебни барања, на кои ќе биде одговорено преку заедничко дејствување на структурите и процедурите на Алијансата.

Во зачувување на евроатлантскиот мир и безбедност и понатаму, од особено значење е развојот на **Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет** во рамките на Алијансата. Со тоа, на европските земји членки на Алијансата им се овозможува да превземат поголема одговорност во областа на безбедноста и одбраната со цел подобрување на мирот и стабилноста на евроатлантската област и на тој начин придонесувајќи за безбедноста на сите сојузници. За овој процес да биде успешен нагласена е тесната соработка меѓу НАТО и ЗЕУ, но и меѓу НАТО и Европската унија. Тоа би им овозможило на сите европски сојузници да направат покохерентен и ефективен придонес во мисиите и активностите на Алијансата како израз на заедничките одговорности на Алијансата, исто така ќе го зајакне трансатлантското партнерство и би им помогнало на европските сојузници да делуваат сами, но од случај до случај и со консензус. Во такви околности, се вели дека, Алијансата ќе ги направи своите средства и можности достапни за операциите во кои Алијансата нема да е воено вклучена, операции под политичка контрола и стратегиска команда на ЗЕУ освен ако не е поинаку договорено, водејќи при тоа сметка за целосно учество на сите европски сојузници.

И во овој Стратегиски концепт од суштинско значење за мирот и стабилноста е **Превенцијата на конфликтите и управувањето со кризите**. Во извршување на својата политика за зачувување на мирот, покрај спречување на војната и подобрување на безбедноста и стабилноста како што е утврдено во основните безбедносни задачи, НАТО е цврсто определен, во соработка со други организации, да го спречи конфликтот или ако се појави криза да придонесе во нејзиното ефикасно управување, во согласност со меѓународното право, вклучувајќи ја и можноста за спроведување на не-член 5 операциите за одговор на кризи. Подготвеноста на Алијансата да ги извршува таквите операции, всушност, ја поддржува поширока цел за зајакнување и проширување на стабилноста и често би вклучувало учество на партнерите на НАТО.

НАТО предизвикан од случувањата на Балканот, и овој пат ја потенцира и поддршката на мировните и други операции во надлежност на Советот за безбедност на ОН или во надлежност на ОБСЕ, вклучувајќи ја и достапноста на ресурсите и експертизата од страна на Алијансата. Имајќи ја во предвид потребата за солидарност и кохезија во рамките на Алијансата, учество во било каква операција или мисија,се нагласува дека, ќе остане предмет на одлуки на земјите членки во согласност со националните устави.

Понатаму се изразува определбата на НАТО да преку партнерство, соработка и дијалог и поврзаноста со други организации придонесува за спречување на кризите, а доколку таа се појави ќе настојува да ја спречи во нејзината рана фаза. Кохерентниот пристап во управувањето со кризи, како и во секоја употреба на сила од страна на Алијансата, ќе бара од политичките власти на Алијансата да ги изберат и да ги координираат соодветните одговори од големиот број на политички и воени мерки и да применат политичка контрола во сите фази од кризата.

Преку активно спроведување на **партнерството, соработката и дијалогот**, НАТО е определен да придонесе во промовирањето на безбедноста и стабилноста во целата евроатлантската област. Алијансата ќе остане посветана на зачувувањето на мирот, поддржувајќи и промовирајќи ја демократијата, придонесувајќи за просперитет и напредок и настојувајќи да се постигне вистинско партнерство со и меѓу сите демократски земји во евроатлантската област. Ова е со цел да се подобри безбедноста и помага да се надминат поделбите и несогласувањата кои би можеле да доведат до нестабилност и конфликт.

Сеопфатна рамка за сите аспекти на соработка на НАТО со своите партнери претставува Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС). Консултациите во ЕАПС изградиле зголемена транспарентност и довербата меѓу неговите членови за безбедносните прашања и истиот придонел за спречување на конфликтите и развојот на кризниот менаџмент и развил практични активности на соработка, вклучително и во вонредни состојби од невоен карактер и планирање.

Овој Стратегиски концепт му дава особено значење на Партнерството за мир (ПзМ) за кое се вели дека тоа и понатаму претставува главен механизам за безбедносно поврзување меѓу Алијансата и нејзините партнери, како и за подобрување на интероперабилноста помеѓу партнерите и НАТО. Имено, преку детални програми кои се однесуваат на секој партнер поединечно во согласност на неговите капацитетите и интереси, сојузниците и партнерите работат кон подобрување на транспарентноста во националното одбранбено планирање и буџетирање, демократската контрола на одбранбените сили, подготвеноста за одговор при елементарни непогоди и други вонредни состојби и развој на способноста да работат заедно, вклучувајќи ги и НАТО ПзМ операциите. Алијансата и понатаму се залага за зголемување на улогата на програмата ПзМ во процесот на донесување на одлуки и планирањето и оспособување на ПзМ да стане повеќе оперативно. НАТО ги истакнува консултациите со секој активен учесник во партнерство како многу значајни ако тој партнер гледа директна закана за неговиот територијален интегритет, политичката независност или безбедност.

Нагласена е и улогата на Русија во евроатлантската безбедност. Во рамките на Договорот за заемни односи, соработка и безбедност помеѓу НАТО и Русија, истите се заложија за развој на нивните односи врз основа на заеднички интерес, реципроцитет и транспарентност сè со цел да се постигне траен и сеопфатен мир во евроатлантската област врз основа на принципите на демократијата и кооперативна безбедност. Значајна е определбата на НАТО и Русија да дадат конкретен придонес во нивната заедничка заложба за изградба на стабилна, мирна и неподелена Европа. Силната, стабилна и трајна соработка меѓу НАТО и Русија е од суштинско значење за да се постигне трајна стабилност во евроатлантската област.

Исто така, и Украина завзема посебно место во евроатлантската безбедносна околина и е важен партнер во промоција на стабилноста и заедничките демократски вредности. Алијансата ќе остане посветена на понатамошно зајакнување на посебното партнерство со Украина врз основа на Повелбата помеѓу НАТО и Украина, вклучувајќи ги и политичките консултации за прашања од заеднички интерес и во голем број на активности за соработка. Алијансата во овој Стратегиски концепт ја истакнува и поддршката на Украинскиот суверенитет и независноста, територијалниот интегритет, демократскиот развој, економскиот просперитет и статусот на не-нуклеарна држава како клучни фактори на стабилноста и безбедноста во Централна и Источна Европа и во Европа како целина.

Покрај односите со Русија и Украина, НАТО, во концептот, Медитеранот го класифицира за област од посебен интерес за Алијансата. Се вели дека, безбедноста во Европа е тесно поврзана со безбедноста и стабилноста во Средоземното Море. Медитеранскиот дијалог претставува процес кој е составен дел на кооперативниот пристап на НАТО кон безбедноста. Тој обезбедува рамка за градење на доверба, промовира транспарентност и соработка за постигнување на стабилност и безбедност во регионот на Средоземното море, но и пошироко. Алијансата и понатаму останува посветена на постепен развој на политичките, граѓанските и воените аспекти на дијалогот со цел да се постигне поблиска соработка и поактивно вклучување на земјите кои се партнери во овој дијалог.

За разлика од претходниот Стратегиски концепт каде што беше нагласена потребата од поблиска соработката со поранешните непријатели, членки на Варшавскиот договор, **проширувањето** во овој Стратегиски концепт завзема централно место и истото е од суштинско значење за постигнување на траен и долготраен мир. Алијансата и понатаму останува отворена за нови членки во согласност со член 10 од Вашингтонскиот договор. Се посочува дека, во наредните години се очекува Алијансата да упати покани за членство до земји кои се подготвени и способни да ги превземат одговорностите и обврските кои произле-

гуваат од членството во НАТО, со што вклучувањето на овие земји ќе послужи за севкупните политички и стратегиски интереси на Алијансата, во зајакнување на нејзината ефикасност и кохезија и подобрување на целокупната европска безбедност и стабилност. Нагласено е дека, ниту една европската демократска земја која ќе ги исполни целите на Договорот нема да биде исклучена од разгледување.

Заради нараснатите проблеми посебно место во Стратегискиот концепт завзема и **Контрола на вооружувањето, разоружувањето и не-пролиферацијата**. Политиката на Алијансата за поддршка на контролата на вооружувањето, разоружувањето и неширењето на нуклеарното оружје ќе продолжи да игра голема улога во постигнувањето на безбедносните цели на Алијансата. НАТО ќе настојува да ја зголеми безбедноста и стабилноста со најниско можно ниво на силите, во согласност со способноста на Алијансата да обезбеди колективна одбрана и да го исполни целиот спектар на мисии. Како важен дел од широкиот пристап кон безбедноста е настојувањето одбраната и контролата на вооружувањето, разоружувањето и не-пролиферацијата да останат во хармонија. Алијансата ќе остане и понатаму посветена на развојот и почитување на договорите за контрола на вооружувањето, разоружувањето и не-пролиферацијата, како и на мерките за градење на доверба и сигурност. Се вели дека, НАТО сериозно ја сфаќа својата улога во промовирањето на пошироката и посеопфатна меѓународната контрола на вооружувањето и разоружувањето и дека Алијансата ќе ги зголеми своите политички напори за намалување на опасностите кои произлегуваат од ширењето на оружјето за масовно уништување и средствата за негово производство. И понатаму, основната цел на Алијансата е да се спречи ширењето на оружјето за масовно уништување, првенствено преку фаворизирање на дипломатските средства.

**Во четвртиот дел** од Стратегискиот концепт се дадени **Насоките за силите на Алијансата за принципите на стратегијата на Алијансата**. И во овој Стратегиски концепт, се потврдува определбата на Алијансата дека ќе ги одржува потребните воени капацитети за остварување на целиот спектар на мисии на НАТО. Принципите на солидарност и сојузничко стратегиско единство ќе останат во преден план за сите мисии на Алијансата. Силите на Алијансата мораат да ја штитат воената ефективност на НАТО и слободата на дејствување. Безбедноста на сите земји членки и понатаму останува неделива, односно напад врз еден е напад на сите. Во однос на колективната одбрана во согласност со член 5 од Вашингтонскиот договор, комбинираните воените сили на Алијансата неопходно е да бидат способни за одвраќање на потенцијалната агресија против било која земја членка на Алијансата, за што поскоро запирање на напредувањето на

агресорот и спречување истиот да превземе напад, како и за обезбедување на политичката независност и територијален интегритет на нејзините земји членки. Тие, исто така, мора да бидат подготвени да придонесат за спречување на конфликтите и за водење на не-член 5 операции за одговор на кризи. Се потенцира дека, силите на Алијансата имаат суштинска улога во подобрување на соработката и разбирањето со партнерите на НАТО и други држави, особено во помагање на партнерите да се подготват за потенцијалното учество во НАТО ПзМ операции. На тој начин, тие придонесуваат за зачувување на мирот, за заштита на заедничките безбедносни интереси на членките на Алијансата, како и за одржување на безбедноста и стабилноста на евроатлантската област. Со одвраќање пак на употребата на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје тие придонесуваат и кон напорите на Алијансата насочени кон спречување на ширењето на ова оружје и средствата за негово производство.

Понатаму се вели дека, постигнувањето на целите на Алијансата зависи од правичното и рамномерно делење на улогите, ризиците и одговорностите, како и придобивките од заедничката одбрана. И, во овој Стратегиски концепт е нагласено дека присуството на конвенционалните и нуклеарните сили на САД во Европа останува од витално значење за безбедноста на Европа која е нераздelno поврзана со онаа на Северна Америка. Сојузниците од Северна Америка даваат придонес кон Алијансата преку воените сили кои се на располагање за мисиите на Алијансата, преку својот поширок придонес за меѓународниот мир и безбедност, како и преку обезбедување на единствени можности за обука на Северноамериканскиот континент. Посебно, се истакнува придонесот на европските сојузници со процесот на развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на Алијансата, со што европските сојузници уште повеќе ќе го зголемат својот придонес за заедничката одбрана и за меѓународниот мир и стабилност. Повторно, се повторува принципот на колективен напор за одбрана со кој на земјите членки на Алијансата им овозможуваа да уживаат во политичките, воените и материјалните придобивки на колективната одбрана, без лишување од нивното суверено право за развој на национални одбранбени политики. Исто така, водењето не-член 5 операции за одговор на кризи од страна на силите на НАТО претставува предуслов за кохерентен одговор на Алијансата на сите можни обврски. Тие се базираат на постапките на консултации, на интегрираната воена структура и на договорите за соработка. Вклучувањето на партнерите на НАТО во таквите договори или развој на слични аранжмани со нив, во соодветни области, исто така, е средство за подобрување на соработката и заедничките напори за евроатлантските безбедносни прашања.

Опфатено е и мултинационалното финансирање, вклучително и воениот буџет и инвестиции на НАТО за безбедноста, кое ќе продолжи да игра важна улога во постигнување и одржување на потребните средства и способности. Се истакнува дека управувањето со ресурсите треба да биде водено од страна на воените барања на Алијансата како што тие еволуираат.

Алијансата го поддржува натамошниот развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на НАТО, вклучувајќи ја и подготвеноста да ги стави на располагање средствата и можностите на Алијансата под политичка контрола и стратегиска команда на ЗЕУ, освен ако не е поинаку договорено.

Како и претходно, за да се заштити мирот и да се спречи војна или било каков вид на принуда, Алијансата и во иднина ќе одржува соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални сили, стационирани во Европа, на најмало можно, но доволно ниво кои ќе бидат подготвени да се употребат кога тоа ќе биде потребно. Имајќи ја во предвид разновидноста на ризиците со кои Алијансата може да се соочи, таа мора да ги одржуваа силите на потребно ниво за да обезбеди веродостојно одвраќање и да се обезбеди широк спектар на опции на конвенционален одговор. Но, конвенционалните сили на Алијансата не можат сами да обезбедат веродостојно одвраќање. Нуклеарното оружје прави уникатен придонес во гледањето на ризиците од агресија против Алијансата да станат непроценливи и неприфатливи. Така, конвенционалните и нуклеарните сили и понатаму се од суштинско значење за зачувување на мирот.

Стратегискиот концепт, како и претходниот, ги обработува **Карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата** кои најнапред го вклучуваат делот кој се однесува на **мисиите на воените сили на Алијансата**. Примарната улога на воените сили на Алијансата е заштита на мирот, територијалниот интегритет, политичката независност и безбедноста на земјите членки. Силите на Алијансата мора да бидат способни ефикасно да одвратат агресија и да ја одбранат територијата на земјите членки, да го задржат или обновуваат територијалниот интегритет на било која земја членка и во случај на конфликт, војната да заврши брзо, со тоа што агресорот ќе ја преиспита својата одлука, ќе го запре својот напад и ќе се повлече. Силите на НАТО мора да ја одржуваат способноста на рамниште кое ќе обезбеди колективна одбрана и во случај на нивна ангажираност за изведување на не-член 5 операции за одговор на кризи.

Одржувањето на безбедноста и стабилноста во евроатлантската област и понатаму останува од клучна важност. Важна цел на Алијансата и нејзините сили е да се спречат потенцијалните кризи уште во нивната рана фаза. Во случај на кризи кои влијаат на евроатлантската стабилност и на безбедноста на земјите

членки на Алијансата, според Стратегискиот концепт, воените сили на Алијансата може да бидат повикани да спроведат и операции за одговор на кризи. Тие, исто така може да бидат повикани да придонесат за зачувување на меѓународниот мир и безбедност преку спроведување операции за поддршка на другите меѓународни организации, надополнувајќи ги и зајакнувајќи ги политичките активности во рамките на широк пристап кон безбедноста.

Во својот придонес во управувањето со кризите, преку воени операции, силите на Алијансата ќе треба да се справат со сложен и разновиден спектар на актери, ризици, ситуации и барања, вклучувајќи и хуманитарни итни случаи. Алијансата, исто така, со своите способности и капацитети треба да биде подготвена да ги поддржат операциите под политичка контрола и стратегиска команда на ЗЕУ освен ако не е поинаку договорено. Потенцијалното учество на партнерите и други не-НАТО земји во операциите предводени од НАТО, како и можните операции со Русија, ќе бидат важни елементи во придонесот на НАТО во управувањето со кризите кои пак имаат големо влијание на евроатлантската безбедност. Според тоа, воените сили на Алијансата придонесуваат кон промовирање на стабилноста во евроатлантската област преку воената соработка, како и преку други активности на соработка и вежби во рамките на Партнерството за мир, како и оние активности за продлабочување на односите на НАТО со Русија, Украина и на земјите од Медитеранскиот дијалог. Тие придонесуваат за стабилноста и разбирањето, во градењето на довербата, вклучувајќи ги и оние активности кои ја зголемуваат транспарентноста и ја подобруваат комуникацијата, како и почитување на договорите за контрола на вооружувањето и операциите од хуманитарен карактер. Посочени се клучните области на консултации и соработка и истите може да вклучуваат обука и вежби, интероперабилност, цивилно-воените односи, концепт и развој на доктрина, планирање на одбраната, управување со кризи, прашања од областа на не-пролиферација, воената соработка, како и учество во оперативното планирање и операции.

Следно во карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата се дадени **насоките за позицијата на силите на Алијансата, како и карактеристиките на конвенционалните и нуклеарните сили**. За спроведување на основните безбедносни задачи на Алијансата и принципите на нејзината стратегија, силите на Алијансата мора да продолжат да се прилагодат за да ги задоволат ефикасно барањата на целиот спектар на мисии на Алијансата и да одговорат на идните предизвици. Позицијата на силите на Алијансата изградени на силата на различните национални одбранбени структури, ќе бидат во согласност со насоките определени од страна на Алијансата. Имено, големината, подготвенос-

та, достапноста и распоредувањето на воените сили на Алијансата ја изразуваат нејзината заложба за колективна одбрана и за спроведување на операциите за одговор на кризи, понекогаш во краток временски период, далеку од својот дом, вклучувајќи ги и оние надвор од територијата на Алијансата. Карактеристиките на силите на Алијансата ќе зависат и од одредбите на релевантните договори за контрола на вооружувањето. Силите на Алијансата, според Стратегискиот концепт, мора да бидат адекватни во сила и способности за да се одврати и спречи агресија против било која земја членка. Тие мора да бидат интероперабилни и да имаат соодветни доктрини и технологии. Тие мора да го одржуваат потребното ниво на подготвеност и распоредување и да бидат способни да постигнат воен успех во широк спектар на комплексни заеднички и комбинирани операции, кои исто така може да вклучуваат партнери и други не-НАТО земји.

Ова всушност значи:

- дека вкупниот обем на силите на сојузниците ќе се чуваат на најниско ниво во согласност со барањата на колективната одбрана и други мисии на Алијансата, тие ќе се одржуваат на соодветно и потребно ниво на подготвеност;
- дека во мир, географска распределба на силите ќе обезбеди доволно воено присуство на целата територија на Алијансата, вклучувајќи и стационирање и распоредување на сили надвор од домашната територија, како и истурено распоредување на сили кога и каде е потребно;
- дека командната структура на НАТО ќе биде во можност да превземе команда и контрола на целиот спектар на воени мисии на Алијансата, вклучувајќи ја употребата на распоредливи комбинирани и заеднички штабови, особено штабовите на Комбинирани здружени сили за посебна намена (Combined Joint Task Force-CJTF), како и да ги командува и контролира мултинационалните и повеќе наменски сили. Исто така, командната структура, ќе биде во можност да даде поддршка на операциите под политичка контрола и стратегиска команда на ЗЕУ освен ако поинаку не е договорено, а со тоа да придонесе за развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на Алијансата и да води предводени од НАТО не-член 5 операции за одговор на кризи, во кој партнерите и други земји можат да учествуваат;
- дека во целост, Алијансата, и во блиска иднина и долгорочно за исполнување на целиот спектар на мисии, ќе бара одржување на оперативните способности, кои се од суштинско значење, а се однесуваат на способноста за брза реакција, распоредување и мобилност, стабилност на силите и инфраструктурата, одржливоста, инкорпорирање на логистиката и

ротација на силите. Да се развијат овие способности и нивниот целосен потенцијал за мултинационални операции, потоа интероперабилноста, вклучувајќи ги и човечките фактори, употребата на соодветна напредна технологија, одржувањето на информации, супериорност во воените операции, како и високо квалификуван персонал со широк спектар на вештини, ќе биде особено важно;

- дека во секое време на ограничен, но воено значителен дел од земјата, воздухот и морето, силите ќе бидат способни да реагираат толку брзо колку што е потребно на широкиот спектар на евентуалности, вклучувајќи краток очекуван напад врз било која земја членка. Поголем број елементи на сила, ќе бидат на располагање на соодветни нивоа на подготвеност за да водат долги операции, без разлика дали се во или надвор од територијата на Алијансата, вклучувајќи ја и ротацијата на распоредените сили. Земени заедно, овие сили, исто така мора да бидат со доволен квалитет, квантитет и подготвеност за успешно да одвратат и да се одбранат од ограничените напади врз Алијансата;
- дека Алијансата мора да биде способна да изгради и поголеми сили, како одговор на било кој фундаментални промени во безбедносното опкружување и во ограничени услови, со засилување, со мобилизирање со резерви, или со реконструкција на силите, кога е тоа потребно. Оваа способност мора да биде во соодност со потенцијалните закани за безбедноста на Алијансата, вклучувајќи ги и потенцијалните долгорочни случувања. Исто, мора да се земе во предвид и можноста за значително подобрување на подготвеноста и капацитетите на воените сили на периферијата на Алијансата. Можностите за навремено засилување и логистичка поддршка во и од Европа и Северна Америка е од голема важност, што бара висок степен на распоредување, мобилност и флексибилност;
- соодветни воени структури и процедури, вклучувајќи ги и оние кои ќе обезбедат можност да се изгради, распореди и да подготви сили брзо и селективно, се неопходни за да се овозможат мерливи, флексибилни и навремени одговори, со цел да се намалат и смират тензиите. Овие постапки мора да се вежбаат редовно и во мир;
- дека структурата на одбраната на Алијансата мора да има способност да се справи соодветно и ефикасно со ризиците поврзани со зголемувањето на бројот на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје и средствата за негово производство, кој исто така претставува потенцијална закана за населението на Алијансата, територијата, и силите. Според тоа, е

потребно да се развие урамнотежена комбинација на сили и способности за одговор и ефикасна одбрана;

- дека силите на Алијансата и инфраструктурата мора да бидат заштитени од терористички напади.[80]

Во однос на **карактеристиките на конвенционалните сили** од особено значење за воените сили на Алијансата е тие да имаат кредибилитет и способност да го исполнат целиот спектар на мисии на Алијансата. Ова барање има импликации за воените структури, силата и нивото на опременост, подготвеноста, достапноста и одржливоста, обуката и вежби, способноста за распоредување и ангажирање, зајакнување и мобилизациски способности. Целта е постигнување на оптимален баланс помеѓу високата подготвеност на сили способни во почетокот брзо и веднаш, ако е потребно, да водат операции за колективната одбрана или не-член 5 операции за одговор на кризи, како и сили на ниво на пониска подготвеност потребни за колективна одбрана, ротација на силите, за операции при одговор на кризи или за понатамошно засилување на одреден регион и на подолг рок да се изгради и зголеми способноста за најлошото, но многу малку веројатно сценарио, а тоа се големи операции за колективна одбрана. Еден значителен дел на силите на Алијансата потребно е да биде способен за вршење на повеќе од една од овие улоги.

Според концептот, силите на Алијансата ќе бидат структурирани за да ја прикажат мултинационалната и заедничката природа на мисиите на Алијансата. Основните задачи ќе вклучуваат контрола, заштита и одбрана на територијата, обезбедување на непречено користење на морето, воздухот и комуникациските копнени линии, контрола на морето и заштита на распоредувањето на силите на Алијансата во морските води, понатаму спроведување на независни и комбинирани воздушни операции, обезбедување на безбеден воздушен простор и ефикасна воздушна одбрана, надзор, разузнавање, извидување и електронска војна, обезбедување на ефикасна и флексибилна команда и контрола, вклучувајќи го распоредувањето на комбинираните заеднички штабови.

Одбраната на Алијансата против потенцијалните ризици и закани од зголемувањето на бројот на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје и средствата за негово постигнување се потенцира дека мора да продолжи да се подобрува, вклучувајќи го развојот на ракетната одбрана. И, до колку силите на

[80] The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C., 24 Apr. 1999. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en

НАТО бидат повикани да интервенираат надвор од границите на НАТО, способностите за справување со ширењето на ризиците од пролиферација мора да бидат флексибилни, мобилни, брзо распоредливи и одржливи. Доктрините, планирањето, како и обуката и вежбите, исто така, мора да ја подготват Алијансата за да ја спречи употребата на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје и да се брани од употребата на истото. Целта на тој начин ќе биде и понатаму да се намалат оперативните слабости на воените сили НАТО, при тоа задржувајќи ја флексибилност и ефективноста на воените сили и покрај присуството на заканата од употребата на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје.

Стратегијата на Алијансата, и овој пат, не вклучуваа способност за хемиско или биолошко војување. Алијансата поддржува универзално почитување на релевантните договори за разоружување. Но, одбранбените мерки на претпазливост ќе бидат и понатаму од суштинско значење, дури и ако, во иднина во однос на забраната на хемиско и биолошко оружје биде постигнат одреден напредок.

Со оглед пак на намалување на вкупната ниво на сила и ограничените ресурси, способноста за заедничко дејствување ќе остане од витално значење за постигнување на мисиите на Алијансата. Активностите за колективна одбрана на Алијансата во кои интегрираната воена структура има клучна улога, се исто од суштинско значење. Во различните области на планирање на одбраната на НАТО истата треба да биде ефикасно координирана на сите нивоа со цел да се обезбеди подготвеност на силите и поддршка на структурите за спроведување на целиот спектар на улоги и мисии. Особено, е нагласена размената на информации меѓу сојузниците за нивните сили и планови со што се придонесува за успешно извршување на мисите на Алијансата. Исто така, консултациите во случај на значајни промени во националното одбранбено планирање, остануваат да бидат од клучна важност. Соработката во развој на нови оперативни концепти ќе биде од суштинско значење за одговор на различните безбедносни предизвици. Практичните активности кои се развиени како дел од Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на Алијансата е од особено значење за развој на соработката без непотребно дуплирање на средствата и капацитетите.

За Алијансата да биде во можност да одговори флексибилно на можните обврски и за да овозможи ефективно спроведување на мисиите на Алијансата, НАТО мора да поседува доволно логистички способности, вклучувајќи ги и транспортните капацитети, медицинската поддршка, потребни за ефикасно распоредување и одржување на сите видови на сили. Стандардизацијата која е особено важна ќе ја поттикне соработката и економичноста во обезбедување логистичка поддршка на сојузничките сили. Се вели дека, водењето и одржувањето на операции надвор

од територијата на Алијансата, каде што може да има мала или никаква поддршка од земјата домаќин, ќе претставува посебен логистички предизвик. Можност да се изградат поголеми, соодветно опремени и обучени сили, навремено и на ниво кое може да го исполни целиот спектар на мисии на Алијансата, според концептот, ќе направи суштински придонес во управувањето со кризи и одбраната. Ова ќе ја вклучува и способноста за зајакнување на силите во било која област на ризик и ќе воспостави мултинационални присуство кога и каде тоа е потребно. Неопходно ќе биде, сили од различни видови и на различни нивоа на подготвеност да бидат способни за флексибилно дејствување и праќање на засилување во рамките на европските и трансатлантските области. Ова ќе бара соодветна контрола на линиите за комуникација и соодветна поддршка и вежбање на овие активности.

Истакната е интеракцијата меѓу силите на Алијансата и цивилните структури (владини и невладини) во кои тие функционираат бидејќи истите се од клучно значење за успехот на функционирањето на Алијансата. Цивилно-воената соработка потребно е да биде независна и од воените сили се повеќе ќе се бара да им помогнат на државните власти и авторитети, а во исто време поддршката на воените операции од страна на државите е важна за логистиката, комуникациите, медицинската поддршка и јавните работи. Имено, соработката помеѓу воените сили на Алијансата и државните органи ќе биде од суштинско значење.

Способноста на Алијансата да го постигне целосно целиот спектар на мисии ќе се потпира се повеќе на мултинационалните сили, надополнувајќи ги националните обврски во НАТО од страна на земјите членки. Таквите сили, кои се применуваат за целиот спектар на мисии на Алијансата, ја покажуваат посветеноста на Алијансата за успешна колективна одбрана, подобрување на кохезијата на Алијансата и зајакнување на трансатлантското партнерство и зајакнување на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет (ЕБОИ) во рамките на Алијансата. Стратегискиот концепт посебно значење им придава на мултинационалните сили, особено оние способни за имплементирање на брза и ефикасна колективна одбрана или за водење на не-член 5 операции за одговор на кризи, и истите ја зајакнуваат солидарноста. Тие, исто така можат да обезбедат начин на имплементирање на повеќе способни формации отколку што би можело да бидат достапни само на национално ниво, што помага да се направи поефикасна употребата на ограничените ресурси за одбрана. Ова може да вклучува високо интегриран, мултинационален пристап до специфични задачи и функции, пристап кој е во основата на имплементација на концептот на Комбинирани здружени сили за посебна намена (Combined Joint Task Force-CJTF). Се вели дека, од особено значење за операциите за поддршка на мирот ќе бидат мултинационалните формации, како и учество и на

други партнери во нив. Со цел да се искористи во целост потенцијалот што се нуди од страна на мултинационалните формации, се потенцира дека од големо значење е и подобрувањето на интероперативноста преку неопходна обука и вежби.

Кога станува збор за **нуклеарните сили** и нивните **карактеристики** може да се каже дека основната цел на нуклеарните сили на сојузниците е политичка и се состои во зачувување на мирот и спречување на присилба и било каков вид на војна. Според Стратегискиот концепт, тие ќе продолжат да играат важна улога за безбедноста на Алијансата преку обезбедување на несигурност во умот на секој агресор за природата на одговорот на сојузниците при воена агресија. Тие покажуваат дека агресијата од било кој вид, не е рационално решение. И овој пат, најголемата гаранцијата за безбедноста на НАТО е обезбедена од страна на стратегиските нуклеарни сили на Алијансата, особено оние на САД, потоа независните нуклеарните сили на Велика Британија и Франција кои имаат улога на одвраќање за нивната земја, како и придонес за целокупното одвраќање и безбедноста на сите земји членки.

Нуклеарните сили на Алијансата, како и демонстрацијата на солидарност во рамките на Алијансата и заедничката посветеност во превенција на војната и понатаму ќе бара широкото учество од страна на европските сојузници во колективното планирање на одбраната и нуклеарното планирање во мир а заснована на присуството на нуклеарни сили на својата територија, како и нивно учество во процесот на команда, контрола и консултации. Нуклеарни сили со седиште во Европа и приврзани кон НАТО обезбедиле суштинска политичка и воена врска меѓу членките на Алијансата од Европа и од Северна Америка. Затоа НАТО и понатаму ќе одржува адекватни нуклеарни сили во Европа. Овие сили треба да ги имаат потребните карактеристики и соодветна флексибилност и стабилност, да се сметаат како веродостоен и ефикасен елемент на стратегијата на Алијансата во спречување на војната. Тие ќе се одржуваат на минимално ниво, доволно за да се сочува мирот и стабилноста.

Алијансата смета дека со радикални промени во безбедносната ситуација, вклучувајќи го намалувањето на конвенционалните сили во Европа и скратеното време на реакција, способноста на НАТО да спречи криза со дипломатски и со други средства или ако е тоа потребно и да води успешна конвенционалните одбрана е значително подобрена. Околностите во кои може да се случи било каква употреба на нуклеарно оружје е исклучително малку веројатно. Имено, од 1991 година, Алијансата превзела серија чекори кои се одразуваат на постбезбедносното опкружување по студената војна. Тие вклучуваат значително намалување на видовите и бројот на субстратегиски сили на НАТО, вклучувајќи и елиминирање на сета нуклеарна артилерија и копнените лансирни рампи на нуклеарни проек-

тили со краток дострел, како и значајна релаксација на подготвеноста на нуклеарните сили за дејство, определби кои беа опфатени и со Стратегискиот концепт од 1991 година. Нуклеарните сили на НАТО веќе не се насочени кон ниту една земја. Сепак, во Стратегискиот концепт се вели дека, НАТО ќе одржи нуклеарни сили на минимално ниво во согласност со постоечката безбедносна околина, односно соодветни субстратегиски сили стационирани во Европа, кои ќе обезбедат суштинска врска со стратегиските нуклеарни сили, зајакнувајќи ја трансатлантската врска. Субстратегиското нуклеарно оружје, во нормални околности, сепак, нема да биде распоредено на борбени бродови и на офанзивни подморници.

На крајот од Стратегискиот концепт во **заклучокот** се вели дека, како Северноатлантската алијанса влегува во својата шеста деценија, таа мора да биде подготвена да одговори на предизвиците и можностите на новиот век. Стратегискиот концепт ја потврдува трајната цел на Алијансата и ги поставува своите фундаментални безбедносни задачи. Тоа овозможува трансформираниот НАТО да придонесе за развојот на безбедносното опкружување, за поддршка на безбедноста и стабилноста, со силата на својата заедничка посветеност кон демократијата и мирното решавање на споровите. Стратегискиот концепт ја искажува одбранбената политика на Алијансата, нејзините оперативни концепти, нејзините конвенционални и нуклеарни сили и активностите за колективна одбрана. Истиот ќе биде предмет на разгледување во однос на развојот на безбедносното опкружување. Понатаму, се вели дека, во овој несигурен свет потребата за ефикасна одбрана останува, но во постигнувањето на оваа заложба, Алијансата, ќе продолжи да ја исцрпува секоја можност за да помогне во изградбата на еден неподелен континент преку промоција и поттикнување на визијата за Европа која ќе биде цела и слободна.

## 2.4. Организациски промени и јакнење на капацитетите на НАТО после нападите од 11-ти Септември

И по донесувањето на новиот Стратегиски концепт на самитот во Вашингтон, во годните кои ќе следат, како и на следните самити, Алијансата постојано ќе биде подложна на промени и трансформација согласно предизвиците и ризите во Европа, но и пошироко, надвор од границите на евроатлантската област, особено по нападите од 11-ти Септември. Алијансата ќе остане цврсто решена на определбата нејзината стратегијата да биде целосно прилагодена на предизвици-

те на 21 –от век. Всушност, Стратегискиот концепт и понатаму ќе претставува авторативна изјава на земјите членки на Алијансата за целите и задачите кои се пред нив поставени и истиот ќе ги отсликува насоките за употреба на политичките и воените средства за постигнување на поставените цели, согласно новото време.

### 2.4.1. Одлуките од Прага

После трагичните случувања од 11-ти Септември 2001 година, на самитот во Прага, одржан во ноември 2002 година, главна тема беа внатрешните реформи со цел зајакнување на способноста на Алијансата да одговори на новите ризици и предизвици по безбедноста на своите земји членки, односно да одговори на заканите согласно времето кое доаѓа. Имено, беа потребни сили кои ќе можат успешно да дејствуваат и изведуваат операции на големи далечини и во услови кога постои опасност од нивна изложеност на нуклеарното, хемиското и биолошкото (НХБ) оружје. За таа цел, на самитот беа донесени следните одлуки:

- да се создадат НАТО - сили за брза реакција (NATO Response Force - NRF) што ќе поседуваат висока технологија, кои ќе бидат флексибилни, подготвени брзо да се распоредат, интероперативни и самоодржливи на подолг период. Овие сили ќе бидат составени од копнени, од поморски и од воздушни компоненти, подготвени брзо да се испратат каде било, ако за тоа одлучи Советот. Овие сили треба да бидат компатибилни со силите на ЕУ и меѓусебно да се зајакнуваат задржувајќи ја автономијата на двете организации;
- воспоставување нова командна структура што ќе одговори на оперативните потреби од целиот спектар мисии на Алијансата;
- земјите членки на Алијансата се обврзуваат да создадат нови воени капацитети за модерна војна, во средина каде што заканите се со висок интензитет. Тоа се однесува на создавање на капацитети за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана, на разузнавањето и набљудувањето, на воздушното набљудување, на командувањето, контролата и комуникациите, на борбената подготвеност, на стратегискиот и поморскиот транспорт, на дотурот со гориво во воздух и единици за борбена и логистичка поддршка;
- одобрување на веќе договорениот воен концепт за одбрана од тероризмот. Притоа, се нагласува дека борбата ќе се води се додека е потребно. Понатаму, се нагласува дека е потребно да се подобрат капацитетите за заштита на цивилното население од хемиски. биолошки и радиолошки агенси;

- одобрена е имплементацијата на пет нови иницијативи за одбрана од нуклеарно, хемиско и биолошко (НХБ) оружје со што ќе се зајакнат одбранбените способности на Алијансата во борбата против оружјето за масовно уништување;
- одлучено е да се зајакнат капацитетите за одбрана од сајбер- нападите;
- проценети се опциите за справување со зголемените закани од ракетен напад врз територијата, врз силите и врз населените места. Во таа смисла, иницирана е нова физибилити студија на НАТО за ракетна одбрана што треба да ги процени опциите за заштита од овој тип закани.[81]

Покрај трансформацијата и воспоставувањето на нови капацитети во рамките на Алијансата, приемот на нови членки, исто така, беше една од главните теми за кои се расправаше на самитот при што беа упатени покани до Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија, да започнат разговори за приклучување кон НАТО. Ова би ја зголемила бројката на НАТО земји од Централна Европа на 10 со претходниот прием на Чешка, Унгарија и Полска во 1999 година, како и вкупниот број на земји членки на НАТО кој би изнесувал 26.[82] Упатените покани ја искажуваат историската димензија на самитот, што е и важна симболика за дефинитивното бришење на некогашната железна завеса помеѓу Истокот и Западот Исто така, беше нагласена и потребата од продлабочување на односите со партнерите, преку нивното зголемено учество во сите оние активности во кои тие партиципираат. Нагласена беше и поддршката на реформските напори на партнерите, како и поддршката од нивна страна во борбата против тероризмот преку Акциониот план за борбата против тероризмот.

### 2.4.2. Одлуките од Истанбул

На самитот на НАТО, одржан во периодот од 28-ми до 29- ти Јуни 2004 година, во Истанбул, на масата се најдоа мисиите кои се изведуваа надвор од евроатлантската област, Авганистан и Ирак, при што беше донесена одлука да се зголеми улогата на Меѓународните сили за поддршка на безбедноста во Авганистан (ИСАФ). Имено, за подобрување на безбедносната состојба во Авганистан беше

[81] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр.18-19.

[82] Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2003. http://www.sipri.org/yearbook/2003/files/SIPRIYB0301.pdf

одлучено да се зголеми бројот на тимовите за реконструкција на провинциите во Авганистан, како и да се даде поддршката за време на одржувањето на претстојните избори во земјата.[83] Во однос пак на мисијата во Ирак се очекуваше да дојде до приближување на ставовите меѓу САД и традиционалните европски актери Франција, Германија, Белгија околу поголемото инволвирање на Алијансата во Ирак. Но, до договор не дојде, па затоа беше одлучено да се даде логистичка поддршка на Полска во нејзините командни активности во Ирак, како и помош на владата во Ирак за обука на нејзините безбедносни сили.[84]

Исто така, значајна тема за која се дискутираше на самитот беше и борбата против тероризмот при што беа договорени голем број мерки, со цел зајакнување на индивидуалниот и колективниот придонес на земјите членки во борбата против тероризмот и беше донесена одлука да се засили присуството во поморската операција Активен напор (Active Endeavor) во Медитеранот за морско набљудување и придружување во Средоземјето, предводена од страна на НАТО, со што се покажа решеноста на Алијансата да одговори во борбата со тероризмот. За да може Алијансата да го извршува целиот спектар мисии беше донесена одлуката за понатамошна трансформација и модернизација на воените капацитети на Алијансата.

Во однос на Балканот, беше поздравена подготвеноста на Европската унија да ја превземе мисијата во Босна и Херцеговина врз основа на мандат на Обединетите нации и Берлин плус договорот[85], со што би завршила мисијата на СФОР во Босна. Од друга страна пак, беше потврдено присуството на НАТО на Косово со што силите на КФОР и понатаму остануваат да бидат гаранција за безбедноста во регионот.

На самитот, покрај тоа, се донесоа и одлуки кои се однесуваа на потврдување на трансатлантската врска, на градењето поблиски односи со Европската унија, како и на продлабочување на партнерството со Русија и Украина. Во однос на Партнерството за мир беа донесени одлуки за новите форми на соработка со партнерите. На самитот се објави и новата Истанбулската иницијатива за соработка (ИИС) за земјите од Медитеранскиот дијалог и пошарокиот регион на Средниот Исток. Беше нагласена потребата за продолжување на политиката на

---

[83] Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2005. http://www.sipri.org/yearbook/2005/files/SIPRIYB0501.pdf

[84] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк- Интернационал, Скопје,2005, стр. 76-77.

[85] Договорот ја искажува соработката меѓу НАТО и ЕУ во процесот на управување со кризи, при што во операциите под водство на ЕУ ќе можат да се користат капацитетите на НАТО со цел да не се врши удвојување на ресурсите.

отворени врати, при што беше реафирмирана и политиката на отворени врати за земјите потписнички на Јадранската повелба (Албанија, Хрватска и Македонија).

### 2.4.3. Јакнење на трансатлантската врска, Состанокот во Брисел

Воспоставениот шаблон на одржување на самитите на НАТО на секои две години беше нарушен со одржувањето на самитот во Брисел кој се одржа само осум месеци по одржувањето на самитот во Истанбул, поточно во февруари 2005 година, по иницијатива на Американскиот претседател Буш. Имено, без големи најави, во Брисел се сретнаа шефовите на држави и влади на земјите членки на НАТО за да расправаат за големите промени во безбедносната средина, како и за несогласувањата кои постоеја во рамките на Алијансата, со цел зајакнување на трансатлантските односи. На самитот, нагласена беше потребата од понатамошно продлабочување на стратегиското партнерството меѓу Алијансата и ЕУ и беше нагласен придонесот на ЕУ кон заедничката безбедност.

На масата се најде и одржувањето на изборите во Авганистан, во Украина, во Ирак, како и разрешувањето на конечниот статус на Косово. Во однос на ова прашање беше нагласена потребата за задржување на присуството на НАТО на Косово како поткрепа на политичкиот процес предводен од Обединетите нации, со што беше реафирмирана обврската на НАТО спрема Балканот кој сепак припаѓа на евроатлантската област. Косовското прашање беше, воедно и, повторен тест за функционирањето на трансатлантските односи кои беа сериозно нарушени по интервенцијата на САД во Ирак која не беше поддржана од европските сојузници, пред сè од Франција и Германија. Сепак, се чинеше дека разликите околу прашањето за Ирак беа надминати и сите 26 земји членки на НАТО се согласија да дадат свој придонес во изградбата на поствоен Ирак преку различни форми на обука на ирачките безбедносни сили или преку финансиска помош и донација на опрема.[86]

Процесот на проширување не беше на дневниот ред на самитот во Брисел, но сепак од страна на претседателот на САД беа споменати земјите на Јадранската група( Албанија, Хрватка и Македонија) на кои им се изрази поддршка за нивната имплементација на Акциониот план за членство.

---

[86] Summit meeting of the North Atlantic Council, 22 February 2005. http://www.nato.int/docu/comm/2005/0222-nato/050222-summit.htm

Она што произлезе од самитот, како генерална оценка е дека Алијансата се повеќе ќе се трансформира од воена во политичка организација, на заеднички вредности на западните демократии, за што во блиска иднина ќе бидат поднесни посебни предлози од генералниот секретар за зајакнување на политичката агенда на Алијансата.

### 2.4.4. Рига, Потврдување на одлуките од Прага и Истанбул

И на следниот самит на НАТО, одржан во Рига во ноември 2006 година, една од главните теми беше започнатата трансформација на НАТО и продлабочувањето на односите со партнерите во однос на зголемениот број на безбедносни прашања. Имено, на самитот беше договорено да се продолжи со трансформацијата на Алијансата за истата да биде подготвена за извршување на широкиот спектар на мисии, вклучувајќи ги операциите за колективна одбрана и за одговор на кризи. За извршување на поставените задачи, Алијансата ќе продолжи да ги гради своите одбранбени способности, во согласност со одлуките од Прага и од Истанбул и во согласност со новите политички насоки. Во однос на продлабочувањето на односите со партнерите, НАТО и понатаму ќе продолжи да го гради своето партнерство со земјите од Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС), Медитеранскиот дијалог (МД), Истанбулската иницијатива за соработка (ИИС), како и со Контакт-земјите Австралија, Јапонија, Нов Зеланд и Јужна Кореја.[87]

Со оглед на тоа што НАТО изведуваше операции во три географски реони од Авганистан до Балканот и од Медитеранот до Дарфур во Африка, се бараше од меѓународната заедница и НАТО сеопфатен приод во разрешувањето на сите безбедносни прашања, како и подобрување на инструментите на кризниот менаџмент. Секако, најактуелна и понатаму беше операцијата во Авганистан која и предизвика најжестока дебата на самитот. Придонесот кон мирот и стабилноста во Авганистан е клучен приоритет на НАТО. Имено, беше одлучено и понатаму да се поддржат авганистанските власти во нивните напори да осигураат безбедност, стабилност и обновување на државата, бидејќи не е можно да постои напредок и развој на Авганистанското општество без безбедност, ниту пак безбедност без напредок и развој.[88] За таа цел, беше побарано од другите меѓународни

[87] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр.24.

[88] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006. http://www.nato.int/docu/pr/2006/p06-150e.htm

организации и други држави кои не се членки на НАТО да дадат поддршка во реконструкцијата на Авганистан. НАТО и понатаму ќе биде главен носител на активностите во реконструкцијата на Авганистан и ќе го засили својот ангажман во обука на авганистанската армија и полиција.

На самитот во Рига, во однос на Балканот, повторно беше разгледувано прашањето за иднината на Косово и беше нагласена потребата од обезбедување на безбедносна средина која ќе обезбеди непречено одвивање на разговорите за конечниот статус на Косово. Во постигнување на таа цел, НАТО тесно ќе соработува со ООН, со ЕУ и со ОБСЕ. Покрај ова беше одлучено да се продолжи со мисијата на НАТО за обука на безбедносните сили во Ирак, како и обезбедување на средства за нивното опремување. Во однос на мисијата во Африка, НАТО ќе продолжи да ја поддржува тековната мисија на Африканската унија (АУ) во Дарфур и ќе биде подготвен да ја зголеми својата поддршка доколку тоа биде потребно. Исто така, беше одлучено да продолжи и поморската операција на НАТО, во Медитеранот, Активен напор (Active Endeavor), како неопходна активност во борбата против тероризмот.

На самитот, се дискутираше и за други прашања кои ја засегаа меѓународната безбедност, како што е нуклеарната програма на Северна Кореја, безбедноста на преносот на енергетските ресурси, контролата на вооружувањето и т.н.

На самитот во Рига, земјите членки на НАТО ја реафирмираа и политиката на отворени врати на Алијансата за земјите кои ќе ги постигнат стандардите на НАТО и ја потврдија определбата дека тие ќе упатат покани за членство до нив на следниот самит во 2008 година.[89] Со тоа, темата на проширување се најде на дневниот ред на самитот во Рига, а на следниот самит на НАТО, во 2008 година, ќе се расправа за идното проширување на Алијансата.

Во однос на програмата Партнерство за мир (ПзМ) Алијансата им упати покани на Босна и Херцеговина, на Србија и на Црна Гора да се приклучат на ПзМ што и беше на некој начин изненадувачко, бидејќи претходно поканата беше условена со соработката на Босна и Херцеговина и Србија со Хашкиот трибунал.

[89] Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2007. http://www.sipri.org/yearbook/2007/files/SIPRIYB0701.pdf

### 2.4.5. Букурешт, Неуспехот на проширувањето

Очекувањата од самитот на НАТО во Букурешт, одржан во април 2008 година, беа големи. Самитот ја изрази континуираната трансформација на НАТО, од главна Алијанса на Западот за време на студената војна, во современа одбранбена организација на 21-от век. Самитот на НАТО во Букурешт беше еден од најголемиот самити во историјата на Алијансата и постигна успех во однос на суштината и содржината на донесените мерки, освен во делот на проширувањето на Алијансата. Покрај земјите членки на НАТО, учествуваа и други држави земји партнери како Австралија, Нов Зеланд, Јордан, Јапонија, како и Генералниот секретар на ООН, Бан Ки Мун и Претседателот на Европската Комисија, господинот Баросо. Најважните одлуки што се донесоа на самитот, покрај оние за трансформација на Алијансата, се однесуваа на Авганистан, за што беше важно и присуството на претставниците на Светската банка на самитот.

Воената победа сама по себе не ги реши проблемите во Авганистан, со што неминовно беше да се земат во предвид и економскиот, социјалниот и институционалниот развој на земјата и основањето на авганистанска национална армија, што бара секако едно комплексно решение. Со тоа, беше истакнато дека крајната цел не е само воена победа, туку основање на демократска земја што ќе почива на економскиот раст. Искуствата во Авганистан покажаа дека меѓународната заедница треба да ја зголеми соработката, како и да има сеопфатен пристап во решавањето на сегашните и идните безбедносни предизвици.

На самитот на НАТО, исклучително важна одлука беше и одлуката за проширувањето на НАТО со упатување на покана за членство на земјите од Јадранската група, Хрватска и Албанија, но со еден голем недостаток кој се однесуваше на ветото на Грција со кое беше оневозможено да се упати покана за членство и на Република Македонија. Во Декларацијата од самитот, НАТО ја поздравува напорната работа и посветеноста демонстрирани од страна на Република Македонија во однос на вредностите на НАТО и операциите на Алијансата. Исто така, признание се оддава и на напорите за изградба на мулти етничко општество. Се истакнува дека, во рамките на ОН, многу напорно се работело за да се реши прашањето за името, но Алијансата со жалење забележува дека овие разговори не довеле до успешен исход. Затоа е донесена одлука дека поканата за членство за Република Македонија ќе биде упатена штом ќе се изнајде заемно прифатливо решение за прашањето за името. НАТО ги охрабрува преговорите и

истите треба да продолжат без одлагање и Алијансата очекува дека тие ќе завршат што е можно поскоро.[90]

Исто така, беше нагласена и потребата Украина и Грузија да станат членки на НАТО штом ќе бидат подготвени за тоа, што јасно беше искажано во заклучоците на самитот, што не треба да се сфати како непријателство кон Русија, како и дека партнерството со Русија е од големо значење за членките на НАТО.

Друга важна тема за која се дискутираше на НАТО самитот беше енергетската безбедност со што беше нагласено дека Алијансата ја превзема одговорноста за обезбедување на енергетските структури и инфраструктурите за транспорт на енергија. Она што постојано мора да се земе предвид е големата вулнерабилност на енергетските структури и инфраструктура од терористички напади при што национална размена на информации во однос на ризиците од тероризам врз енергетските инфраструктури ќе биде од големо значење.

Согласно принципот на неделивост на безбедноста и принципот на солидарност, создавањето на антиракетниот штит во Европа беше една од темите на самитот, при што беше прифатено НАТО да ја превземе одговорноста за формирање комплементарен ракетен штит.

### 2.4.6. Стразбур/Келн, Декларација за безбедноста на Алијансата

Самитот во Стразбур и Келн, одржан во периодот од 3-ти до 4-ти Април 2009 година, за прв пат е заеднички организиран самит од две земји членки на Алијансата, Франција и Германија кој всушност ја симболизира и визијата за Европа цела и слободна.

На 60-годишнината од постоењето на НАТО, лидерите на НАТО се фокусираа на повеќе стратегиски прашања со кои се соочуваа организацијата. Потврдувајќи ја посветеноста на земјите членки на НАТО на основните принципи на која почива Алијансата, тие ги разгледаа и идните безбедносни предизвици, како и местото и улогата на НАТО во рамките на евроатлантската безбедносна архитектура, а се со цел подготовка на новиот Стратегиски концепт.

Донесувањето на Декларацијата за безбедноста на Алијансата со која се потврдуваат вредностите, принципите и целите на Алијансата е од суштинско

[90] Bucharest Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest on 3 April 2008. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?mode=pressrelease

значење за самитот. Имено, Декларацијата ја потврдува определбата на НАТО и во иднина да биде трансатлантски форум за безбедносните консултации помеѓу земјите членки. Колективна одбрана и натаму ќе остане камен темелник на Алијансата. Одвраќањето врз основа на соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални можности и понатаму останува клучен елемент на целокупната стратегија на НАТО. Според Декларацијата, Алијансата ќе продолжи да ја игра својата улога во зајакнување на контролата на вооружувањето и промовирање на разоружувањето во согласност со напорите за не-пролиферацијата. Посебно место во Декларацијата завзема и процесот на проширување, со што вратата на НАТО и понатаму ќе остане отворена за сите европски демократии кои ги споделуваат вредностите на Алијансата и кои се подготвени и способни да ги превземат одговорностите и обврските за членство, а со чие вклучување ќе се придонесе за заедничката безбедност и стабилност.

Во Декларацијата се опфатени и безбедносните предизвици како тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, нивниот начин на испорака и сајбер нападите кои може да имаат силно влијание врз безбедноста на глобален план. Исто така, другите предизвици како што се енергетската безбедност, климатските промени, како и нестабилноста која произлегува од кревките и пропаднати држави, исто така, може да имаат негативно влијание врз безбедноста на сојузот и врз меѓународната безбедност. Согласно тоа, Алијансата мора да биде способна да реагираа брзо и ефикасно, да развие способности кои ќе бидат флексибилни во секое време и секое место, а во исто време ризиците и одговорностите мора да бидат прифатени соодветно од сите земји членки на Алијансата. Со оглед на тоа што безбедноста на НАТО е се повеќе поврзана со онаа на другите региони, НАТО и понатаму ќе игра важна улога во управувањето со кризи и решавање на конфликти каде што интересите на Алијансата се загрозени. Со Декларацијата се дава посебно значење и на односите со сите партнери на НАТО во поблиското соседство на Алијансата и пошироко, а со кои НАТО има заеднички заложби за соработка и безбедност а посебно соработката со Русија за решавање на заедничките безбедносни предизвици.

На крајот од Декларацијата се вели дека лидерите на НАТО се посветени на реновирање на Алијанса за подобро справување со ризиците денес и предвидување на ризиците утре. Обединети од оваа заедничка визија за иднината на Алијансата, Генералниот секретар и групата на квалификувани експерти, во тесна консултација со сите сојузници, ќе ги постави темелите за новиот Страте-

гиски концепт и ќе достават предлози за негово спроведување и одобрување на следниот самит на Алијансата.[91]

Меѓу останатите позначајните прашања кои се разгледуваа на самитот беа напредокот на стратегијата на НАТО за Авганистан и резултатите од стратегискиот преглед, превземени од страна на новата американска администрација, односите со Русија, како и поблиското вклучување на Франција во Алијансата и нејзиното влијание врз односите меѓу НАТО и ЕУ.

## 2.5. Лисабонскиот самит, ноември 2010

На самитот на НАТО, одржан во Лисабон во ноември 2010 година, покрај донесувањето на новиот Стратегиски концепт, централни теми беа и најавеното повлекување на Алијансата од Авганистан и вклучувањето на Русија во европскиот антиракетен штит, како и други проблеми поврзани со нејзиното финансиско и кадровско преструктуирање. Самитот ја покажа и прилагодливоста на Алијансата согласно новонастанатата поделба на политичката и воената моќ во светот, од каде и произлезе најавеното постепено повлекување на силите на НАТО од Авганистан до 2014 година, по што грижата за земјата ќе ја превземе авганистанскиот народ. Имено, на самитот беше усвоена стратегијата за повлекување на странските сили од Авганистан до 2014 година и истата беше одобрена од 48 лидери на земји членки на НАТО и земји придонесувачи во мисијата на Меѓународните сили за поддршка на безбедноста во Авганистан (ИСАФ). Со стратегијата беше предвидено одговорноста за безбедноста во Авганистан постепено да се префрла на авганистанските авторитети. Сепак, Алијансата ќе продолжи со својата поддржувачка улога во Авганистан и по 2014 година, кога авганистанската армија целосно ќе се грижи за безбедноста во земјата за што и постои договор за долгорочно партнерство кое ќе продолжи и по завршувањето на воената мисија на НАТО. Беше договорено дека во наредниот период Европската унија ќе ја зголеми годишната помош за Авганистан, средства кои ќе се користат за обнова на авганистанската економија и за стабилизација на земјата. Исто така, беше нагласено дека авганистанските власти треба одговорно да се однесуваат кон решавањето на сериозните проблеми како што се почитување на човековите права, доброто владеење, реформа на судскиот и изборниот систем и

[91] Declaration on Alliance Security, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009. http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease

борбата со илегалната трговија со наркотици и корупцијата. Во однос на транспортот на стоки потребни за Меѓународните сили за поддршка на безбедноста во Авганистан (ИСАФ), беше договорено истиот да продолжи преку Руската територија и притоа користејќи ги и руските железнички линии.

На самитот, Русија се согласи да соработува со НАТО за изградба на антиракетниот штит во Европа, но преку рамноправно партнерство, со што некогашниот најголем противник на Алијансата стана рамноправен партнер на НАТО без кој не може да се продолжи акцијата за отстранување на заканите по светскиот мир. Изградбата на антиракетниот штит е дел и од новиот Стратегиски концепт на Алијансата. Документот ја потврдува глобалната воена улога на НАТО и неговата основна задача, а тоа е колективна одбрана на нејзините земји членки.

### 2.5.1. Стратегискиот концепт на НАТО од самитот во Лисабон

Стратегискиот концепт усвоен од шефовите на држави и влади, на одржаниот самит на НАТО во Лисабон, е насловен како **Активен ангажман, Современа одбрана**, Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членовите на Северноатлантската Договорна Организацијата.

Во **воведот** се вели дека НАТО ќе продолжи да има уникатна и суштинска улога во обезбедување на одбраната и безбедноста на Алијансата. Стратегискиот концепт ќе претставува водич на следната фаза на еволуцијата на НАТО така што тој со новите можности и новите партнери и понатаму ќе биде ефикасен во светот кој толку многу се менува, како и против новите закани. Имено:

- Стратегискиот концепт ја потврдува врската помеѓу земјите членки на Алијансата, да се бранат едни со други против било каква агресија, вклучително и против новите закани за безбедноста на граѓаните на Алијансата;
- Стратегискиот концепт ја обврзува Алијансата да ја спречи кризата, да управува со конфликтите и да ги стабилизира пост-конфликтните ситуации, при тоа работејќи поблиску со меѓународни партнери на Алијансата, а особено со Обединетите нации и Европската унија;
- тој нуди поголема политичка соработка на Алијансата со партнерите од целиот свет и има значајна улога во обликувањето на НАТО предводените операции во кои учествуваат и партнерите на НАТО;

- тој придонесува за посветеноста на НАТО за создавање на свет без нуклеарно оружје, но потврдува дека додека има нуклеарно оружје во светот, НАТО ќе остане Алијанса со нуклеарни сили;
- Стратегискиот концепт ја потврдува цврстата определба да се задржи вратата на НАТО отворена за сите европски демократии кои ги исполнуваат стандардите за членство, затоа што проширувањето придонесува за постигнување на целта на НАТО за цела Европа, слободна и во мир;
- тој, исто така, се обврзува дека НАТО ќе продолжи со континуирани реформи со цел  ефективна, ефикасна и флексибилна Алијанса така што даночните обврзници на земјите членки на Алијансата, за парите кои тие ги инвестираат во одбраната, бидат  побезбедни.[92]

Во согласност со тоа, се вели дека, граѓаните на земјите членки на Алијансата очекуваат од НАТО да ја обезбеди нивната одбрана, да распореди потребни воени сили кога и каде е потребно за потребите на безбедноста на земјите членки и да им помогне во промовирање на заедничката безбедност во соработка со партнерите од целиот свет. Додека светот толку брзо се менува, мисијата на НАТО и понатаму останува иста, односно Алијансата останува сигурна заедница на слобода, мир, безбедност и заеднички вредности.

После воведот се наброени Основните задачи и принципи на Алијансата. И понатаму, основна и траен цел на НАТО е да се заштитат слободата и безбедноста на сите членки на Алијансата со политички и воени средства. Денес, Алијансата останува основен извор на стабилност во непредвидливиот свет. Понатаму, се вели дека земјите членки на НАТО формираа единствена заедница на вредности, посветена на принципите на индивидуалната слобода, демократијата, човекови права и владеењето на правото. Алијансата е цврсто посветена на целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации и на Вашингтонскиот договор кој ја потврдува примарната одговорност на Советот за безбедност, за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Обврските кои произлегуваат помеѓу Европа и Северна Америка, во политичка и воена смисла, се изградени и имплементирани во НАТО уште од основањето на Алијансата во 1949 година и трансатлантската врска, како и секогаш, останува да биде од особено значење за зачувување на евроатлантскиот мир и безбедност. Како и во претходните Стратегиски концепти, се истакнува дека, безбедноста на земјите членки на НАТО од двете страни на

[92] Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organization adopted by Heads of State and Government in Lisbon, 19 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68580.htm

Атлантикот е неделива и дека НАТО ќе продолжи да ја брани територијата на Алијансата врз основа на солидарност, заеднички цели и фер споделување на товарот. Модерната безбедносна средина, која постојано се менува, содржи широк сет на предизвици за безбедноста на територијата на НАТО и нејзините граѓани. За да се обезбеди нивната безбедност, Алијансата, во согласност со меѓународното право, мора да продолжи со ефикасно исполнувањето на трите основни безбедносни задачи од кои сите подеднакво придонесуваат за безбедноста на земјите членки на Алијансата. Тие безбедносни задачи се **колективна одбрана, управување со кризи или кризен менаџмент и безбедност преку соработка**.

Во однос на **колективната одбрана** се истакнува определбата на НАТО дека во согласност со член 5 од Вашингтонскиот договор земјите членки на НАТО секогаш ќе си помагаат една на друга во случај на агресија на било која земја членка или земји членки на НАТО, како и одвраќање и справување со новите безбедносни предизвици и ризици. Нагласено е дека, таа посветеност останува цврста и обврзувачка.

Во однос на **кризниот менаџмент**, се вели дека, Алијансата има развиено единствени и силни политички и воени способности за решавање на целиот спектар на кризи, пред, за време и по завршување на конфликтот. Во случај на криза која би имало влијание на безбедноста на Алијансата НАТО активно ќе примени соодветен микс на соодветни политички и воени алатки за да спречи развој на кризата, пред истата да ескалираа во конфликт, а доколку истата прерасне во конфликт ќе го запре неговиот тек, како и ќе помогне во консолидирањето на стабилноста во пост-конфликтните ситуации, со што се придонесува за евроатлантската безбедност.

**Безбедноста преку соработка** е поврзана со политичките и безбедносните случувања надвор од границите на Алијансата и кои имаат влијание или можат да влијаат на безбедноста на Алијансата. За таа цел, Алијансата активно ќе се вклучи во подобрување на меѓународната безбедност преку партнерство со релевантните земји и други меѓународни организации, понатаму преку нејзиниот придонес за контрола на оружјето, неширењето на нуклеарното оружје и разоружувањето, како и преку принципот на отворени врати за членство во Алијансата кои ќе останат отворени за сите европски демократии кои ги исполнуваат стандардите на НАТО. Се потенцира и определбата дека, НАТО и понатаму останува единствен и суштински трансатлантски форум за консултации за сите прашања кои влијаат на територијалниот интегритет, политичката независност и безбедноста на земјите членки како што е утврдено во член 4 од Вашингтонскиот договор и сите безбедносни прашања од интерес не секоја земја членка може да бидат

разгледани од страна НАТО. Исто така, Алијансата овозможува споделување на информации помеѓу земјите членки, размена на ставови, како и градење на заеднички пристапи. Во спроведување на целиот спектар на мисии на Алијансата, што е можно поефикасно, од суштинско значење и понатаму остануваат континуираните реформи, модернизацијата и трансформацијата на Алијансата.

Како и секој претходен Стратегиски концепт и овој ја опишува **безбедносната средина** со која се соочува Алијансата во денешно време. Се вели дека, во евроатлантската област денес владее мир и дека заканата од конвенционален напад против територијата на НАТО е многу малку веројатна. Тоа е историски успех за политиката на силна одбрана, евроатлантска интеграција и активното партнерство кои се водени од НАТО повеќе од половина век. Но, и покрај тоа конвенционалната закана не може да се игнорира со оглед на тоа што многу региони и земји во светот се стекнаа со современите воени капацитети, а како последица на зголемената трговија со оружје, кои можат да имаат последици по меѓународната стабилност и евроатлантската безбедност. Исто така, се посветува внимание и на пролиферацијата на нуклеарното оружје и други оружја за масовно уништување и средства за нивно производство кои имаат големо влијание на глобалната стабилност и просперитет, која пролиферација и злоупотреба на таквото оружје ќе биде особено изразена во текот на следната деценија, во повеќе региони во светот.

За разлика од претходните Стратегиски концепти во овој Стратегиски концепт тероризмот е претставен како директна закана за безбедноста на граѓаните на земјите членки на НАТО, како и за меѓународната стабилност и просперитет на глобално ниво. Имено, екстремистичките групи продолжуваат да се шират и во областите кои се од стратегиско значење за Алијансата и модерната технологија ја зголемува заканата и потенцијалното влијание на терористички напади, особено ако терористите се здобијат со нуклеарни, хемиски, биолошки или радиолошки способности.

Во однос пак на појавата на нестабилност или конфликт надвор од границите на НАТО искажана е загриженоста дека истите можат директно да влијаат на безбедноста на Алијансата. Исто така, и поттикнувањето на екстремизмот, тероризмот и транснационалните незаконски активности како што се трговијата со оружје, наркотици и луѓе може да имаат влијание на безбедноста на Алијансата.

Овој Стратегиски концепт ја искажува и загриженоста во однос на сајбернападите кои стануваат се почести, поорганизирани и предизвикуваат поголеми штета на државните администрации, бизниси, економии и потенцијално на транспортот и мрежите за снабдување, како и во другата критична инфраструк-

тура. Штетата од тие напади може да го достигне прагот кој се заканува на националниот и евроатлантскиот просперитет, безбедност и стабилност. Аналогно на тоа, војските на одредени држави и службите за разузнавање, потоа организирани криминалци, терористички и екстремистички групи, сите тие можат да биде извор на такви напади.

Во описот на безбедносната средина, значајно место завзема и безбедноста на виталните комуникации, транспортот и транзитните патишта од кои зависи меѓународната трговија, енергетската безбедност и просперитет на земјите членки на Алијансата. Сето тоа бара да се обезбеди нивна еластичност против напад или прекини бидејќи истите се повеќе се изложени на прекини и напади.

Во иднина, развојот на воената технологија, вклучувајќи го и развојот на ласерското оружје, електронската војна и технологии ќе бидат од посебно значење за военото планирање и операции на Алијансата.

Новина во овој концепт е тоа што покрај останатите предизвици и ризици, во предвид се земени и животната средина, ограничените ресурси, здравствените ризици, климатските промени, недостигот на водата, како и се поголемите потреби од енергија кои ќе имаат влијание во обликувањето на безбедносната средина во областите од интерес на НАТО, како и во процесот на планирање и водење на операциите на Алијансата.

После описот на безбедносната средина, следно што е опфатено со Стратегискиот концепт е **одбраната и одвраќањето**. Нагласено е дека, најголемата одговорност на Алијансата е да ја заштити и да ја брани и одбрани територијата на земјите членки на Алијансата и нејзиното население против напад како што е утврдено во член 5 од Вашингтонскиот договорот и никој не треба да се сомнева во посветеноста на Алијансата за безбедноста на нејзините членки. Одвраќањето кое се обезбедува од соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални способности и понатаму ќе остане суштински елемент на целокупна стратегија на Алијансата. Сепак, можноста од употребата на нуклеарно оружје, се потенцира дека, е многу малку веројатна. Но, се додека постои нуклеарното оружје, НАТО ќе остане нуклеарна сила. Најголема гаранција за безбедноста на Алијансата и понатаму останува постоењето на стратегиски нуклеарни сили на Алијансата, особено оние на САД, како и стратегиски нуклеарни сили на Велика Британија и Франција кои се независни, а кои пак заедно ќе придонесат за успешно одвраќање, како и за целокупната безбедност на Алијансата. За НАТО да има способност да може успешно да спречи и да ја одбрани територијата на Алијансата од било каква закана за безбедноста и сигурноста на нејзините членки, НАТО и понатаму ќе одржува соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални сили,

исто ќе има способност да води истовремено голема заедничка операција и неколку помали операции за колективна одбрана и одговор на кризи, вклучително и на голема далечина. Исто така, ќе развива и одржува стабилни, мобилни и распоредливи конвенционални сили кои во комбинација со нуклеарните сили ќе бидат способни да одговорат на член 5 операциите и целиот спектар на конвенционалните и новите безбедносни предизвици, вклучувајќи ја и способноста за одбрана од ракетен напад од балистички проектили. Тука, како што се вели, спаѓа и одбраната од закана од употреба на хемиските, биолошките, радиолошките и нуклеарните оружја за масовно уништување. Значајно место во одбраната на Алијансата има и развивањето на способноста за спречување, откривање, одбрана од сајбер-напади и секако подобрување на капацитетите за откривање и одбрана од меѓународниот тероризам во соработка со партнерите, вклучувајќи ја тука и обуката за борба против тероризмот.

Енергетската безбедност, е исто така, од суштинско значење, како и безбедноста на енергетската инфраструктура. Во однос на промените во безбедносната околина, Алијансата и понатаму останува посветена на прилагодување на своите способности, со цел да може успешно да одговори на целиот спектар на закани.

Во Стратегискиот концепт покрај одвраќањето и одбраната како основа за постигнување на безбедноста на територијата на Алијансата, значајно место има и постигнување на **безбедноста преку управување со кризи**. Имено, кризите и конфликтите надвор од границите на НАТО, може да претставуваат директна закана за безбедноста на територијата на Алијансата и нејзиното население. Се истакнува дека, за да ја обезбеди својата безбедност НАТО кога е потребно активно ќе се вклучи во спречување на тие кризи, а доколку се појави криза, Алијансата активно ќе биде вклучена во управувањето со кризата, а после завршување на кризата во пост-конфликтни ситуации и во поддршка на реконструкцијата на зафатените региони, држава или држави. Овој ангажман ќе бара сеопфатен политички, цивилен и воен пристап за ефикасно управување со кризата, како и активно вклучување на други меѓународни актери пред, за време и по кризата како би се зголемила кохерентноста и ефикасноста на целокупниот меѓународен напор. Тоа всушност го покажаа и искуствата од Авганистан и Балканот, но секако најдобар начин за спечување на криза, како што се вели во Стратегискиот концепт, е постојаното пратење и анализа на ситуацијата во меѓународните односи и безбедносната околина од страна на НАТО и превземање на чекори истата да не прерасне во поголем конфликт. Доколку превенцијата на конфликтот е неуспешна ќе бидат неопходни и дополнителни активности кои вклучуваат, доколку е потребно, и распоредување на воени сили во кризната област. За постигнување на трај-

на стабилност, меѓународната заедница и по завршување на конфликтот мора да обезбеди континуирана поддршка во која НАТО ќе придонесе за стабилизацијата и реконструкцијата на погодената област во соработка со останатите меѓународни институции. Имено, за кризниот менаџмент да биде успешен, од особено значење е правовремената размена на разузнавачките податоци во рамките на НАТО, со цел да може подобро да се предвиди кога може да се случи криза и како таа најдобро може да се спречи. Исто така, Алијансата останува посветена на развивање на доктрината и воените способности за операции при управување со кризи, како и на соработката со цивилните авторитети преку подобрување на интегрираното цивилно-военото планирање во текот на кризата. Една од целите на кризниот менаџмент која се посочува, е развивање на способност за обука и развој на локалните власти во кризните зони, така што истите бидат во состојба што е можно побрзо да ја превземат одговорноста за одржување на безбедноста без меѓународна помош. Посебно место завзема и ангажирањето на цивилни експерти. За цело времетраење на кризата, во сите нејзини фази (пред, за време и после кризата), од особено значење се и интензивните политички консултации помеѓу земјите членки на Алијансата.

Стратегискиот концепт во промовирањето на меѓународната безбедност ја истакнува потребата од **соработка** при што значајно место завзема соработката која произлегува од **контрола на оружјето, разоружувањето и непролиферација на истото**, кои придонесуваат за мирот, безбедноста и стабилноста. За таа цел, се истакнува во концептот, НАТО ќе настојува безбедноста на својата територија да ја обезбеди со најниско можно ниво на сили и ќе продолжи да игра важна улога во промовирањето на разоружувањето и во намалувањето на конвенционално оружје и оружјето за масовно уништување, како и не-пролиферацијата на истото, со цел постигнување на побезбеден свет за сите и создавање на услови за свет без нуклеарно оружје во согласност со целите на нуклеарната не-пролиферација, на начин кој промовира меѓународна стабилност и се базира на принципот на безбедност за сите. Се вели дека, со промените во безбедносната средина од крајот на студената војна, имало драстично намалување на бројот на нуклеарно оружје стационирано во Европа, како и потпирањето на истото во стратегијата на НАТО, карактеристика и на претходните два Стратегиски концепти. НАТО и во иднина ќе настојува да создаде услови за понатамошно негово намалување, но со репроцитет и од страната на Русија која исто ќе треба да го намали својот нуклеарен потенцијал и го пресели ова оружје подалеку од територијата на земјите членки на НАТО. НАТО останува посветен и на контролата на конвенционалното оружје и негово одржување на најниско можно ниво, ниво

засновано на реципроцитет и транспарентност. Посебно е нагласена контролата на конвенционалното оружје на тлото на Европа. Во контекст на пролиферацијата на оружјето влијае и барањето на начини политичките средства и воени способности на Алијансата да придонесат во меѓународните напори за борбата против пролиферацијата. Секако, не треба да се исклучат и одлуките на секоја земја членка во врска со контролата на вооружувањето и разоружувањето, кои би имале влијание врз целокупната безбедност на земјите членки на Алијансата, а сите тие одлуки треба да се темелат на претходни консултации по овие прашања.

И овој Стратегиски концепт, посебно значење дава на принципот на **отворени врати** на Алијансата. Имено, се вели дека проширувањето на НАТО значително придонесе за безбедноста на земјите членки на Алијансата, како и тоа дека понатамошно проширување и духот на безбедноста преку соработка придонесуваат за стабилноста во Европа и пошироко. Целта на НАТО е Европа која ќе биде цела и слободна, Европа во која ќе се споделуваат заедничките вредности и која најдобро ќе функционира со интеграцијата на сите европски земји и нивното членување во евроатлантските структури. Согласно тоа, вратата за членство во НАТО мора да остане целосно отворена за сите европски демократии кои ги споделуваат вредностите на Алијансата, кои се подготвени и способни да ги преземат одговорностите и обврските за членство и чие вклучување ќе придонесе за заедничката безбедност и стабилност.

Покрај принципот на отворени врати, следен сегмент кој е од суштинско значење за безбедноста и стабилноста е **партнерството**. Имено, евроатлантската безбедност најдобро ќе се постигне преку широката мрежа на партнерски односи со земјите и организациите од целиот свет. Овие партнерства направиле конкретен и значаен придонес за успехот на основните задачи на НАТО. Исто така, дијалогот и соработката со партнерите во многу придонела во подобрување на меѓународната безбедност, во одбрана на вредностите на кои се заснива Алијансата, во операциите на НАТО, како и во подготовките на земјите аспиранти за членство. Односите помеѓу НАТО и партнерите, се истакнува дека и понатаму ќе се засниваат на реципроцитет, заеднички придобивки и меѓусебно почитување. За тоа да се оствари потребен е  политички дијалог и практична соработка со сите народи и релевантни организации низ целиот свет, кои ги споделуваат интересите на Алијансата за мирни меѓународните односи. НАТО и во иднина ќе биде отворен за консултации со било која земја партнер, за безбедносните прашања од заеднички интерес и партнерите ќе бидат активно вклучени во процесот на донесување на одлуки и начинот на дејствување, во НАТО предводените операции во кои тие учествуваат.

Посебно место завзема соработката меѓу НАТО со Обединетите нации, а која е насочена кон постигнување на значителна безбедност во целиот свет, преку политички дијалог и практична соработка. Тоа го говори и потпишаната Декларацијата за соработка помеѓу НАТО и ООН во 2008 година со која е дефинирана соработката помеѓу двете организации пред сè во делот на управувањето со кризи, каде што двете организации се вклучени. Исто така, значајна е и соработката со Европската унија која придонесува за севкупната безбедност на евроатлантската област со што ЕУ е уникатен и од суштинско значење партнер на НАТО. Се вели дека двете организации делат мнозинство на членови и сите членови на двете организации делат заеднички вредности. Партнерство меѓу НАТО и ЕУ останува од суштинско значење бидејќи НАТО и ЕУ играат комплементарни улоги и меѓусебно се поткрепуваат во поддршката на меѓународниот мир и безбедност. И во иднина, во име на партнерството, определбата на НАТО е да се јакне меѓусебната отвореност, транспарентност, комплементарност, со целосно почитување на автономијата и институционалниот интегритет на двете организации и мора да се работи на подобрување на практичната соработка во операциите за управување со кризи, во текот на сите фази од кризата. При тоа, неопходно е да се прошират политичките консултации за да ги вклучат сите прашања од заеднички интерес и мора да се зголеми соработката со цел намалување на трошоците и непотребното дуплирање на средствата.

И овој пат, посебно место завзема и соработката помеѓу НАТО и Русија која е од стратегиско значење и која придонесува за мирот, стабилноста и безбедноста. Имено, НАТО повеќе не претставува закана за Русија туку Алијансата сака да изгради вистинско стратегиско партнерство за кое ќе треба на ист начин да се однесува и Русија кон тоа партнерство, особено преку почитувањето на демократските принципи и суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на сите држави во евроатлантската област. И покрај тоа што постојат и разлики по основ на одредени прашања се потврдува определбата на НАТО дека безбедноста се постигнува врз основа на меѓусебната доверба, транспарентност и конструктивно партнерство.

За таа цел, Алијансата ќе остане посветена на:

- подобрување на политичките консултации и практичната соработка со Русија во областите од заеднички интереси, вклучувајќи ги и ракетната одбрана, борбата против тероризмот, борба против наркотици, контра-пиратеријата и промоција на пошироката меѓународна безбедност;

- користење на целосниот потенцијал на НАТО-Русија Советот (НРС)[93] за дијалог и заедничка акција со Русија.[94]

Следни институции кои придонесуваат за зголемување на партнерството и соработката се Евроатлантскиот партнерски совет и Партнерството за мир. Овие институции останувaат да бидат од суштинско значење за визијата за цела Европа, слободна и во мир. Исто така, развојот на пријателски односи и соработка со сите земји на Медитеранот и понатаму се од особено значење и Алијансата во иднина ќе посвети големо внимание на развојот на Медитеранскиот дијалог. Понатаму, во Стратегискиот концепт, се придава значење на мирот во Заливот, со што, се истакнува дека, Истанбулската иницијатива за соработка мора да биде зацврстена. Исто така, значајно е и партнерството со Украина и Грузија, со оглед на евроатлантската ориентација или аспирација на секоја од нив, како и евроатлантската интеграција на Западниот Балкан.

За да биде успешен Стратегискиот концепт се истакнува суштинското значење на **реформите и трансформацијата** на Алијансата. Во Стратегискиот концепт се потенцира дека НАТО е безбедносна Алијанса чии воени сили се способни да дејствуваат во било која средина, дека НАТО може да ги контролира операциите насекаде преку интегрираната воена командна структура, како и дека има основни способности да неколку сојузници можат да дејствуваат поединечно. Согласно тоа, НАТО мора да имаат доволно ресурси, финансиски, воени и човечки за да може успешно да ги извршува своите мисии кои се од суштинско значење за безбедноста на Алијансата, нејзините граѓани и територија. Овие средства мора да се користат на што е можно поефикасен и поефективен начин. За таа цел НАТО ќе:

- ја зголеми распоредливоста на силите на Алијансата и нивната способност да ги одржат операциите на терен, вклучувајќи и превземање на фокусирани напори за исполнување на целите на НАТО;
- ќе обезбеди максимална кохерентност во планирање на одбраната, со цел да се намали непотребното дуплирање и да се фокусира способноста на Алијансата за развој во однос на современите барања;
- развива заеднички способности, со цел постигнување на помала цена на чинење на секоја превземена операција, како и манифестација на солидарност;

---

[93] По терористичките напади од 11-ти Септември 2001 година, Русија и даде силна поддршка на НАТО и САД во борбата против тероризмот. Ова придонесе за развој на односите помеѓу НАТО и Русија и формирање на НАТО-Рускиот совет (НРС) во мај 2002 година.

[94] Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organization adopted by Heads of State and Government in Lisbon, 19 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68580.htm

- превзема мерки за зачувување и зајакнување на заедничките можности, стандарди, структури и финансирање што ја чини Алијансата единствена,
- се вклучи во процесот на континуирана реформа за да се насочат структурите на Алијансата, со цел подобрување на методите на дејствување и зголемување на ефикасноста.[95]

И на крајот од Стратегискиот концепт се дадени насоките за Алијансата за 21 –от век. Во контекст на тоа, се вели дека, политичките лидери на НАТО се решени да го продолжат развојот на Алијансата така што таа може успешно да се справи со безбедносните предизвици на 21 –от век, со што лидерите на НАТО се цврсто решени да се зачува ефикасноста на НАТО како најуспешна светска политичко-воена Алијанса. Се заклучува дека, НАТО е извор на надеж, бидејќи се базира на заедничките вредности на индивидуалната слобода, демократијата, човековите права и владеењето на правото и затоа заедничка и трајна цел на Алијансата е да се заштити слободата и безбедноста на земјите членки на НАТО. Овие вредности и цели се универзални и вечни и Алијансата е решена да ги брани преку единство, солидарност, решавање на проблемите и сила.

### 2.5.2. На повидок нова поделба на улогите

Пред ново преструктуирање, навидум, повторно се наоѓа глобалното безбедносно опкружување, па затоа следи и прашањето дали само по нецела година од донесувањето на новиот Стратегиски концепт, истиот ќе може да одговори на идните воени операции. Имено, според одредени аналитичари, досегашната практика на војување, повеќе не е функционална во услови на перманентен конфликт, што го покажаа и искуствата од Авганистан.

Најновите превирања во арапскиот свет изразени преку политичките немири, демонстрации, бунтови и крвави судири, посебно изразени во Либија, несомнено ќе предизвикаат промени не само во регионот на Средоземјето, во арапскиот свет и на Блискиот Исток, туку тие случувања ќе имаат и влијание и во светски рамки, предизвикувајќи ново позиционирање на сферите на интереси. Во овие случувања, се чини дека западниот свет беше затекнат од појавата

[95] Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organization adopted by Heads of State and Government in Lisbon, 19 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68580.htm

на прогресивните сили во арапскиот свет кои сакаа промени и слобода, при што во прво време немаа одговор на прашањето што се случува и беа во дилема дали да се стават во заштита на широките народни маси кои излегоа на улица, со цел рушење на долгогодишните диктаторски режими или да ги поддржат владите во земјите во арапскиот свет да ги угушат демонстрациите. При тоа, превагна првото. Текот на случувањата во арапскиот свет, на почетокот на 2011 година, го наруши либискиот лидер Моамер Гадафи кој се покажа како тврд орев на Западот каде после првичните успеси на демонстрантите владините сили на полковникот Гадафи превзедоа жестока акција против својот народ, со цел воспоставување контрола над целата држава. На тоа жестоко се спротивставија политичките лидери на земјите членки на НАТО и земјите на ЕУ, протолкувано како акт на гушење на демократските процеси. Со донесувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН, се воспостави зона на забранети летови над Либија со цел заштита на цивилното население од нападите на владините сили на полковникот Гадафи. После надминувањето на недоразбирањата, околу тоа кој ќе ја води операцијата авторизирана од Советот за безбедност на ООН, НАТО беше повикан да ја спроведе воената интервенција и да ја обезбеди зоната на забранети летови во Либија при што одговорноста за евентуална мировна операција во Либија би и припаднала на Европската унија. Но, Алијансата во иднина не може секогаш да биде предводник на воените интервенции, одговорноста треба да биде поделена и помеѓу другите меѓународни организации. Исто така, во рамките на НАТО ќе мора да се надмине и проблемот со цената на војувањето во ерата на постојани конфликти, што се покажа и во интервенцијата во Либија, заради лимитираните буџети на одредени земји членки на Алијансата кои не можат да го поднесат товарот на една воздушна кампања која многукратно ги надминува нивните капацитети и способности. Следно, што е карактеристично, е дека во идните воени операции употребата на големи сили и големи оклопни формации на теренот во голема мера ќе биде намалено, со што ќе се ограничи употребата на копнените сили, кои ќе им го отстапат местото на специјалните сили и ќе се зголеми употребата на поморските и воздухопловните сили. Ваквата определба е секако логична со оглед на фактот дека можните идни конфликти за директен судир на големи механизирани копнени армии се малку веројатни. Не треба да се изостави и справувањето со последиците како резултат на големите природни, техничко-технолошки и други несреќи, како што неодамна беа случувањата во Јапонија каде земјотресот и цунамито предизвикаа несогледиви последици, што секако ќе има влијание врз идната безбедносна состојба на глобално ниво.

На сите безбедносни случувања во светот нема да остане имуна ни најголемата воено-политичка организација која во иднина ќе настојува да се трансформира во глобална организација, при што во воените операции покрај САД активно ќе се вклучат и европските земји кои ќе имаат поактивна улога во тие операции, што се покажа и во интервенцијата во Либија. Исто така, на повидок се и новата стратегија на НАТО за справување со хуманитарни кризи, природни непогоди, сајбер тероризам и злоупотреба на воената сила на НАТО. Безбедносната околина на глобално ниво рапидно се менува, при што, заради нараснатите проблеми од најразличен вид на глобално ниво, поделбата на одговорностите и улогите ќе биде неминовна појава, а ќе се заснива на соработката на НАТО и ангажман со другите меѓународни организации.

### 2.5.3. Концептот на паметна одбрана на НАТО (Smart Defence)

Во услови на економска криза појавата на концепт кој ќе овозможи порационално однесување и подобри резултати за безбедноста и стабилноста во евроатлантската област, но и пошироко е од суштинско значење за понатамошното функционирање на НАТО. Основните аспекти на овој нов концепт на паметна одбрана беше најавен од страна на генералниот секретар на НАТО, Андерс Фог Расмусен на безбедносната конференција во Минхен во февруари 2011 година. Според генералниот секретар на НАТО, концептот на паметна одбрана на НАТО (т.н. Smart Defence) има за цел да им помогне на земјите членки на Алијансата да изградат поголема безбедност со помалку ресурси, но со поголема координација и кохерентност. Имено, во услови на економска криза најголем предизвик е како да се изгради поголема безбедност, односно да се избегне финансиската криза да стане криза на безбедност. Во ера на штедење земјите членки на Алијансата треба мудро да изберат на што да се штеди, бидејќи ако намалувањата се премногу длабоки истите не ќе бидат во можност да обезбедат безбедност и стабилност во евроатлантската област како ни просперитетна економија на своите општества. Евидентно е дека НАТО сојузниците со почеток на новата деценија се оддалечуваат од кога било досега во однос на инвестициите во одбраната. Посебно тоа е изразено кај европските земји членки на Алијансата, за што во Европа и не се толку загрижени, барем не досега. Всушност и понатаму е присутно мислењето дека поделбата на трудот во НАТО треба да се темели на обезбедување на теш-

ката моќ од страна на САД, додека европските сојузници се повеќе се залагаат за мека моќ што е многу наивно и опасно. Случувањата во Египет, Тунис, Либија и другите места на Блискиот Исток и Северна Африка предизвикаат долгорочни последици на глобално ниво, што треба да алармира дека Европа треба повторно да почне да инвестира во одбраната. На безбедносната конференција во Минхен генералниот секретар на НАТО, Андерс Фог Расмусен, со оглед на тоа што безбедноста не може да се обезбеди само со трошење повеќе пари, бидејќи и пари, едноставно, има се помалку, ја истакна потребата од нов пристап, пристап кој ќе обезбеди поголема сигурност, за помалку пари, преку заедничко работење на земјите членки на Алијансата, но со поголема флексибилност. Тој меѓу другото истакна дека, мултинационалната соработка не е најатрактивната опција и со оглед на тоа што одбраната е тесно поврзана со националниот суверенитет, сепак, кризата ја прави соработка помеѓу нациите да не е избор, туку потреба и најдобро решение во услови на криза. Тоа е неопходност, бидејќи ниту една земја членка на Алијансата, посебно оние во Европа, самостојно не се во состојба да го развијат целиот спектар на одговори во однос на безбедносни ризици и предизвици. Во услови на економска криза земјите членки на Алијансата располагаат со ограничени ресурси за развој и градење на своите воени капацитети. Концептот на паметна одбрана на НАТО ќе помогне во заедничкото градење на тие капацитети, а сè со цел Алијансата да може ефикасно да одговори на се подинамичните промени на безбедносното опкружување. Секоја членка на Алијансата мора да го носи својот дел на товарот. Новиот концепт ќе обезбеди поефикасно искористување на воените буџети со форсирање на мултинационалниот концепт на соработка.[96] Концептот на паметна одбрана на НАТО всушност ќе овозможи безбедност во ерата на штедење, односно на земјите членки на Алијансата ќе им помогне да се соочат со безбедносните предизвици присутни денес, а тоа е како да се добие поголема безбедност при ограничени ресурси за одбрана и како да се инвестира доволно во одбраната за да се подготват за иднината. За да тоа биде возможно, според концептот на паметна одбрана, неопходно е помеѓу земјите членки на Алијансата да постои здружување и споделување на капацитетите, правилно и реално поставување на приоритетите, како и подобра координација на активностите во рамките на Алијансата. Здружување и споделување на капацитетите е од витално значење за развој на воените знаења и способности. Согласно тоа, НАТО е најдоброто место за идентификација и соработка на нациите кои имаат слични потреби, но не и доволно пари и способност за изградба на сопствени капацитети за одбрана. Според видувањата на генералниот секретар

[96] http://daily.mk/Sitel/pretstaven-smart-defence-noviot-koncept-na-nato/1009163

на НАТО, здружувањето и споделувањето на капацитетите во рамките на НАТО не е доволно доколку парите не се насочени таму каде се вистинските приоритети. На последниот одржан самит на Алијансата во Лисабон идентификувани беа повеќе важни приоритети меѓу кои сајбер одбраната и борбата против тероризмот и пиратството. Во такви услови Алијансата мора да им помогне на земјите членки да развијат реални финансиски конструкции за развој на сили кои ќе бидат брзо распоредливи и употребливи согласно поставените мисии на Алијансата, при тоа скратувајќи ги бирократските одлуки за дејствување и употреба на тие сили. За тоа се потребни и одредени реформи што ќе бара и силна политичка определба за спроведување на тие реформи. Колективната одбрана во рамките на НАТО укажува на фактот дека напад врз еден сојузник се смета за напад против сите, што треба да ги охрабри некои држави да се фокусираат на развој на одредени способности, сами или во соработка со други сојузници. Концептот вели дека НАТО е тој кој може да помогне да се идентификуваат тие способности. Она што исто така е потребно е целокупна кохерентност. Повторно, НАТО е тој кој може да обезбеди поголема слика на она што на сојузниците им треба. Всушност, според видувањата на генералниот секретар на НАТО, ова е време да се направи подобра употребата на НАТО и да се обезбеди степен на усогласеност во дејствувањето на НАТО, при што ќе се минимизира негативното влијание врз ефективноста на Алијансата. Тоа е потребно за да се добие поголема безбедност за парите што се инвестираат во одбраната. Често се поставува прашањето како Алијансата може на најдобар начин да се подготви за иднината. Концептот на паметна одбрана ја истакнува потребата од инвестирање во науката и технологијата, како и создавањето на поголема кохерентност во рамките на Европа. Доколку се посвети поголемо внимание на истражувањата и развојот на мултинационалните проекти, во многу би се намалиле трошоците. За помалите земји членки на Алијансата би било поедноставно заеднички да развијат одговори на сајбер заканите, отколку тоа да го прават самостојно. НАТО како организација може да помогне и да даде совет како да се заштити критичната информациска инфраструктура. Исто така, од особено значење е Алијансата да изгради поблиски врски со приватниот сектор, кој има богатство на експертиза. Неопходно е да се најдат подобри начини преку јавно-приватно партнерство да се истражува воениот потенцијал на новите технологии, со активно но внимателно вклучување на јавниот сектор во тие истражувањата. Понатаму исто така, од витално значење е и понатамошниот развој на односите помеѓу НАТО и ЕУ кои треба да се засниваат на силно и стратегиско партнерство кое ќе донесе многу политички предности но и финансиски што е во интерес на сите како во Европа

така и во Северна Америка. Тоа води кон практична соработка меѓу НАТО и ЕУ, соработка од која треба да се извлече максимумот. На крајот од своето излагање генералниот секретар на НАТО, Андерс Фог Расмусен на безбедносната конференција во Минхен, меѓу другото ќе истакне дека паметната одбрана на НАТО има за цел да им овозможи на земјите членки на Алијансата да можат подобро да работат заедно и поефикасно, при што улогата на НАТО е да ги постави стратегиските насоки, како и да ги идентификува можните области за соработка, при тоа споделувајќи ги најдобрите практики. Крајна цел е да се овозможи земјите членки на НАТО да развијат и стекнат одредени способности, самостојно или во соработка со сојузниците па дури и вклучувајќи ги и партнерите на НАТО, при што напорите на земјите партнери и оние на ЕУ се добредојдени, со што се јакне безбедноста како во евроатлантската област, така и надвор од неа, на глобално рамниште.

Паметната одбрана ќе помогне НАТО да изгради поголема безбедност со помалку ресурси и истата претставува витален приоритет за Алијансата. Новиот концепт на паметна одбрана на НАТО (т.н. Smart Defence) опфаќа три цели - развој на поголеми оперативни способности во услови на економска криза, посилна поврзаност и координација меѓу земјите-членки и партнерите и силна обврзаност за придонес во евроатлантската безбедност и стабилност.[97]

На состанокот на Министрите за одбрана на земјите членки на НАТО во Брисел во октомври 2011 година, се зборуваше за начинот на исполнување на агендата на концептот на паметна одбрана. Имено, беше истакнато дека концептот на паметна одбрана подразбира изградба на безбедноста со помалку средства и со заедничка работа на сите земји членки, но со поголема флексибилност, при што е неопходно да се утврди во кои области е потребно да се зголеми соработката. Исто така, беше нагласено дека, земјите членки на Алијансата ќе ги разгледаат ресурсите и капацитетите во однос на финансиските ограничувања, како и начините за стекнување и одржување на клучните капацитети, преку одредување на приоритети, специјализација и преку барање на мултинационални решенија, бидејќи секоја земја членка не е во можност да ги има сите воени капацитети на располагање.

На следниот самит на НАТО во Чикаго во мај 2012 година, една од темите секако ќе биде и концептот на паметна одбрана односно т.н. Smart Defence кој го вреднува инвестирањето во одбраната. Неспорен е фактот дека во изминатите години НАТО обезбедил поголема безбедност за своите членови отколку што тие некогаш можеле тоа да го постигнат самостојно. Согласно тоа Алијансата е решена и во иднина да продолжи да игра витална улога за евроатлантската

[97] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11281183835&id=9&prilog=0&setIzdanie=22442

безбедност и стабилност, но и пошироко, како и да обезбеди безбедност на нејзините земји членки во услови на финансиска криза. Кризата, која ги зафати двете страни на Атлантикот, ја притиска Алијансата да ја прошири соработката во одбранбените проекти, кои заеднички би ги финансирале повеќе земји членки. Затоа е важно во рамките на Алијансата сериозно да се размислува како може наједноставно да се постигнат потребите и целите на НАТО, а без при тоа товарот да падне само на одреден број земји членки и би било трагично Алијансата да остане без оние способности кои до сега и овозможуваа успех во операциите на Алијансата ширум светот.

## 2.6. Сили кои и се потребни на Алијансата

Со крајот на студената војна НАТО се соочи со потребата од нов пристап кон новата состојба, во која од особено значење беа прашањата за новиот безбедносен императив, прашањата поврзани со приближувањата и соработката со поранешните непријатели, како и понатамошното опстојување на Алијансата како воено-политичка организација. Во поглед на безбедносното опкружување се понагласено беше прашањето за ангажманот на воените сили на Алијансата во услови на појава на политички и воени кризи надвор од границите на НАТО, а посебно со појавата на внатрешните конфликти на тлото на поранешна Југославија.[98] Евидентен беше придонесот на воените сили на НАТО во ставање на крај на Босанската војна, каде после долгите напори за запирање на крвопролевањата со мирни средства, НАТО се одлучи на двонеделна воздушна кампања против силите на босанските Срби. Исходот беше потпишување на Дејтонскиот договор, со што се стави крај на војната но не и на конфликтот. За таа цел беа формирани сили за имплементација на мировниот договор со јачина на корпус ( 60.000 воен персонал), кој беше формиран од НАТО земјите членки, но и од не-НАТО земји. Со тоа НАТО се вклучи во процесот на управување на кризи, процес за кој се сметаше дека е поадекватен за цивилните структури. Истото се случи и при обидот на меѓународната заедница да го реши конфликтот на Косово со мирни средства, каде после повеќето неуспешни обиди Алијансата се одлучи на воена интервенција со превземање на воздушна кампања со цел да се стави крај на агонијата на Косово и рушење на режимот на Милошевиќ. При оваа интервенција

[98] Даскаловски С., НАТО трендови во димензионирањето на вооружените сили и трошоците за одбрана, Годишен зборник, книга 63, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2010, стр. 477.

до израз дојде техничко-технолошката супериорност на конвенционалните сили на Алијансата, пред се на воздухопловната и поморската компонента.

Војните на тлото на поранешна Југославија покажаа дека со крајот на студената војна не се стави крај на војната. Поконкретно, големата војна приматот им го препушти на внатрешните вооружени конфликти. Тоа е почетокот на формирање на една нова конфликтна околина во која примарно место ќе завземат интерните или внатрешните вооружени конфликти.[99] Тоа беа војни со помал обем и содржина, отколку што е тоа случајот со големите војни, но со насилство на ирегуларни и регуларни сили кои во најголем број случаи е тешко да се контролираат. Тоа за Алијансата, секако, претставуваше помал одбранбено-безбедносен проблем, кој ќе предизвика намалување на димензиите на вооружените сили и на трошоците за одбрана. Ова повеќе се однесуваше на европските НАТО сили, а помалку за вооружените сили и трошоците за одбрана на САД.[100] Појавата на политичките и воените кризи бараше, од Алијансата, развивање на поголем број на оперативни сили кои ќе бидат способни за извршување како на борбени така и на хуманитарни задачи, како и постконфликтно градење на мирот и реконструкција на државата која била опфатена со конфликтот. Се покажа дека е потребна долгогодишна ангажираност на силите за ефектуирање на мировните операции и на површина ја исфрли потребата од соработка на силите на Алијансата со цивилните структури и другите безбедносни институции со цел успешно справување со кризите.

Како производ на новите техничко-технолошки и социјални услови се бележи тренд на намалување на бројната состојба на мирновремените состави на армиите, се зголемуваат борбените ефекти и можности за остварување на брз допир со противникот, се појавуваат нови родови во рамките на оперативно тактичките единици, се повеќе се издвојува формирањето на бригади, како интегрирани борбени целини, способни за самостојно извршување на борбените задачи.[101] Ваквата условеност беше наметната од материјалната можност на државите членки на НАТО, да одржуваат скапи и гломазни вооружени сили, како и од перцепцијата на граѓаните и државните институции на земјите членки на Алијансата во однос на безбедносните ризици и предизвици, која посебно беше изразена кај европските земји членки. Се до терористичките напади од 11-ти

[99] Даскаловски С., Војникот носител на мирот, Годишен зборник, книга 64, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2011, стр. 340.

[100] Даскаловски С., НАТО трендови во димензионирањето на вооружените сили и трошоците за одбрана, Годишен зборник, книга 63, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2010, стр. 479.

[101] Даскаловски С., Вооружените сили на Македонија, прво издание, НИП Студентски збор, Скопје,1998, стр. 140.

Септември, земјите членки на НАТО, не придаваа значење на асиметричните закани. При тоа за прв пат беше активиран членот 5 од Вашингтонскиот договор при што се покажа дека европските НАТО сили имаат моќ на дистрибуција на силите и се подготвени да дадат поддршка, но не и способност за водење на операции против ирегуларни закани.[102] Воочените слабости на силите на НАТО се бараа во се помалото инвестирање во одбраната од страна на европските земји членки на Алијансата. Одлуките од самитот во Прага ќе придонесат за трансформација на силите на Алијансата од големи статични дивизии во сили кои ќе можат успешно да се спротивстават на ирегуларни и дифузни закани, а пред се на тероризмот. На самиот во Прага во 2002 година беше донесена одлука да се формираат НАТО - сили за брза реакција (NATO Response Force - NRF) составени од копнена, поморска и од воздушна компонента, сили кои на располагање ќе имаат 25.000 војници ( големина на бригада), подготвени брзо да се распоредат ( за 5 дена), самоодржливи на подолг период ( до 30 дена), ќе поседуваат висока технологија, ќе бидат флексибилни и интероперативни. Овие сили потребно е да бидат компатибилни со силите на ЕУ и меѓусебно да се зајакнуваат задржувајќи ја автономијата на двете организации. Исто така, за успешно справување со асиметричните закани се појави и потребата од подготовка на специјални сили кај копнената компонента кои ќе бидат поддржани со воздушни и поморски елементи. Специјалните единци се помали формациски состави, односно групи на тактичко ниво, способни за извршување на најсложени задачи во најразлични услови, со способност за брзо распоредување и самоодржливост. Согласно новото безбедносно опкружување копнените сили се повеќе ќе треба да се оспособат и подготват на ниво на специјалните единици. Но, и специјалните сили треба да имаат способности како и класичните копнени сили.[103] Поморските и воздухопловните сили и понатаму остануваат да бидат значајна поддршка на копнените сили. Утврдените определби не треба да бидат декларативни со оглед на тенденција на се помалото инвестирање во одбраната посебно од страна на европските земји членки на НАТО. И покрај финансиската криза која го зафати западниот свет во изминатите години сепак мора да се изнајдат начини да се спречи тенденцијата за не инвестирање во одбраната за да не се случи неизбежниот домино

[102] Даскаловски С., НАТО трендови во димензионирањето на вооружените сили и трошоците за одбрана, Годишен зборник, книга 63, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2010, стр. 480.

[103] Даскаловски С., Развојот и доградбата на моделот на воената организација на Република Македонија, Зборник на трудови , Меѓународната научна конференција „Балканот–безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница", Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Охрид, 2010, стр. 64.

ефект. Лансираниот концепт на паметна одбрана на НАТО (Smart Defence) ќе треба да даде решение на нараснатите проблеми предизвикани од финансиската криза, но со напомена дека земјите членки НАТО не треба да престанат да инвестираат во одбраната и во развојот на своите вооружени сили, не помалку од НАТО утврдениот процент од БДП од 2 %, како и да водат сметка за големината на вооружени сили, пред се на нивната активна компонента која треба да зафаќа околу 0,4 % од населението. Да се направи повеќе со помалку средства е голем предизвик за Алијансата. Присутна е констатацијата дека постои диспропорција во реформирањето на вооружените сили на САД и европските НАТО сили, иако се делови од една организација.[104] Тоа би довело до заостанување на европските сили во однос на силите на САД и при тоа истите нема да бидат интероперативни и интероперабилни со оние на САД. Причините за ваквите состојби можеби треба да се бараат во општествено-политичките, економските и безбедносните промени, во услови кога загрозувањето на безбедноста на државите од надвор е на помало ниво, што резултира со намалување на вооружената сила и инвестирањето во одбраната односно ограничување на воениот буџет. Но, не треба да се заборават се поголемиот број на ризици и предизвици надвор од евроатлантскиот простор кои можат да имаат и влијание на европскиот простор, што секако треба да даде импулс во размислувањето на европските лидери дека е крајно време да придонесат во зачувување на безбедноста и стабилноста на глобално ниво што во исто време ќе придонесе и Европската унија да стане респектабилен безбедносен систем. Позитивен беше примерот на активно вклучување на европските земји членки во решавање на кризата во Либија.

Фактот дека НАТО е глобален безбедносен систем, тоа ќе бара од Алијансата се поголем ангажман на сили способни за интервенција надвор од евроатлантската област и сили со поголеми способности. Во услови на глобализација проблемите стануваат глобални, што секако има влијание врз определбата на голем број земји да бидат заинтересирани со ангажирање на своите вооружени сили да дадат придонес во решавањето на политичките и воените кризи, а преку учество во мултинационалните операции. Комплексноста на конфликтите и понатаму ќе бара долгогодишна посветеност и ангажман на војникот во улога и симбол на носител на мирот.[105] Секако овие трендови се актуелни и за вооружените сили на Република Македонија, со цел целосна компатибилност со НАТО, како би може-

[104] Даскаловски С., НАТО трендови во димензионирањето на вооружените сили и трошоците за одбрана, Годишен зборник, книга 63, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2010, стр.483.

[105] Даскаловски С., Војникот носител на мирот, Годишен зборник, книга 64, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2011, стр. 345.

ле со успешност да одговорат на безбедносните ризици и предизвици на новото време и да бидат активен чинител во мултинационалните операции, но и во исто време да обезбедат одбрана на територијата на Република Македонија.

Силите за колективна одбрана составени од соодветна мешавина на конвенционални и нуклеарни можности и натаму ќе останат камен темелник на Алијансата. Покрај внатрешните вооружени конфликти, безбедносните проблеми како тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, нивниот начин на испорака, сајбер нападите кои може да имаат силно влијание врз безбедноста на глобален план, енергетската безбедност, климатските промени и природните катастрофи, се предизвици на кои Алијансата мора да биде способна да реагираа брзо и ефикасно и да развие и одржува сили и способности кои ќе можат со успешност да одговорат на наведените безбедносни проблеми. Согласно тоа, и во иднина, адаптацијата на Стратегискиот концепт на НАТО во однос на безбедносните предизвици ќе биде нужна појава, заради сигурноста дека воените структури и способности на Алијансата ќе можат да одговорат на безбедносните предизвици на новото време.

# IV Глава
# ИДНИНАТА НА АЛИЈАНСАТА

Како и низ историјата, Алијансата и во иднина ќе биде способна да се прилагоди на новите предизвици. Имено, НАТО докажа дека е организација која ги надминува границите на воено-политички сојуз. Алијансата не само што се грижи за безбедноста на нејзините членки, туку таа прераснува во глобална организација со способност да влијае на настаните и движењата во светот, а кои се однесуваат на безбедноста и се во интерес на демократијата, мирот и доброто на граѓаните и територијата на Северноатлантската алијанса. Овие определби кои се единствени и вечни ќе ја водат Алијансата и во периодот кој доаѓа, односно и по одржаниот самит на НАТО во Лисабон.

## 1. Идните безбедносни предизвици и НАТО

По завршувањето на студената војна, согласно промените кои настанаа во безбедносната средина, Алијансата се најде пред нов предизвик. Истата, требаше да се трансформира согласно новите мисии кои беа последица на случувањата во Европа и светот. Настаните кои ги одбележаа 90-те години на минатиот век, како и првата деценија на 21-от век и овозможија на Алијансата не само да преживее како организација, туку истата ја засили како форум на кој се расправаше и се расправа за актуелните безбедносни прашања во евроатлантската област и надвор од неа, помеѓу земјите членки на НАТО, како и меѓу членките на НАТО и останатите меѓународни организации.

Иднината на Алијансата ќе зависи од понатамошното совладување на актуелните и идните безбедносни предизвици. Бидејќи архитектурата на самата безбедносна средина е многу комплексна Алијансата во иднина не ќе може да ги решава безбедносните проблеми само преку јакнење на воените капацитети и самостојно. Тоа го покажаа и случувањата во Авганистан, како и случувањата во Либија, со што приодот кон безбедноста мора да биде многу поширок. Досегашните научени

лекции покажаа дека НАТО мора тесно да соработува и со останатите меѓународни организации како што се ООН и ЕУ. Од тука следи дека еден од главните предизвици на НАТО во иднина ќе биде соработката со партнерите и сојузниците. Всушност, за да може да се дефинираат идните задачи на Алијансата потребна е сеопфатна анализа на меѓународните односи а пред се односите на меѓународната сцена во годините кои доаѓаат. Имено, имаме ситуација во која центрите на моќ се променети со оглед на фактот дека веќе Кина може да се смета за економска и воена светска сила. Се претпоставува дека Индија и Бразил ќе бидат следни, а секако тука не заостанува и Русија. Од друга страна и понатаму е отворено прашањето дали истото ќе се случи и со западниот свет, односно со ЕУ и дали таа ќе прерасне во светка сила. Заклучокот е дека постоењето на силна врска помеѓу Европа и Северна Америка е од суштинско значење за одредување на идните задачи и мисии на Алијансата. Понатаму, неспорен е и фактот дека поседувањето и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување е исто сериозен проблем за светскиот мир и безбедност, што секако спречувањето на пролиферацијата како што е и потенцирано во Стратегискиот концепт е предизвик за Алијансата.

Покрај колективната одбрана која ќе остане основна мисија на НАТО Алијансата мора да биде способна да најде ефикасни решенија и при операции надвор од членот 5 од Вашингтонскиот договор, како и способност да се одговори на опасноста од тероризмот, што е и потребна и доволна причина за постоењето на Алијансата. Како пример, да го земеме состанокот на Северноатлантскиот совет на ниво на министри за одбрана одржан во Колорадо Спрингс 2003 година. На состанокот, државниот секретар за одбрана Доналд Рамсфелд по пат на симулација која се однесувала на замислените 3000 заложници на остров кој се наоѓал во Црвеното Море, заробени од страна на терористичка организација која се заканила дека за неколку часови ќе ги елиминираа сите заложници, ги запрашал министрите за одбрана на НАТО членките колку часови ќе им бидат потребни на владите на земјите членки на НАТО да донесат одлука за испраќање свои сили во таквите географски оддалечени простори. При тоа, некои министри истакнале дека ќе им бидат потребни и до две недели, бидејќи процедурата за испраќање сили во странски земји требало да мине низ дебатите во парламентот. Всушност, таквата статичност и спорост влијаела врз одлуките на некои членки на Алијансата да ја упростат процедурата за испраќање сили во разни видови операции. Според тоа, прагматичноста натерала некои држави членки на Алијансата да го менуваат и Уставот со цел да ја олеснат ефикасноста на нивниот ангажман во НАТО.[106]

[106] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк-Интернационал, Скопје,2005, стр. 17-18.

Во справувањето со опасностите и заштитата на заедничките вредности и интереси, дејствувањето на Алијансата и во иднина ќе биде насочено надвор од евроатлантската област, со цел успешно спречување на внатрешните конфликти, спречување на пролиферацијата, спречување на уништувањето на енергетските извори и инфраструктура, спречување на тероризмот, заштита од опасностите од новите технологии кои лесно можат да бидат употребени во воени цели, заштита од сајбер нападите, како и спречување на останатите закани кои имаат влијание врз интересите на Европа и САД. Но, секако треба да се има и во предвид и цената на безбедноста односно цената на модерното војување. Имено, не треба да се дозволи релативно мирната Европа цехот за безбедноста да го префрли само на САД. Со тоа можно е Алијансата да стане поголем но полабав и неинтегриран систем. Ова не наведува на фактот дека безбедноста на Европа и Северна Америка и понатаму е неделива и истата треба да се заснива на рамномерно учество на сите земји членки на НАТО, со што поизразена би била улогата на европските земји членки на НАТО во решавањето на безбедносните проблеми. Исто така, НАТО во иднина ќе треба да посвети внимание и на последиците при големи природни, техничко-технолошки и други несреќи. Најсвеж е примерот со Јапонија каде земјотресот и цунамито предизвика големи и непроценливи загуби а исто така дополнителни проблеми предизвикаа и експлозиите во нуклеарниот комплекс Фукујама, случувања што ќе имаат последици не само на регионално туку и на глобално ниво. Согласно тоа, Алијансата треба да биде подготвена и за справување со несреќи од ваков вид, како и подлабоко да ги развие стратегиите за справување при природни непогоди и хуманитарни катастрофи. На крајот, може да се каже дека промените во НАТО ќе бидат насочени кон политичка и воена трансформација на Алијансата со цел нејзино институционализирање во глобална организација која со успешност ќе може да одговори на предизвиците на 21-от век.

## 2. Процесот на проширување на Алијансата

Проширувањето на НАТО е процес кој што продолжува. Приемот на нови членки по завршувањето на студената војна стана мошне спектакуларно, како во однос на бројот на примени членки така и во однос на политичкото влијание, за разлика од периодот помеѓу 1949 година и раните 80-ти години на минатиот век кога само четири земји станаа членки на Алијансата ( Турција и Грција во 1952, Германија во 1952 и Шпанија во 1982).[107] Имено, со крајот на студената војна

[107] Nato Handbook 2006, Nato office of information and Press, 1110 Brussels, Belgium, p.183.

земјите од Централна и Источна Европа се повеќе инсистираа на нивниот прием во Алијансата и покрај тоа што во почетокот Алијансата внимателно го избегнуваше ова прашање. Ваквата ситуација се задржа се до самитот на шефовите на држави и влади на земјите членки на НАТО во Брисел, во јануари 1994 година. На самитот беше промовирана идејата за проширување на Алијансата со земјите од поранешниот Источен блок. Во подготовките на проширувањето, НАТО ја реализираше Студијата за проширувањето на НАТО[108] која беше и јавно публикувана во септември 1995 година и поделена на земјите заинтересирани за членство во НАТО. Самата студија укажува на фактот дека со завршувањето на студената војна повеќе не се потребни линиите на разграничување, истите треба да се избришат и сега постои заедничка потреба за подобрување на безбедносната архитектура во целата евроатлантска област. Проширувањето ќе ги поддржи и веќе започнатите процеси на интеграција во Европа и истото нема да претставува закана за некоја држава. НАТО и понатаму ќе ја задржи својата одбранбена улога во насока на зачувување на мирот во евроатлантската област и безбедноста на своите земји членки. Секое идно проширување на НАТО ќе биде во согласност на членот 10 од Вашингтонскиот договор и со приемот новите членки ќе ги превземат сите обврски кои произлегуваат од договорот. Студијата смета дека подготвеноста искажана преку практичните достигнувања на аспирантите за членство треба да биде одлучувачки фактор при донесувањето на одлуката за секое идно членство. Секоја одлука за проширување за секоја идна членка потребно е да биде донесена со консензус бидејќи така донесената одлука ќе има своја тежина и ќе придонесе за стабилноста и безбедноста во евроатлантската област. Процесот на проширување, покрај другото, ги иницираше земјите од Централна и Источна Европа, да превземаат сеопфатни политички, економски и воени реформи, со цел да изградат демократски општества, просперитетни економии и воени организации кои ќе се засниваат на мирот и стабилноста во Европа. Студијата за проширување иницираше воспоставување на дијалог со земјите заинтересирани за членство преку кој би се добила јасна слика за подготвеноста на секоја земја аспирант за членство.

Од воспоставениот дијалог со 12-те земји аспиранти (Албанија, Бугарија, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Полска, Романија, Словачка, Словенија и Македонија) само три кандидати односно Полска, Чешка и Унгарија беа поканети за членство во НАТО на самитот во Мадрид во1997 година, а со полноправно членство се здобија на Вашингтонскиот самит во 1999 година. Со тоа стана јасно дека по првото проширување ќе се случи и втор круг

[108] Study on NATO Enlargement. Истата ги елаборира целите и принципите на проширувањето, како и она што треба да се очекува од новите членки.

на прием на нови членки. Во таа насока, а со цел унапредување на процесот на проширување, на самитот од Вашингтон беше донесен Акциониот план за членство (АПЧ)[109]. Неговото донесување беше во насока да се даде помош во активностите што треба да ги направат партнерите за идното членство, но и да претставува инструмент со кој ќе се мери прогресот на земјите аспиранти за членство на нивниот пат за членство во НАТО.

Вториот круг на прием на нови членки се случи на самитот во Прага, кога од страна на шефовите на држави и влади на НАТО, беа упатени покани за членство во Алијансата до Литванија, Латвија , Естонија, Словенија, Словачка, Романија и Бугарија. При овој круг на проширување земјите аспиранти беа вклучени во Акциониот план за членство, при што кандидатите беа годишно оценувани за петте поглавја од АПЧ.

Следниот самит во Истанбул во 2004 година, иако не беше самит на проширување, ја потврди определеноста на Алијансата дека во согласност со член 10 на Вашингтонскиот договор, политиката на отворени врати останува отворена за идните можни членки: Македонија, Албанија и Хрватска. И покрај очекувањата дека расправата за следното проширување на Алијансата ќе се случи во 2006 година, односно во 2007 година сепак тоа остана само желба на земјите аспиранти. Меѓу другото, она што го одлагаше очекуваното проширување на НАТО беа нараснатите безбедносни проблеми на меѓународен план и неопходната консолидација на Алијансата на внатрешен план. Процесот на проширување продолжи на самитот во Букурешт кога беше упатена покана за членство во Алијансата до Албанија и Хрватска, но не и до Македонија, заради ветото од страна на Грција. Со тоа, беше направена една историска неправда да и покрај исполнувањето на сите услови, а поврзани со членството во НАТО, од страна на Република Македонија, истата не беше поканета да се приклучи на семејството на Северноатлантската алијанса, со што Република Македонија беше условена прво да го реши спорот со името, со Република Грција, па потоа да се приклучи на Алијансата. Исполнувањето на обврските за членство во НАТО од страна на Република Македонија, не беше доволен услов за членство. Останува да почекаме што ќе се случи на следниот самит на НАТО, во Чикаго во мај 2012 година. Во однос на понатамошното проширување на НАТО, Алијансата и понатаму ја поддржува политиката на отворени врати. Прашањето за приклучувањето на Грузија и Ук-

[109] Membership Action Plan. Клучни елементи на АПЧ се изготвување индивидуална Годишна национална програма за членство (ГНПЧ) која ги содржи политичко-економската, безбедносната, одбранбено-воената, правната сфера и ресурсите, понатаму повратните механизми со кои ќе се мери прогресот на земјата аспирант, како и зајакнувањето на одбранбеното планирање.

раина е од особено значење, но сепак присутен е и фактот дека тие нема да и се приклучат на Алијансата во блиска иднина.

Во денешно време е вистинска привилегија да се биде членка на еминентниот клуб НАТО. Користа е повеќедимензионална, но и патот кон полноправното членство е тежок и исполнет со бројни реформи, откажувања, планирања, самодисциплинирање, поголеми и повеќегодишни планирања на воени буџети, редукции на армиите и резервните состави.[110] Можноста на еден проширен НАТО да ја изгуби својата воена моќ, нема да биде основана доколку процесот на рационализација и модернизирање на Алијансата, како и позицијата на идните нови членки во овие процеси продолжи со голема транспарентност и сосема отворено, со што ќе се влијае на перформансите на старите, но и на новите и идните членки на Алијансата. Во таа насока, прашањето за тоа дали и е потребно проширување на Алијансата ќе биде неосновано. Можноста на новите и идните земји членки, воено да придонесат во колективната одбрана и операциите за поддршка на мирот ќе биде важен фактор за безбедноста и стабилноста во евроатлантската област, но и надвор од неа. За да не постои дилема дали е потребно идно проширување на Алијансата неминовно ќе треба да се обезбеди кохезија внатре во Алијансата, како и да се одржи воената ефикасност на НАТО и внатрешниот консензус. Новите членки ќе мора да бидат подготвени за старите, но и новите мисии на Алијансата поврзани со кризниот менаџмент и борбата против тероризмот со што ќе се исполни и стратегиската определба на сојузот. Самитот во Букурешт, всушност, потврди дека внатрешниот консензус по основ на прием на нови членки не е секогаш лесен процес. Алијансата и покрај цврстата определба, заради противењето на една земја членка, Грција, не и упати покана за членство на Република Македонија и покрај огромниот придонес на нашата земја за меѓународниот мир и безбедност и спроведените реформи неопходни за членство во Алијансата, како и неспорниот факт дека Република Македонија припаѓа на Европа која треба да биде цела и слободна. Принципот на отворени врати и понатаму треба да остане стратегиски интерес на Алијансата, но и земјите аспиранти за членство треба да останат целосно посветени на својот стратегиски интерес за полноправно членство во НАТО. НАТО и понатаму треба да остане камен темелник на безбедноста во евроатлантската област. Иднината на Алијансата се темели на она што НАТО и земјите членки мора да го направат за да се задржи релевантноста на сојузот во однос на безбедносната околина на новото време, а врз основа на целосна анализа и практични препораки на креаторите на политиката на дејствување на Алијанса-

[110] Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк-Интернационал, Скопје,2005, стр. 206.

та. За најголемиот број на членки и аспиранти, постоењето на НАТО не се става под знак прашалник. Всушност, членството во НАТО претставува гаранција за безбедноста и стабилноста на земјите членки што како мислење е посебно изразено кај земјите аспиранти за членство наспроти опасностите од новите терористички закани, природни или друг вид на катастрофи.

## 3. НАТО и процесот на соработка и партнерство

Согласно потребата за поголема солидарност во денешната безбедносна средина особено во борбата против тероризмот и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување политиката на НАТО за партнерство е во насока на градење на блиски и поефективни односи со многу држави и меѓународни институции. Ова вклучува партнерство со земјите во евроатлантската област, земјите од поширокиот Медитерански регион, потоа т.н. „контакт земји" како Јапонија, Австралија, Пакистан и Кина и меѓународните организации како Европската унија (ЕУ), Организацијата за безбедност и соработка во Европа(ОБСЕ) и Обединетите нации (ОН).[111] Согласно тоа, процесот на соработка и партнерство завзема значајно место на сите одржани самити на Алијансата во поново време, како и на последниот одржан самит на НАТО во Лисабон. Соработка меѓу НАТО и Русија останува да биде од стратегиско значење како што беше потврдено на средбата на Советот НАТО-Русија (НРС) на ниво на шефови на држави и влади во Лисабон. Во контекст на заедничките безбедносни интереси Алијансата е решена, заедно со Русија, да изгради траен и сеопфатен мир во евроатлантската област, при што во соочувањето со заедничките безбедносни предизвици тие мора да делат заедничка одговорност. Алијансата е целосно посветена на вистинското стратегиско партнерство со Русија, при што истото се очекува и од Русија. При тоа, од особено значење е  напредокот кој е постигнат на ова поле изразен преку практичните проекти за соработка за Авганистан, вклучувајќи ја борбата против наркотици, не-пролиферација на оружјето за масовно уништување и средства за испорака, контра-пиратеријата, борбата против тероризмот и операциите за одговор при катастрофи. Исто така, од големо значење се понудите од страна на Русија за транспортот на стоки потребни за Меѓународните сили за поддршка на безбедноста во Авганистан (ИСАФ). За Алијансата од стратегиско значење е

[111] Nato Handbook 2006, Nato office of information and Press, 1110 Brussels, Belgium, p.26-27.

и соработка со Русија во однос и на ракетната одбрана, преку изградбата на антиракетниот штит врз база на партнерство. Во односите меѓу НАТО и Русија, покрај Авганистан, од посебен интерес се и голем број на други безбедносни теми при што дијалогот и соработката со Русија ќе помогнат да се решат разликите, градејќи взаемна доверба, транспарентност, предвидливост и меѓусебно разбирање.[112]

Односите на Алијансата со Украина и Грузија се, исто така, од суштинско значење за евроатлантска безбедност при што од особено значење се успешните политичките и економските реформи во овие земји. Јасна е определбата на Алијансата и во иднина да го развива партнерството со Украина и Грузија, а за таа цел НАТО и во иднина ќе ги поддржува нивните евроатлантски аспирации.

Со цел јакнење на партнерството, Алијансата јасно ја изразува својата посветеност на развојот на политичкиот дијалог и практичната соработка со своите партнери при тоа почитувајќи ја специфичноста на постоечките мултилатерални партнерства на Алијансата. Имено, Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) и Партнерството за мир (ПзМ) се од суштинско значење за визијата на НАТО за цела Европа, мирна и слободна. Исто така, НАТО го поддржува понатамошниот развој на ЕАПС и ПзМ како суштински рамка за политички дијалог и практична соработка. Мирот и стабилноста во медитеранскиот регион се исто од големо значење за евроатлантската безбедност, со што Алијансата и понатаму останува посветена на понатамошно развивање на Медитеранскиот дијалог (МД) преку зголемување на своите политички и практични димензии, со цел изградба на меѓусебна доверба и справување со заедничките безбедносни предизвици во регионот. Истанбулската иницијатива за соработка (ИИС) од своето основање на самитот во Истанбул во 2004 година исто така бележи значаен напредок. Целта на оваа иницијатива беше да се зголеми соработката помеѓу земјите од Медитеранскиот дијалог и поширокиот регион на Средниот исток. Преку политичките консултации и практичната соработка во различни области и во иднина ќе се постигне понатамошен развој и зајакнување на оваа иницијатива. НАТО постојано ја искажува силната и плодна соработка со Обединетите нации (ОН). Целта на Алијансата е да се продлабочи оваа практична соработка и понатаму, да се развива политичкиот дијалог за прашањата од заеднички интерес преку редовни политички консултации, како и зголемена практична соработка во управувањето со кризи каде што двете организации се вклучени. НАТО и Европската унија (ЕУ), со оглед на тоа што делат заеднички вредности и стратегиски интереси,

[112] Lisbon Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Lisbon, 20 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68828.htm?mode=pressrelease

треба да работат заедно рамо до рамо во управувањето со кризите. Затоа, НАТО е определен за подобрување на стратегиското партнерство меѓу НАТО и ЕУ и ги поддржува иницијативите за соработка. Какви ќе бидат понатаму односите меѓу НАТО и ЕУ, ќе зависи од соработката која треба да се темели на комплементарност и користење на компаративните предности на двете организации, а не на натпреварување со повремени конфликти на интереси. Тоа ќе го покаже времето, но поверојатно, според голем број на аналитичари, е дека натпреварот и конфликтот на интереси помеѓу двете организации ќе биде постојано присутен, состојба која ќе мора да се надмине.[113] Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) е важна регионална безбедносна организација и форум за дијалог на прашања во врска со евроатлантската безбедност и истата игра важна улога во промовирање на безбедноста и соработката. Целта на Алијансата е понатамошно подобрување на соработката со ОБСЕ особено во областа како што се превенцијата на конфликти, пост-конфликтната рехабилитација, како и во решавањето на новите безбедносни закани.

Односите на НАТО со другите партнери од целиот свет се шири и продлабочува како одраз на заедничките цели во областа на безбедноста. Имено, партнерските механизми на НАТО имаат постигнато значителен напредок во текот на изминатите 20 години, при што дијалогот и соработката стануваат се позначајни. За таа цел, Алијансата ќе мора да продолжи да работи на усогласување на партнерските програми, на изградба на доверба помеѓу партнерите, на зголемување на транспарентноста, подобрување на постоечките форуми за политички дијалог, како и на развој на практичната соработка.

[113] Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007, стр.153.

# ЗАКЛУЧОК

Пристапот кој се однесува на развојот и промените на воените стратегии на НАТО е резултат на потребата од трансформација на одбранбената политика на Алијансата, што треба да донесе внатрешна стабилност и интегрираност на евроатлантската област, но и надвор од неа, при тоа сфаќајќи ја безбедноста како вредност и фундамент за успешно градење на општеството.

Општо е сознанието дека НАТО е резултат на исходот на Втората светска војна кога ги бележи и своите почетоци. По завршувањето на Втората светска војна, земјите на Западна Европа се обединија со земјите на Северна Америка, потпишувајќи го Северноатлантскиот договор со што и беше формирана НАТО алијансата во април 1949 година. Целта на ова организирање беше успешно спротивставување на комунизмот кој беше претставен од страна на Советскиот сојуз и Варшавскиот договор. Во годините на студената војна, подготвувајќи се за меѓусебна вооружена пресметка, НАТО изгради воени стратегии кои еволуираа од стратегија на одвраќање преку стратегија на масовна нуклеарна одмазда до стратегија на флексибилен одговор. Посочените стратегии за време на студената војна имаа доста ирационални елементи кои доведоа до интензивирање на трката во вооружување. Ирационалноста се темелеше на точноста на тезата за меѓусебно уништување преку отпочнување на нуклеарна војна. Се покажа дека не постоеа сериозни намери за меѓусебна вооружена пресметка со оглед на фактот дека за време на студената војна постоеа голем број на локални и ограничени војни каде беа испреплетени политичките, економските и воено-политичките интереси на големите сили. Попуштањето на напнатоста во односите меѓу Истокот и Западот доведе до затоплување на вкупните меѓународни односи, како и до потпишување на договорите за намалување на вооружувањето, пред се нуклеарното. Со распаѓањето на реалсоцијализмот и на Советскиот сојуз во 1989 година, беше се понагласено прашањето за идното опстојување на НАТО. На меѓународен план, се појавија предизвиците на постстудената војна со кои требаше да се соочи Алијансата. Распадот на реалсоцијализмот доведе до создавање на нови независни држави на тлото на Европа кои набргу после нивното осамостојување го одбраа патот за нивно интегрирање во евроатлантските институции. САД ја

застапуваа тезата дека Алијансата треба да одговори на се поголемата заемна зависност во светот и на процесот на глобализацијата. Требаше да создаде едно ново НАТО кое со успешност ќе може да **одговори на новите предизвици и на новиот постстуден воен мир**. Во 1991 година, по завршувањето на студената војна, беше донесен новиот Стратегиски концепт на НАТО, различен од претходните. Новиот Стратегиски концепт за првпат беше јавен документ, отворен за дискусија и коментари, што секако претставуваше промена на воената стратегија на НАТО олицетворена во Стратегискиот концепт кој ја застапуваше потребата од дијалог и соработка со поранешните непријатели. Предизвиците од 90-тите години на минатиот век, етничките конфликти на просторот на поранешна Југославија, формирањето на новите демократии во Централна и Источна Европа и воспоставувањето новите релации со Русија и Украина, беа успешно разрешени преку комбинираните воени и дипломатски средства и наизменичната комбинација на мировните операции и операциите од кризниот менаџмент. **Земјите членки на Алијансата дадоа голем придонес** во тешкиот процес на транзиција на посткомунистичките земји истовремено превземајќи значајни трансформации во сопствената безбедносно-политичка институција НАТО. Промените се темелеа на широкиот пристап кон безбедноста, фаворизирајќи ја соработката и дијалогот, редуцирање на вооружените сили при тоа водејќи сметка за колективната одбрана и кризниот менаџмент, како и поголемата обврзаност на европските земји членки за својата безбедност. Овие области се клучни во првиот, Стратегискиот концепт после завршувањето на студената војна и претставуваа основа за понатамошниот развој на одбранбената политика на НАТО, неговите оперативни способности, како и негово организирање за постигнување на поставените цели.

Стратегискиот концепт од 1991 година беше ревидиран во 1999 година, со што беше изразена посветеноста на Алијансата не само на колективната одбрана на земјите членки на НАТО, туку и на поширокиот приод во безбедноста, промовирајќи мир и стабилност во пошироката евроатлантска област преку јакнење на трансатлантското партнерство, водење на ефикасни воени операции, развој на европските способности во рамките на НАТО, развој на ефикасен систем на превенција на конфликтите и структурите и процедурите на кризниот менаџмент, развој на ефикасно партнерство со не-НАТО земјите врз основа на соработка и дијалог, како и преку понатамошен развој на принципот на отворени врати. Но, со настаните од 11 септември 2001 година Алијансата беше повторно приморана политички да ја осмислува својата стратегиска поставеност за со успешност да се соочи со предизвиците во евроатлантската област и надвор од неа.

Од денешна гледна точка, евидентно е дека Алијансата успешно одговори на предизвиците кои произлегоа од рушењето на реалсоцијализмот, но тоа сеуште не може да се каже и за предизвиците на 21-от век, пред сè оние кои се однесуваат на глобалниот тероризам. Настаните од 11-ти Септември ја натераа Алијансата повторно да ја преиспита својата политиката на дејствување која беше изразена во Стратегискиот концепт од 1999 година. Терористичките напади ја нарушија и дефиницијата за заканите кои се однесуваа на членот 5 од Вашингтонскиот договор. Во новосоздаденото меѓународно опкружување се повеќе се размислуваше за побрза и поефикасна трансформација и проширување на Алијансата, како и за брзината на интервенцијата во географските далечни простори **кои се наоѓаат вон државите членки на НАТО, а** се со цел да се оневозможи организирањето на терористите истите војнички и технолошки да зајакнат и да се снабдат со **оружје за масовно уништување**, како и превентивно да се спречат нивните напади. Имено, се понагласена беше потребата од дејствување на Алијансата надвор од евроатлантската област што најсликовито беше искажано со изјавата на поранешниот генерален секретар на НАТО Џорџ Робертсон, „Ако ние не одиме во Авганистан, Авганистан ќе дојде кај нас". Организациските промени и јакнењето на капацитетите на НАТО беа насочени кон промени во доменот на капацитетите, мисиите и структурите на Алијансата, процесот на планирање на одбраната, создавањето на силите, заедничкото финансирање, како и кон процесот на консултации и донесување на одлуки.

Новиот Стратегиски концепт на НАТО од Лисабон повторно ја искажа определбата на Алијансата да биде организација која заедно со своите партнери ќе може успешно да одговори на новите безбедносните предизвици во светот кој толку брзо се менува. Во овој Стратегиски концепт, тероризмот е претставен како директна закана за меѓународната безбедност и стабилност. Се искажува и загриженоста за се позачестените сајбер напади, кои стануваат значаен безбедносен проблем, како и безбедноста на виталните комуникации, транспортот и транзитните патишта од кои зависи меѓународната трговија и енергетската безбедност. Покрај останатите ризици и предизвици во предвид се земени и животната средина, ограничените ресурси, се поголемите потреби од енергија, недостатокот на водата, климатските промени и здравствените ризици.

НАТО денеска претставува глобална институција, при што за постигнување на целите и се потребни партнери. Алијансата не може секогаш да биде предводник на воените операции, напротив во одредени ситуации, НАТО треба да биде вклучен со помал придонес, а тежиштето ќе треба да биде во јакнење на соработката и ангажманот на останатите меѓународни организации и институции.

Суштината на идното осмислување на Алијансата е урамнотежување на односите меѓу НАТО и ЕУ. Имено, Алијансата се обврзува да го спречи појавувањето на криза, а доколку истата се појави и прерасне во конфликт, таа се обврзува да управува со конфликтите и да ги стабилизира пост-конфликтните ситуации, при тоа работејќи поблиску со своите меѓународни партнери меѓу кои е и Европската унија. Соработката со ЕУ не е на оптималното ниво, а доколку таа соработка не се подобри може да има трајни последици во справувањето со ризите и предизвиците од заеднички интерес. Не одејќи така далеку, после многубројните неуспешни настојувања за мирно разрешување на кризата во Либија за заминување на режимот на Муамер Гадафи, НАТО се одлучи на воена интервенција во Либија заради заштита на цивилното население, интервенцијата која на површина го исфрли проблемот на модерното војување. Цената на модреното војување е голема и не секоја земја членка на Алијансата може да го понесе тој товар. Имено, ова е важно бидејќи поголемиот дел на условно речено помалите членки имаат лимитирани буџети, со што истите не ќе можат во целост да го исполнат бараните обврски при софистицираното војување, проблем кој ќе треба да се надмине. Но, пред тоа да се случи, ќе биде потребно фокусот да се стави на спречување на влошените состојби пред да прераснат во кризи со несогледиви последици, а кои ќе бараат скапи и големи интервенции. Кога станува збор за цената на чинење на една интервенција таа добива на значење во услови на економска криза. Неодамнешниот лансиран концепт на паметна одбрана ( Smart Defence) ќе треба да го даде одговорот на прашањето како да се зголеми безбедноста во евроатлантската област, но и пошироко, со помалку пари. Концептот на паметна одбрана е насочен кон обезбедување на безбедноста преку здружување на воените капацитети, преку правилно одредување на приоритети, како и преку координација на активностите кои ги превзема Алијансата.

Се покажа дека Алијансата мора да развива и одржува сили и способности кои ќе можат со успешност да одговорат на нараснатите безбедносни проблеми на глобално ниво. Покрај потребата од сили способни за интервенција надвор од евроатлантската област и сили со поголеми способности, соодветната мешавина на конвенционални и нуклеарни сили и понатаму ќе остане суштински елемент на стратегијата на Алијансата.

Стратегијата на НАТО е концепт на постојани промени кој мора да ги следи промените на безбедносното опкружување, земајќи ги во предвид и нараснатите безбедносни проблеми на глобално ниво кои не треба само декларативно да се констатираат, напротив, истите треба заеднички да се решаваат од страна на сите земји членки и партнери на Алијансата. Во тој контекст, покрај традиционалните

безбедносни прашања, заканата од тероризмот, опасностите од оружјето за масовно уништување, сајбер нападите и се поголемиот број на политички и воени кризи, во предвид треба да се земат и безбедносни прашања поврзани со недостатокот на ресурси, енергетската безбедност, згадувањето на животната средина и заболувањата на популацијата кои можат да предизвикаат бројни проблеми.

Алијансата мора да го покрива целиот евроатлантски безбедносен простор и да биде оперативна вон традиционалните зони на евроатлантскиот простор. Алијансата останува најмоќната светска политичка, одбранбена и воена институција која се соочува со заканите со кои се соочуваат народите од двете страни на Атлантикот и истата настојува да прерасне во глобална организација. Согласно тоа, заедничко мислење на сите земји членки на НАТО е неопходноста од негова трансформација, како и надминување на неговата традиционална зона на интервенција Европа и Северна Америка, а се со цел зачувување на регионалната безбедност, внатрешната стабилност на земјите членки, но и безбедноста на глобално ниво, наспроти новите кризни ситуации, терористички закани, природни или друг вид катастрофи. Стратегиски интерес на НАТО е и принципот на отворени врати, што секако придонесува за монолитноста и јакнењето на внатрешната кохезија на Алијансата. Исто така, приближувањето со Русија е една заедничка стратегиска цел на западните земји и Русија, со што би се финализирала трансформацијата на НАТО во една паневропска организација за безбедност. Процесот на соработка и партнерство е клучен за успешно справување со безбедносните предизвици и ризици кои ги носи новото време, истиот има постигнато значаен напредок преку зголемување на политичкиот дијалог, зголемената доверба меѓу партнерите, транспарентноста, како и развојот на практичната соработка.

На крајот може да се заклучи дека после завршувањето на студената војна па до денес промените во воените стратегии на Алијансата, изразени во нејзиниот Стратегискиот концепт, се иницирани од развојот на безбедносното опкружување, на тој начин вградувајќи нови содржини, надополнувајќи ги старите, а во кои воената моќ и сила не исчезнува. Тажната реалност дека воената сила останува значајна карактеристика на светот во кој живееме посочува дека идејата за постојан мир нема да се реализира во скоро време, наспроти тоа ќе бидеме сведоци на се повеќе внатрешни конфликти кои може да прераснат во регионални војни и секако ќе имаат влијание на глобалните случувања во светот. Сериозно треба да бидат сфатени и безбедносните ризици како тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, нивниот начин на испорака и сајбер нападите кои може да имаат силно влијание на глобално ниво, односно асиметричните закани во услови на глобализација. НАТО и во иднина ќе биде пред

големи предизвици. Мултиплицирањето на безбедносните проблеми и понатаму ќе бараат од Алијансата да го интензивира своето присуство во разните кризни региони како Црното Море, Блискиот Исток, Азија и Африка. Потребата од демократизација, економски и социјален развој на овој регион е голем предизвик за НАТО. За да бидат оправдани стратегиските определби на Алијансата, таа треба да продолжи со стратегијата на ширење на демократијата и стабилноста надвор од евроатлантската област. Во таквото настојување проблемите со кои ќе се соочува Алијансата ќе бидат од политичка, воена, економска, социјална или од друг вид природа, со што концептот на дејствување на Алијансата мора да биде во согласност со новите улоги и мисии.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Атанасовски Т., Пулсот на војната, НИП ПУЛС, Скопје, 1996.
2. Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation adopted by Heads of State and Government in Lisbon, 19 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68580.htm
3. Бакревски О., Координација на безбедносниот сектор- искуства и практики, CETIS, Скопје, 2006.
4. Black J., War, London, Continuum, 2001.
5. Bruce Hoffman, Holly Terror, The Implication of Terrorism Motivated by Religios Imperative, Royal Society of Naval Sciences, Stockholm, 1995.
6. Бункер Р. Џ., Не-државни закани и идни војни, НАМПРЕС, Скопје, 2009.
7. Bucharest Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest on 3 April 2008. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?mode=pressrelease
8. B.H. Liddle Hart, Strategy, Praeger,New York, 1967.
9. Ванковска Б., Меѓународната безбедност во 21 век: војната е мир, мирот е војна, Бомат графикс, Скопје, 2007.
10. Вејновиќ Д., Дефендологија-друштвени аспекти безбедности модерне државе, ВШУП, Бања Лука, 2002.
11. Vukadinovic R, Nuklearne strategije supersila, AUGUST CESAREC, Zagreb, 1985.
12. Гликсман А., Говор рата, ВИНЦ, Београд, 1991.
13. Gordon H.Philip, Allies at War: America, Europe, Crises over Iraq, New York, 2004.
14. Гоцевски Т., Основи на системот на националната одбрана четврто дополнето и изменето издание, Киро Дандаро, Битола, 2005.
15. Група автори, Стратегија во современиот свет, НАМПРЕС, Скопје, 2009.
16. Grupa autora, Vojni leksikon, VIZ, Beograd, 1981.
17. Група автори, Интересите на Република Македонија за членство во НАТО, Македонска ризница, Куманово, 2007.
18. Даниген Џ.Ф., Како водити рат, ВИНЦ, Београд, 1993.
19. Даскаловски С., Вооружените сили на Македонија, прво издание, НИП Студентски збор, Скопје,1998.
20. Даскаловски С., НАТО трендови во димензионирањето на вооружените сили и трошоците за одбрана, Годишен зборник, книга 63, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2010.
21. Даскаловски С., Развојот и доградбата на моделот на воената организација на Република Македонија, Зборник на трудови, Меѓународната научна конференција „Балканот–безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница", Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Охрид, 2010.

22. Даскаловски С., Војникот носител на мирот, Годишен зборник, книга 64, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофскиот факултет, Скопје, 2011.
23. Declaration of the Heads of State and Government Participating in the meeting of the North Atlantic Council, 11 January 1994 - M-1(94)3. http://www.nato.int/docu/comm/comm94.htm#summit94
24. Declaration on Alliance Security, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009. http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease
25. Димишковски С., Војна, војска и политика, НИП ГЛОБУС, Скопје, 1994.
26. Димишковски С., Основи на Националната одбрана на Република Македонија, НИП Глобус, Скопје, 1996.
27. Javorovic B., Pristup odbrani, zastiti i sigurnosti, Hrvatski vojnik, Zagreb, br.71-2001.
28. Кенков В., Безбедносни предизвици на глобализацијата, Зборник на трудови, Меѓународната научна конференција „Балканот–безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница", Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Охрид, 2010.
29. Киркова Р., Статусот на Косово меѓу минатото и иднината, Македонска ризница, Куманово, 2004.
30. Клаузевиц К., О рату, Београд, 1951.
31. Котовчевски М., Национална безбедност на Република Македонија-трет дел, Македонска цивилизација, Скопје, 2000.
32. Котовчевски М., Етиологија на вооружените конфликти, Бомак Графикс, Скопје, 2007.
33. Кронин О., Лудс Џ. М., Напад на тероризмот, НАМПРЕС, Скопје, 2009.
34. Lisbon Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Lisbon, 20 Nov. 2010. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68828.htm?mode=pressreleas
35. Мартин В. Кревелд, Трансформација на војната, Табернакул, Скопје 2009.
36. Нано Р., НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Инк-Интернационал, Скопје,2005.
37. Nato Handbook 2001, Nato office of information and Press, 1110 Brussels, Belgium.
38. Nato Handbook 2006, Nato office of information and Press, 1110 Brussels, Belgium.
39. Нацев З.,Поим и карактеристики на современата војна, Годишен зборник, книга 24(50), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Скопје,1997.
40. Нацев З. и Начевски Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000.
41. Нацев З. и Начевски Р., Безбедност и националната одбрана, Македонска ризница, Куманово, 2001.
42. Нацев З. и Котовчевски М., Дефендологија-второ дополнително и изменето издание, Македонска ризница, Куманово, 2005.
43. Нацев З., Авторизирани предавања за постдипломски студии од областа на безбедноста.
44. Nick Pratt, The New Terrorism, 2003.
45. Панев Т., Основи на полемологијата, 2-ри Август С, Штип, 2000.
46. Pauel T.V., States, Security Functions and the New Global Forces, Montreal, 2000.
47. Прирачник за НАТО, 2001, Office of information and Press, NATO-1110 Brussels-Belgium.
48. Рејмонд А., Мир и рат међу народима, Голден Маркетинг, Загреб, 2001.

49. Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006.
50. http://www.nato.int/docu/pr/2006/p06-150e.htm
51. Rome Declaration on Peace And Cooperation, Rome, 8th Nov. 1991. http://www.nato.int/docu/comm/comm91.htm#summit91
52. S. Biddle, Military power, Princenton University Press, Princeton, 2005.
53. Simpkin R. E., Nametanje u brzini manevra, O ratu u XXI veku, VINC, Beograd, 1991.
54. Современа Македонска Одбрана, Министерство за одбрана, 2007 Јуни, бр. 15.
55. Современа Македонска Одбрана, Министерство за одбрана, 2007 Декември, бр. 16.
56. Современа Македонска Одбрана, Министерство за одбрана, 2010 Април, бр. 19.
57. Современа Македонска Одбрана, Министерство за одбрана, 2010 Септември, бр. 20.
58. Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2003. http://www.sipri.org/yearbook/2003/files/SIPRIYB0301.pdf
59. Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2005. http://www.sipri.org/yearbook/2005/files/SIPRIYB0501.pdf
60. Stockholm International Peace Research Institute, Yearbook 2007. http://www.sipri.org/yearbook/2007/files/SIPRIYB0701.pdf
61. Summit meeting of the North Atlantic Council, 22 February 2005. http://www.nato.int/docu/comm/2005/0222-nato/050222-summit.htm
62. Сун Цу, Вештина на војувањето, Штрк, Скопје, 1996.
63. The Alliance's New Strategic Concept, agreed by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council, 07 Nov. 1991 – 08 Nov. 1991. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_23847.htm
64. The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C., 24 Apr. 1999. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en
65. The Military Balance 2010, The annual assessment of global military capabilities and defence economics, IISS, February 2010. http://www.iiss.org/publications/military-balance/the-military-balance-2010
66. The Military Balance 2011, The annual assessment of global military capabilities and defence economics, IISS, March 2011. http://www.iiss.org/publications/military-balance/the-military-balance-2011
67. The National Security Strategy of the United States of America, September 2002.
68. The National Security Strategy of the United States of America, March 2006.
69. THE NATO HANDBOOK, 50-th Anniversary Edition, Office of Information and Press, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998.
70. The US Army/Marine Corps Counterinsurgency Field Manuel by United States.
71. The Washington Declaration, Signed and issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C. on 23rd and 24th April 1999. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-063e.htm
72. Thomas E Ricks, The Gamble: General David Petraeus and the American Military adventures in Iraq, 2006-2008.
73. U.S. Government, Counterinsurgency Guide, United States Government Interagency counterinsurgency initiative, January 2009.
74. Freedman L., The Evolution of Nuclear Strategy, St. Marin's Press, New York, 1981.

75. Фридман Л., Револуцијата во стратешките работи, Магор, Скопје, 2009.
76. Фукујама Ф., Крајот на историјата и последниот човек, Култура, Скопје, 1994.
77. Central Intelligence Agency, www.cia.gov/terrorism/index.html
78. Colin S. Gray, Modern Strategy, Oxford University Press, Oxford, 1999.
79. http://www.arrc.nato.int/alliedrapidreactioncorps.aspx
80. http://www.europeansecurityanddefence.info/Ausgaben/2011/01_2011/01_Rasmussen/Rasmussen.pdf
81. http://www.eurocorps.org/
82. http://daily.mk/Sitel/pretstaven-smart-defence-noviot-koncept-na-nato/1009163
83. http://www.1gnc.org/home/
84. http://www.mncne.pl/
85. http://www.nato.int/nrdc-it/index.htm
86. http://www.ndc.gr/
87. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11281183835&id=9&prilog=0&setIzdanie=22442
88. http://www.sipri.org/yearbook
89. http://www.hrf.tu.nato.int/